УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - С К О П Ј Е

Филозофско-историски факултет

# ПРОСВЕТАТА И КУЛТУРАТА ВО ШТИП И ШТИПСКО ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

- магистерски труд -

Ментор

проф.д-р Александар Апостолов

Кандидат

Кирил Цацков

Штип, 1989 година

# В О В Е Д

Поттик за нашето определување кон оваа тема, покрај личните афинитети беше и потребата да се даде еден поцелосен и заокружен приказ на богатото културно, просветно и спортско живеење на жителите од Штип и Штипско во еден многу значаен временски период од неговото историско минато.

Самиот наслов на темата укажува дека се работи за специфична материја, која бара директно навлегување во конкретна и жива ситуација, бара ретроспективен поглед врз еден исечок од целокупното живеење на народот од овој крај.

Иако се определени временските и просторните координати, актуелноста на темата продолжува со своите животни импулси и во современиот копнеж по животот. Затоа и се чувствува потреба за расветлување и обработка на една значајна област од животот на граѓаните од Штип и Штипско во периодот помеѓу двете светски војни. Инаку, не би рекле дека и досега не се правени обиди да се фрли светлина на овој временски период, но, се чини, дека тие биле парцијални, некомплексни, а понекогаш и засновани не на податокот и аргументот, туку на сеќавања и тоа со носталгичен, а не ретко и емоционално обоени.

Преку комплексното истражување и научниот приод кон прашањата поставени во темата би се овозможило автентично видување и максимално доближување до суштината што го детерминирала духовниот живот на штипјани во ова време и би рекле не само на штипјани, туку и пошироко, затоа што сите битни

./.

компоненти карактеристични за овој град правени се обиди да се доведат во врска и во контекст и културните прилики на еден карактеристичен период од историјата на целиот македонски народ.

Треба да се нагласи дека основниот извор при изготвувањето на овој труд беа архивските материјали, посебно Архивот на Југославија во Белград, а потоа и Архивот на СРбија, Архивот на Македонија во Скопје и Историскиот архив на град Штип. Исто така, беа користени и одделни сеќавања, напишани и оформени, како и сеќавања на некои луѓе кои директно биле и креатори на културниот, просветниот и спортскиот живот во градот од ова време.

На сите нив, чувствувам потреба, на овој начин да им се заблагодарам, а посебно сакам да ја истакнам помошта на мојот ментор проф.д-р Александар Апостолов чие стручно и несебично залагање придонесе овој материјал да биде обликуван и среден.

- - -

# ГЕОГРАФСКО ИСТОРИСКИ ОБЕЛЕЖЈА

Градот Штип се наоѓа во источниот дел на СРМ - расположен на тромеѓието од Лакавичката, Кочанската и Овчеполската котлина.

На југозапад територијата на општината Штип со мал дел граничи со територијата на општината Титов Велес, а на поголема должина со територијата на општината Неготино. Југоисточната граница ја одделува територијата на општина Штип од територијата на радовишката општина. На североисток Штип граничи со општините: Виница, Кочани и Пробиштип. Северозападната граница на територијата на општина Штип допира до Св.Николе. (сл.бр.1). Растргната меѓу ридовите: Исар, Мери и Кумлак, малата река Отиња градот го дели на два симетрична дела: јужен и северен, а покрај него тече историски познатата по многу настани реката Брегалница.

Поволната географска положба, конфигурацијата на теренот и влијанието на медитетанската клима детерминирале Штип уште во минатите векови да се развие во значаен стопански и трговски центар. Токму оваа поволна регионална положба, која уште од неговото формирање па се до денес, со повремени осцилации во димензиите на нејзиното значење, претставувала примарен фактор за неговиот растеж и целокупниот економски и културен развиток.

Во минатото во Штип се вкрстувале повеќе познати патишта.

./.

"Еден од нив бил трансверзалниот пат кој доаѓал од Стоби и преку Астибо водел кон Пауталија (Ќустендил) поврзувајќи ги долините на Вардар и Струма. Подоцна, кога на Балканскиот Полуостров до израз дошло и значењето и на Лонгитудијалните патишта, еден таков познат под името Серски или Голем Пат, што доаѓал од кон Овче Поле, поминувал низ Штип и продолжувал кон Лакавичката котлина кон Серес".[1] Тоа е, всушност патот Скопје-Штип-Солун што водел преку Овче Поле и Лакавичката котлина, и кој до изградбата на вардарската железница 1873 година ја поврзувал внатрешноста на Балканскиот Полуостров со Егејско Море и Солун.

Токму оваа Географска положба придонела градот Штип уште од неговото античко постоење преку, многубројните феудални господари во раното средновековје и доаѓањето на Турците од XV па се до XX век, да биде примамлив за многу освојувачи.

Денешното име на градот настанало од неговиот антички назив, кој за првпат во историските документи се споменува во првиот век од нашата ера под името Астибо. Во византискиот период градот се јавува под името Стипион. Со доаѓањето на Словените, при крајот на VI и почетокот на VII век, старото име на Астибо тие го сообразиле на својот словенски јазик Стипион од кое подоцна ќе произлезе денешното име на градот - Штип. Словените на градот му дале словенски етнички карактер.

---

1. Васил Нетков: Положба, природни услови, население, топографски развиток и тип на градот Штип, Астибо I до XX век, 1964 година, страна 13

Слика број 1



## ОПШТИНА ШТИП



За време на бугарскиот хан Персијан (836-852) Штип бил под бугарската власт и останал бугарски се до 969 година. За одбележување е дека за време на покрстувањето на Сагудатите на реката Брегалница во штипскиот крај за првпат била применета словенската азбука глаголица. Потврда за ова се Кириловите зборови во таканаречената Солунска легенда во која се вели: "И приведеше мене во град Равн на реце Брегалнице. Аз написах им 32 слове. Аз их мало учах и они сами многу преобратаху".[2]

За време на Самуиловото царство Штип е во состав на неговата држава и останува се до крајот на 1014 година, кога византискиот цар Василие II ги освоил Штип, Прилеп и Битола. Подоцна Штип е под власт на српската Немањичка држава и така останува се до паѓањето под Турците 1395 година. Туѓинските завојувачи од овој период оставиле и свои историски обележја кои денеска претставуваат гордост на овој град. Од нив би ги издвоиле само црквите на Исарот: Св.Архангел, Св.Јован и Св. Спас.

Со доаѓањето на Турците во XIV век, настанале крупни промени во целокупното живеење на градот. Тој ја менува и својата физиономија. Се менува и духовниот живот на населението.

Во XVII век Штип се споменува како град со повеќе џамии, теќиња, амами и голем керван-сарај, што недвосмислено укажува дека во тоа време во Штип живееле голем број турско население. Може да се каже дека се до средината на XIX век

2. Астибо - Штип, I - XX век, 1964 година, страна 28

Штип имал налик на турски град.

Во првата половина на XIX век Штип бил познат трговско-занаетчиски град со богата развиена структура. Меѓу другите компоненти, како што веќе рековме, што го условиле неговиот занаетчиски и трговски растеж била и неговата географска положба. Од особено значење бил патот што минел низ Штип, а го поврзувал Солун со Белград и Софија. За услужување на богатите трговци и на караваните што минувале и останувале во Штип за да ја остават и да земат стока, се развиле многу услужни занаети какви што биле: сарачи, ортомари, налбати, самарџии, крпачи, казанџии и други. Штипските трговци, пак нуделе жито, афион, ориз, тутун, афионско семе, катран, вино и друго.

Овој богат трговско-занаетчиски живот овозможил да се развие и младата штипска буржоазија која започнала да го менува и духовниот живот на народот, а колку повеќе економски јакнела, толку повеќе и национално се осознавала. Меѓутоа, ова сѐуште беше само најава на тешка борба што го очекуваше македонскиот народ до конечна победа и признавање на неговиот национален идентитет.

Овие настојувања за слободен живот и национална осознаеност, започнуваат при крајот на XIX век и се врзани за името на македонскиот идеолог, еден од апостолите на македонското револуционерно движење Ѓорче Петров, кој во Штип учителствувал од 1885 до 1887 година. Нема дилеми дека тој ги поставил и основите на првата борба против петвековниот поробувач.

./.

Кога станува збор за зачетоците на револуционерната борба во Штип и Штипско посебно значење за нејзиниот развој имаат Гоце Делчев и Даме Груев, кои во последната деценија на минатиот век, поточно од 1894-1896 година биле учители во Штип и штипско Ново Село.

Престојот на Гоце Делчев и Даме Груев во Штип е од огромно значење за ширење на Револуционерната идеја не само за Штип и Штипско туку за цела Македонија. Оттука започнуваат факелите на веќе организираната борба на македонскиот народ. Покрај тоа престојот на Гоце и Даме во Штип е од особено значење и за растежот на едно модерно школство, сообразено со тековите и барањето на времето и воопшто за целокупниот просветен живот во градот. Гоцевото учителствување во Штип го продолжил континуитетот на една богата училишна традиција која пред него достигна кулминација за времето на познатиот штипски учител Јосиф Ковачев, (1839-1898). Исто така, како што ќе спомнеме подоцна, има реални претпоставки дека Гоце Делчев со учениците припремал и театарски изведби, со што и се врзал за зачетоците на театарскиот живот во Штип.

До кој степен беше стигната македонската национална осознаеност, најдобро покажува создавањето на ТМОРО 1893 година во Солун.

И конечно, Илинденското востание и првата република на Балканот - Крушевската, врвна придобивка од организираната национална револуционерна борба на македонскиот народ.

За периодот по Илинденското востание до Младотурската револуција се засилуваат акциите на странските пропаган-

ди на соседните балкански држави: Бугарија, Грција и Србија. Всушност, тие со своите постапки кон Македонија се однесуваат потполно завојувачки. Особено до израз дошла бугарската оружана и друга пропаганда што ја воделе врховистите со поддршка на Хабзбуршкиот царски двор и владата во Софија. Нејзината главна цел била искоренување на Македонската револуционерна организација и ликвидирање на нејзините раководни кадри, а со тоа и ликвидирање на извојуваните придобивки на македонскиот народ во Отоманската империја во областа на просветата, школството и културата. За оваа цел Бугарскиот двор ќе ангажира средства да ја засили својата пропаганда кон Македонија со најразновидни шпекулации и интриги. Во овие настојувања на бугарскиот двор многу ќе придонесе и егзархискиот апарат. Сето ова ќе предизвика судири на македонската интелигенција со Егзархијата. Тоа ќе услови и голема стагнација во полето на развојот на школството во Штип и Штипско. Борбата на интелигенцијата со Егзархијата се засилува особено по создадените афери и ќе трае сѐ до 1910-1911 година.

Во таква политичка атмосвера, време на прогони, убиства и самоволија, македонскиот народ ќе ја дочека и Првата и Втората балканска војна, во својата суштина империјалистички - завојувачки и фатални за иднината на македонскиот народ. Карактерот на Првата и Втората балканска војна не само што не го реши македонското национално прашање, туку напротив наметнала нови ропства потешки и поперфидни.

Од сѐ ова најфатален за судбината на македонскиот народ бил Букурешкиот мир од 10август 1913 година со кој дојде до распарчување на македонскиот национален интегритет.

"За македонскиот народ на место едно дојдоа три нови ропства, едно од друго потешки: грчко, бугарско и српско. Веднаш по завршувањето на Втората балканска војна и изгонувањето на Турците, српските воени власти воспоставија воено полициски и управен апарат поткрепен со силата на воените судови. Во Македонија, започнува нов терор чии носители биле окружните и српските началници, воени и полициски старешини, сите до крај одани на малосрпската национална кауза".[3] Започнала масовна, смислена и организирана денационализација на македонскиот народ почнувајќи од училиштата каде наставата се изведувала на српски јазик, преку установите и администрацијата и присилно да го менува своето презиме да завршува со "иќ". Ваквата политичка клима ќе се задржи се до доаѓањето на новото ропство, овој пат бугарско, 1915 година. Сето ова време носи белег на присилна асимилација, овој пат бугарска, неизвесност, неоврховистичка одмазда, а терористичките банди добиле свој легалитет. Тоа се нови црнила на македонскиот народ. Сето ова траело сé до 26.09.1918 година кога во Штип влегле сојузничките војски и коњаничката дивизија на Првата српска армија и Југословенската доброволечка дивизија. Градот на реките Отиња и Брегалница повторно се најде под ропство. Долгоочекуваната слобода и овој пат остана само илузија и надеж дека, сепак, еден ден ќе дојде и тоа.

3. Историја на Македонскиот народ, книга II, дел IX, глава II, страна 379

./.

# ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ И КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИ ПРИЛИКИ ВО ШТИП И ШТИПСКО ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

За да се осветлат сите компоненти што даваат тон на општествено политичкиот и духовниот живот на Штип и Штипско меѓу двете светски војни, нужно е тие да бидат согледани во контекст на општествено политичката, културната, просветната и книжевната состојба во која се најде целиот македонски народ. Овој живот во Штип бил само дел од една општа состојба на веќе поделената Македонија. А каква била таа?

Со Версајскиот договор од 28.06.1919 година била верифицирана поделбата на Македонија од 1913 година. Настапиле најтешките денови од националната историја на македонскиот народ. "Првата светска војна, која заврши со Версајскиот диктат од империјалистичките сили, доведе до прекројување на картата на Европа и до нова вештачка поделба на Македонија, меѓу трите балкански држави СХС, односно Југославија, Грција и Бугарија".[4] Првенствена задача на владите од трите буржоаски земји била да се мистифицира и фалсифицира македонското историско минато со цел да се покаже српското, грчкото или бугарското потекло на македонскиот народ. Започнала силна денационализаторска политика. Овие насилствени, во својата суштина дехуманизирани методи, особено нечовечки размери земале во Грција каде со закон било забрането да се зборува на македонски јазик, оние на кои љубовта спрема родниот збор била посилна од сѐ, биле интернирани во внатрешноста на Грција или про-

4. Историја на македонскиот народ, книга III, НИП "Нова Македонија", Скопје 1969 година, страна 7

гонувани по островите. Особено трагичен момент, еден од најболните во тешката историја на македонскиот народ бил оној што го означил склучувањето на конвенцијата помеѓу Грција и Бугарија, за "доброволно" иселување на Македонците од Егејска Македонија во Бугарија иа Бугарите од Тракија и на Грците од Бугарија 1923 година. Иако Конвенцијата предвидувала доброволно иселување, таа се претворила во своевиден трагизам, бидејќи луѓето со најбрутални средства биле принудувани да ги напуштат своите родни огништа. Така еден огромен број Македонци се нашле расфрлани по одделни краишта на Бугарија. Најтешки мигови македонскиот народ, кои историските прилики го одредиле да живее под грчка доминација, имал за време на Метаксовата диктатура. "Диктатурата особено се нафрлила против Македонците во Грција, сметајќи ги нив за опасни луѓе за безбедноста на Грција. Македонското население од цели погранични области е интернирано, неколку илјади старци се малтретирани по участоците поради тоа што биле фатени да говорат на свој мајчин јазик".[5] Единствен сојузник македонското прашање можело да најде само во Комунистичката партија во Грција, но и таа не се покажала на висина, а не наоѓала ни доволно сили ни доволно разбирање за овој поробен народ. Во такви услови на живеење илузорно било да се очекуваат било какви активности од областа на културата и литературата.

5. Исто, страна 271

Во не помалку сносливи услови живееле и Македонците од Пиринска Македонија. За да се покаже бугарското потекло на Македонците, не се почитувале ни историските ни научните вистини. Покрај тоа, бугарските власти вешто умееле да ги користат сплетките, махинациите и меѓусебните пресметки на предавниците на македонскиот народ, крвниците од типот на Тодор Александров и Ванчо Михаилов, кои ги употребувале како инструменти за убиството на прогресивните македонски дејци (Ѓорче Петров, Тодор Паница, Јане Сандански и други). Колку била трагична положбата на Македонците во Пиринскиот дел, најрелјефно се илустрира во една дописка објавена во "Македонско дело" од 25 септември 1925 година во која покрај другото се вели: "убиства, мизерија и глад ете ја положбата на Македонија под бугарска власт".[6] Стремежите на македонскиот народ за својата слобода единствено ги изразуваше ВМРО (обединета), која прими изразит македонски национален карактер. Во една декларација на Обласниот комитет на ВМРО (обединета) во врска со барањето на Македонците од Егејска Македонија изнесени во "Ризоспастис" за свои училишта и јазик 1935 година, се зборува: "Како што Македонците под Грчка власт не се ниту "Славофони" ниту "чисти"Грци", како што Македонците под српска власт не се "прави Срби", така и Македонците под бугарската власт не се Бугари, ниту пак сакаат да останат такви".[7]

---

6. Исто, страна 213

7. Исто, страна 233

./.

Многу членови на оваа организација, особено по нејзиното расформирање, самопрегорно работеле на национално-културната афирмација на македонскиот народ. Оваа активност се одвивала преку најразлични форми: литературни и културно-просветни кружоци, театарски дружини и печатот. Особено видлива била работата на Македонскиот народен студентски сојуз. Во 1935 година започнало да излегува списанието на Ангел Динев "Македонски вести" кое одиграло значајна улога во афирмацијата на македонското национално дело и македонската култура. Во ова списание ја започнале својата најава и многу македонски писатели од овој дел на Македонија. Со својот прогресивен карактер се истакнувал и весникот на покојниот Митко Зафировски "Македонска земја". Од судбоносно значење за развиток на македонската култура во Бугарија била појавата на македонските писатели и нивните литературни дела со изразито родолубиви теми и пишувани на македонски јазик. На преден план би ја навеле драмата на Никола Киров "Илинден" 1923 година, потоа поетските збирки на Коле Неделковски, Венко Марковски и Волче Наумчевски. Својот целосен облик оваа афирмативна дејност на македонската литература и култура ја добила во илегалната работа на македонскиот литературен кружок во Софија од 1938 година чии членови биле Антон Попов, Никола Вапцаров, Кирил Николов, Ѓорѓи Абаџиев, Димитар Митрев, Коле Неделковски, Димитар Зафировски и други. Многу книжевни и полемички написи на Антон Попов и Димитар Митрев не останале непознати за Македонците од Вардарска и Егејска Македонија.

Непризнавањето на македонскиот национален индивидуалитет и напорите да се прикаже Македонија како стара татковина и лулка на српството, биле во основата на сите настојувања на големосрпскиот хегемонистички режим во докажувањето на српското потекло на Македонците.

Оваа вистина за положбата на македонскиот народ во државата на СХС, останала непроменета политика на режимот спрема овој народ сé до неговиот крај од 1941 година. И во овој дел на својата распарчена татковина македонскиот народ се до создавањето на КПЈ не можел да најде свој верен сојузник во борбата за остварување на своите национални идеали. Така Комунистичката партија на Југославија станала првата организирана сила која правилно го поставила македонското прашање во Програмата на своето дејствување и му останала верна се до конечната победа на македонскиот народ. Но, ова не одело ни така лесно, ни така едноставно. Уште истата година помеѓу 29 и 30 декември 1920 година, режимот на Александар Караѓорѓевиќ ја донела таканаречената Обзнана со која КП се става надвор од законот со цел да се уништи во својот почеток било какво революционерно раздвижување. Македонија како територија со развиена организација на КПЈ со Обзнаната била тешко погодена. Оваа положба уште повеќе се влошила со донесувањето на Видовденскиот устав од 28.06.1921 година од Уставотворната скупштина на Кралството Југославија.

./.

Иако напредното движење на Македонија доживеало многу кризни моменти во овој период, никогаш не престанало со своето дејствување. Тогашниот секретар на КПЈ, Сима Марковиќ одново го активирал, макар и погрешно, македонското национално прашање, а од 1925 година во револуционерниот живот на Македонија се почувствувало и влијанието на новоформираната ВМРО (обединета). Ни воведувањето на злогласната монархо - фашистичка диктатура од 06.01.1929 година, не успеала да стави крај на еден започнат и жив процес на револуционерна активност. Кога за генерален секретар на КП бил поставен другарот Јосип Броз Тито и формирал нов ЦК на КП, македонското национално прашање засекогаш било поставено на марксистичко-ленинистички позиции, што било и логичен крај на една тешка борба.

Кралството СХС како форма за реализирање на своите пропагандистички цели во негирањето на македонското постоење го користела и печатот. Тоа, иако во однос на другите краишта на Кралството значително во помал обем, колку и да ја постигнувал својата цел, овозможил во Македонија да се појави процес на раздвижен културно-книжевен живот, кои во развојот на македонската литература е од непроценлива важност. Вистината дека Македонија била заостаната културно - просветна средина е непобитна. Фактите покажуваат поразувачка слика. Училишните и просветните услови биле сведени на минимум, а процентот на неписменоста огромен. Тој број

./.

бил поголем само во Босна и Херцеговина. Оваа состојба била условена од повеќе причини: традицијата, социјалните, османлиското наследство, но главно е детерминирана од општата ситуација во која се најде македонскиот народ во составот на државата СХС.

Спрема податоците на "Наша реч"[8] статистиката од 1921 -1922 година покажувала дека процентот на неписмените во Македонија изнесувал 81,05 %. Овој процент една година подоцна бил уште позагрижувачки. Од 1.584.081 жител колку имало тогаш во Македонија, бројот на неписмените изнесувал 1.030.995 или во проценти 70 %. Во Македонија бројот на писменото население изнесувал само 553.116. Бројот 9 - 10 на "Наша реч" од 5 јануари 1940 година донесува и табеларен преглед на просечната писменост по околиите на Македонија.[9] Овие податоци јасно зборуваат дека имало ретко околија во која бројот на писмените го надминувал бројот на непосменото население.

Бројките се логичка последица, ако се знае колку во ова време имало вкупно училишта: основни и виши народни училишта 1145, граѓански 15, средни 16, учителски 1, трговски и академии 2 и земјоделски 3. Податоците покажуваат дека во 1931/32 година во Македонија на едно средно училиште доаѓале преку 10 илјади жители. Ако на ова се додаде неверојатно ма-

---

8. Дејан Алексиќ, "Наша реч" 1939-1941, од историјата на напредниот печат во Македонија, "Култура" Скопје, 196о година, страна 210

9. Повеќе за ова од табеларниот преглед на "Наша реч" прикажан во бројот 9-1о од 5 јануари 194о година

./.

лиот број учители, тогаш се добива реална слика за просветните и училишните услови во Македонија меѓу двете светски војни.

Овие катастрофално тешки културно-просветни прилики во кои се нашол македонскиот народ ги потврдува и самиот министер на просветата во еден свој извештај во текот на 1923 година. "Поради ваквите прилики во овие краишта на земјата, министерот препорачувал да се обрне големо внимание и да се поделат поголеми суми на средства за отварање на училишта, посебно во Македонија каде што се наоѓал најголем број на неписмено население. Бројот на основните училишта требало постојано да се зголемува, а сообразно со тоа и бројот на учителите. Секое поголемо село требало да има свое училиште и да го посетуваат, како машките, така и женските деца. Требало да се доделат средства за поправка на училишта што пострадале за време на војната, а исто така и за градење на нови училишта. По оние места каде што немало доволен број на ученици требало да се отвори по едно одделение и да се сочува училиштето за наредните генерации".[10]

---

10. Д-р Марија Јовановиќ, "Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929)", НИО "Студиски збор", Скопје, 1983 година, страна 145

./.

# ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛНИОТ ЖИВОТ ВО ШТИП И ШТИПСКО ПО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Тешката економска положба во која се најде македонскиот народ по шестогодишната исцрпувачка војна се одрази и во животот на населението од Штип. Стопанскиот живот во овој град доживеал незапамтива стагнација. Судбината на македонскиот народ, со извесни специфичности ја делеа и штипјани.

Македонија пред војната немала ниту една фабрика за тутун, поради што монополите претставувале единствена можност за вработување. По неколку месеци во годината луѓето останувале без работа и тогаш само тие знаеле колкава е тежината на сиромаштијата. Излез од таа ситуација било одење на печалба, онаа, "најтрагичната страна од животот на македонскиот човек веќе столетици години"[11] како што забележува покојниот Јован Бошковски. Зборувајќи за проблемот за печалбарство во Македонија, академикот Кирил Миљовски, аналитички и аргументирано, наведува дека "текуштата безработност и аграрната пренаселеност доведоа до масовно и економско емигрирање во страните земји или во другите краишта во државата СХС. Се смета дека во периодот од 1921 година бројот на постојаното иселување од Македонија во странство изнесува околу 38 000 лица. Истовремено печалбарењето т.е. привремено иселување од Македонија во другите краишта на Југославија и враќањето во Македонија каде што се поминувало неколку зимски месеци, земаше се поведе размери".[12]

---

11. Јован Бошковски: Македонската драма "Кочо Рацин", Скопје, 1961 г. страна 13
12. Кирил Миљовски: Македонското прашање во националната програма на КПЈ од 1919-1937 година, "Култура", Скопје, 1962 година, страна 29

Може да се каже дека и градот Штип ја доживеал истата судбина пред сè, војните голтнаа големи човечки жртви. "Од 15 314 жители колку што имаше Штип непосредно пред војната според една статистика од 1921 година, градот остана со 11 191 жители. Речиси повеќе од една четвртина од населението, и тоа стопански најактивното, или е загинато за време на војната или пак е емигрирано бегајќи пред воената стихија".[13] Богатите традиции на штипското занаетчиство започнале да пропаѓаат. Селското стопанство исто така не можело да зафати чекор во изменетите услови на живеење. За економското пропаѓање на занаетчиите придонесоа и индустриските производи. Затоа многу занаетчии останале само пауперизирани работници и не можеа да се трансформираат во индустриски пролетаријат, бидејќи Штип освен мелницата на Брегалница, немаше ниту еден друг индустриски капацитет. Од друга страна Штип го загубил и значењето на комуникативен центар, онаа што со стотици години беше негово главно обележје. Голем дел од населението на Штип се занимало и со земјоделство, но и тоа не ги обезбедувало ни најелементарните потреби за едно човечко живеење. Животот на селаните бил уште потежок. Тие сонувале за некаква слобода, за некаква аграрна реформа која требало да им ја врати земјата заграбена насилно од Турците. Навистина по Првата светска војна, аграрната реформа била спроведена, но како?

---

13. Коле Едровски: Штип меѓу војните, 1919-1941, ASTIBO - Штип од I-XX век и НИП "Трудбеник" Скопје, 1964 година, стр.60

Затоа надежите на народот и овој пат останале празна илузија аграрната реформа значела колонизација на Македонија. Решавајќи го социјално-економското прашање кралската влада го реализирала планот за националнизирање и асимилирање на македонскиот народ. "Со воведувањето на колонијалната управа во Македонија без устав, без учество на македонскиот народ во власта, со воведување на српскиот јазик во училиштата и администрацијата, со доведувањето чиновници од Србија, а од друга страна со масовното иселување на Турците, се создаваа услови за колонизација на Македонија".[14] Од започнувањето на колонизацијата во 1919 година па сé до почетокот на 1920 година во штипско се населени 152 семејства. Меѓутоа, аграрната реформа во овој крај не само што не ја подобри положбата на населението, туку напротив, уште повеќе ја влоши. На територијата во Штипско беа доселени колонисти од Србија, Лика, Црна Гора, Далмација и од други краишта на кралството на Југославија и се формираа населенички населби. Такви во околината на Штип биле: Дољани каде што уште во 1920 година биле населени 121 семејство колонисти, иако немало доволно земја ни за месното население, понатаму во Карбинци, Таринци, Драгоево, Врсаково, Криви Дол и други. Понекогаш се одеше и до таму што се формираа и нови колонистички населби. Таков е случајот со Ново Батања основано 1924-1925 година. Треба да се спомне и тоа дека земено

---

14. Александар Апостолов: Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, "Култура" - Скопје, 1966 година, стр.3[illegible]

општо овие доселенички семејства одржувале добри односи со месното население во штипско со исклучок на поединци. Покрај ова може да се зборува и за некои позитивни резултати од колонизацијата. Тоа пред се се однесува на помодерното обработување на земјиштето, разработување на необработени површини на земјата, меѓу колонистите имало голем број интелектуалци, лекари, инженери, агрономи и друго. Подобрување на здравствените услови за живеење, подобрување на хигиената, а "како позитивна страна на колонизацијата може да се оцени и контактирањето на југословенските народи собрани на вака мал простор, макар на еден вештачки начин што ќе има влијание и на оние појави на доближување што погоре ги спомнавме".[15] На колонизираните места во штипско, можеби, врвен придонес на колонистите од овие места е учеството на поединци во Народноослободителната борба. За овој мизерен живот, што внесувал неспокојство и несигурност во животот на луѓето од Штип и штипско, придонесува и односот и примитивните методи на кралската цивилна и полициска власт, а најмногу теророт што го вршеле бившите четнички војводи и нивните иживувања, над, невиното население. Згора на сето, тука се и агентите на Тодор Александров и Александар Протогеров, кои преку најразлични политички махинации и уцени внесуваа немири во животот на народот.

15. Исто, стр.154

./.

# СЕЛА ВО ШТИПСКО НАСЕЛЕНИ СО КОЛОНИСТИ



Можеби највпечатлива слика за економската состојба на Штип во тоа време се зборовите на Љупчо Ефремов, кој во своите сеќавања за ова време пишува: "Во годините после големата светска економска криза од 1929 до 1932 година, градот Штип и неговата околина како и цела Македонија беше економски крајно заостанат крај, а народот крајно обесправен и експлоатиран жестоко, национално прогонуван и игнориран, со висок степен на невработеност и сиромаштво. Индустрија во градот немаше. Едини индустриски објекти претставуваа електричната централа и електричната мелница сопственост на Васил Пуздерлиски, во кој имаше вработено по неколку работници. Поради тоа во градот не постоеше индустриска работничка класа како што не постоеше ни крупна индустриска и трговска буржоазија. Занаетчиството и трговијата беа главни стопански гранки во градот, во кој доминираа ситните занаетчии и ситните трговци, а на село секогаш презадолжените ситни земјоделци, со изразити интенции на забрзано пропаѓање и пауперизирање на сите нив, како последица на бруталната социјално - економска и национална експлоатација и угнетеност".[16]

Занаетчиството, и покрај богатата традиција наследена уште од турско време, се нашло исто така во многу тешка положба. Едно од причините за ваквата состојба е пропаѓањето на селско-стопанското производство, кое по тешките исцрпувачки војни не беше во состојба да ги прифати занаетчиските производи. Колку е ова карактеристично потврдува податокот дека

16. Љупчо Ефремов: Сеќавања 1935-1941 година, ракопис, стр.1 Фонд Мемоарска граѓа, Историски архив на град Штип

од вкупно 1 724 занаети, 1 325 биле во врска со земјоделството. Од друга страна индустриското производство што доаѓало од индустриски развиени делови од север, безкрупулозно ги елиминираше многубројните занаетчии кои под овој удар никако не можеле да фатат чекор со новото време.

Оваа извонредно тешка економска состојба во Штип и Штипско остана како главна негова определба сè до почетокот на новата војна.

---

# ПРОГРЕСИВНИТЕ ИДЕИ И ВЛИЈАНИЕТО НА КПЈ ВРЗ ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ ВО ШТИП И ШТИПСКО МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Во такви несносливи услови на живеење и покрај изострените спротивности во градот беа создадени услови за ширење на револуционерните идеи на КПЈ и клима за создавање на првите нејзини клетки.

Основачкото собрание на КПЈ во Штип беше одржано на 7 септември 1919 година и првата организација броеше околу 20 члена. За жал, под силен притисок на власта, закани и уценувања веќе во почетокот на 1920 година организацијата престана со својата работа. Токму и поради тоа, таа и не можеше да учествува на општите избори на 22 август 1920 година. Но, затоа пак народот буквално ги бојкотираше изборите и од 2 327 гласачи на изборите се појавија само 832. Уште покарактеристичен е односот на народот и граѓаните во Штип и Штипско спрема изборите одржани на 28 ноември 1920 година во кои народот јасно и гласно се произнесе за кандидатите на КПЈ, затоа што само таа во тој момент најмногу ги одразуваше нивните животни интереси. Резултатите од гласањето се најдобра потврда за тоа. Во Брегалничкиот округ од 15 077 лица, колку што излегоа на гласачките места, за КПЈ гласаа 5 138, за Републиканската партија 3 137, а за Демократската партија само 1 662 гласачи. Резултатите од изборите само го потврдија големото политичко влијание на КПЈ меѓу народот. Буржоазијата и власта тешко го примија овој пораз, и под изговор дека комунизмот во Штип па и во цела Маке-

./.

донија е форма во која се крие бугаризмот заведе невиден терор удирајќи по човечкото достоинство и чест. Во една таква ситуација, во одсуство на било каква сигурност единствена визија и излезот од оваа состојба народот од Штип и Штипско единствено можеше да го согледа во оживувањето на работничкото движење и формирањето на Партиската организација. До тоа и дојде. Во пролетта 1923 година кога беше формирана новата партиска клетка со секретар и шест членови. Во тоа време дојде до формирање и на синдикална и скоевска организација. Партиската организација оцени дека се наполно созреани условите за синдикално организирање на работниците во градот. И во септември 1923 година на основачкото собрание беше донесена одлука за формирање на Синдикална организација која соединуваше во себе повеќе секции на шивачки, берберски, чевларски, столарски и други работници. Сеќавајќи се за овие настани, Трајко Ковачев во своите сеќавања пишува: "Во 1923 година образувавме синдикат на кондурациските работници. Претседател на синдикатот на кондурациските работници беше Трајко Ковачев, а Ставре-берберинот, секретар, Тоде Шуманов, член и браќата Дивицински, членови. На првиот состанок масовно присуствуваа работниците. За нашиот состанок разбраа властите и наредниот ден бевме повикани од страна на власта, сослушани, а потоа беа затворени следните другари: Тодор Шуманов, браќата Дивицински, Коле Бумбаров, Васил Гранков, Илија Данев, Трајко Ковачев и други".[16]

16. Трајко Ковачев: Сеќавања за неговата активност во Синдикалната организација од 1924-1926 година, стр. 1
Фонд Мемоарска граѓа, Историски архив на град Штип

На овој начин Синдикатот во градот Штип стана значаен фактор во борбата на работничката класа за подобар и почовечен живот. Работата на Синдикалната организација се манифестираше низ разнообразни форми, но сите со заедничка цел-подобрување на животот на работниците и нивно подготвување за борба што допрва ги очекуваше. За жал, на 11 јули 1924 година беше забранета активноста на независните синдикати на Југославија. Активноста на синдикалната организација беше забранета и во Штип. Впрочем, најголемиот број членови на Синдикатот беа младинци што овозможи во есента 1924 година во Штип младинците да формираат своја скоевска организација која во почетокот опфаќаше околу 40 млади. Настан што ги возбуди граѓаните на Штип и Штипско и целиот Брегалнички округ во ова време беше излегувањето на книгата на Коста Новаковиќ "Македонија на Македонците, земјата на земјоделците". Оваа книга се појави од потребата јасно да се диференцира ставот на КПЈ по однос на македонското национално прашање. Иако книгата не беше имуна од некои слабости, сепак поттикна огромен интерес меѓу народот, бидејќи таа покажа дека КПЈ е единствена партија досега која прави обид да ги разреши најсуштествените прашања од животот на македонскиот народ. Во ова време Партиската организација во градот Штип постигна уште еден успех формирајќи во овој град организација ВМРО (обединета). Оваа организација интензивно работеше да се демаскира предавничката улога на Александров и Михајлов и укажуваше на опасноста од фашизирањето на Југославија. Од позначајните успеси на партиската

организацијa во Штип е организирањето на демонстрациите во 1926 година со кои народот го изрази своето незадоволство од злосторствата на Михаило Калaматија и Матковиќ. Демонстрациите отворено и гласно бараа сменување на големиот Жупан Добрица Матковиќ. И во моментот кога се почувствува попуштање на политичките стеги во Штип се случи настан кој донесе ново засилување на теророт и крвавата одмазда на режимот. Тоа беше убиството на Генерал Ковачевиќ на 5.10.1927 година. Убиството на генералот беше можност за Каламатија да заведе дотогаш невиден терор. Осудени беа 39 души на 458 години затвор од кои 4 на смрт. Во врска со самиот атентат беа обвинети 21 личност, а другите на долготрајни временски казни. "Брегалничката област прилегаше на вистински воено-политички логор со густа мрежа од полициски станици и гранични единици наменети за спроведување на суров државен терор и контра-терор. Во Пашалакот на Каламатија не важеа дури ни законите на диктатурата, туку граѓаните мораа да се подложуваат на приватен кривичен кодекс".[17] Овој црн терор и можеби најтешки денови на граѓаните од Штип, продолжи и за време на монархо-фашистичката диктатура.

Покрај другите политички репресалии, Шестојануарската диктатура во Штип се почувствува и во сверите на образованието, меѓу другото и укинување на Полната гимназија во градот. За овој период професорот Александар Апостолов пишува: "Со еден закон за средните училишта од 1929 година, сосема беа укинати гимназиите во Кавадарци, Струмица, Кичево и Ресен, а од полни

17. Никола Едровски: Штип меѓу војните, 1919-1941 "АСТИБО", стр.68

беа сведени на непотполни гимназиите во Титов Велес, Куманово, Охрид, Прилеп и Штип. Овој закон ја погоди само Јужна Србија, односно Македонија и се дојде до ситуација од која можеше да се согледа дека спрема македонскиот народ се врши дискриминација од секаков вид па и во школството".[18]

Во 1935 година при Партиската организација во градот беше формиран Месен комитет. Комитетот беше составен од 5 члена, а бројот на членовите на организацијата набргу порасна повеќе од 2о. Во Штип започна нов поорганизиран и далеку поинтензивен политички живот. За кратоκ временски период по формирањето на Месниот Комитет организацијата ооздаде широк круг на работници, студенти и ученици и беше создадена основа за проширување на Партиската организација и формирање на нови партиски клетки. Според социјалната структура, јадрото на Партиската организација било составено предимно од работници што многу позитивно ќе се одрази, во ширењето на комунистичките идеи меѓу работничката класа. За овој момент Ѓупчо Ефремов во своите сеќавања за неговата партиска активност од 1935-1941 година пишува; "Со класното осознавање на работниците и револуционерната клима на градот, беа создадени услови Месниот комитет да ја насочи активноста на партиското членство на создавање стручкови синдикални подружници во пролетта 1936 година и вклучување на работниците во нив, поради водење организирана борба против работодавателите, а за подобри услови на работата. Ова

18. Д-р Александар Апостолов: "Колонизацијата на Македонија во стара Југославија", "Култура", Скопје, стр.87

организирање на работниците во нивни струкови, класно социјални организации, наидуваше секогаш на отпор кај тогашната реакционерна власт која ги спречуваше со сите средства и други облици на нивното организирање, како што беа обидите за основање по директива на ПО, на културно уметничко друштво "Коста Абрашевиќ" на работничко-спортското друштво и друго гледајќи секогаш во нив потенцијална опасност од организирана борба на работниот народ против капиталистичкиот општествено-политички систем".[19] Партиската организација во градот и околината разви широка политичка активност за време на парламентарните избори во 1935 година и општинските избори во 1936 година користејќи ги истите како форма за изразување на народниот протест против ненародниот режим. Месниот комитет настојуваше колку може поорганизирано да ја реализира една од задачите што се поставуваше пред членството - собирањето на црвена помош и настојувањето партиското членство да биде информирано од аспект на КПЈ за сите актуелни политички настани во светот и во земјата за да можат истите правилно да бидат толкувани меѓу работничката класа.

Такви беа, на пример, Шпанската граѓанска војна и улогата на интернационалните бригади во одбрана на демократијата и републиката во Шпанија, ширењето на германскиот и италијанскиот фашизам, улогата на Советскиот Сојуз во меѓународната организација. За 1936 година зборува и еден од носителите

---

19. Ѓупчо Ефремов: Сеќавања 1931-1941 и 1944 година, ракопис, стр.5, Фонд Мемоарска граѓа при Историски архив во Штип

./.

на овие активности во тоа време, Аксе Лонгуров кој во своите сеќавања на овие денови пишува: "Во 1936 година комунистите од Штип за да придобијат повеќе симпатизери организираа: игранки, поседенки, приредби и журеви. Имаше повеќе кандидати за членови на КП и истите беа примени. Примавме редовно "Пролетер", а некои примероци од "Пролетер" ги размножувавме и ги дававме на членовите во партиската организација. Читавме напредна марксистичка литература, истата ја дававме на напредните другари и вршевме агитација меѓу напредните другари за приклучување во партиската организација".[20] Сето ова укажува какво значење одиграло формирањето на Месниот комитет, кој од една политичка пасивност и зачмаеност под најтешки услови на политички терор и национално угнетување успеал да го револуционализира народот и да го подготви за неговата тешка идна борба. За жал, во месец април 1937 година дојде до провала во Партиската организација, што услови и прекини на нејзината работа. Сите членови на Месниот комитет и некои од секретарите на партиските клетки и многу други комунисти и напредни граѓани се најдоа во затвор. Носителите на полициската власт и бранителите на режимот многу сурово се пресметувале со Партијата и нејзиното членство. За тоа како постапувала полицијата, релјефно се има изразено Аксе Лонгуров во споменатите негови сеќавања.

20. Аксе Лонгуров: Сеќавања, 1935-1945 година, ракопис стр.5, Фонд Мемоарска граѓа, Историски архив на град Штип

Тој пишува: "Мене ме тепаа пет-шест пати до губење на свеста и враќање на свест со ладна вода. Рацете ми беа врзани позади, нозете исто така ми беа врзани, така ме ставаа на дрво потпрено на маса и со специјални корбачи ме удираа по табаните. Тепањето и малтретирањето продолжуваше повеќе денови. Јас во ќелијата бев со Панче Пешев и близнаците Методи и Киро Јареви од Куманово".[21] Биле осудени сите членови на Месниот комитет: Аксе Лонгуров на 4 години робија, Љупчо Ефремов на 2 години робија, Тошо Арсов на 18 месеци робија, Киро Кукушев и Мијалче Саздов по 1 година строг затвор. Меѓутоа, ова не значеше крај на активноста на Партијата во градот, напротив многу нејзини членови, кои го избегнаа затворањето,и оние кои по издржувањето на казната се вратија и со поголема верба, ја продолжија партиската активност со уште поголем интензитет, подготвувајќи го народот за бурните настани што допрво доаѓаа. Така на пример по иницијатива на Партиската организација беа создадени УРС-овите синдикати на шивачите, чевларите и столарите. Исто така во декември 1938 година, Партиската организација организира големи демонстрации во градот во кои беа притворени околу 40 активисти.

За одбележување е и тоа дека во 1940 година, комунистите во град Штип ги разнесуваа летоците на ЦК по повод првомајските празници во кои се повикуваше народот во борба за

---

21. Аксе Лонгуров, Сеќавања, 1935-1945 год., ракопис, стр.8 Фонд Мемоарска граѓа при Историскиот архив во Штип

./.

рамноправност, братство и единство на југословенските народи.

И конечно треба да се одбележи и тоа дека 1938-1940 година, најголема политичка активност развиваа учениците од VII и VIII клас на Штипската гимназија. Содржината на својата работа тие ја реализирале преку таканаречените воспитни групи. Овие ученички групи, составени од млади комунисти биле раководени од Ванчо Прке, ученик во VIII клас и Славчо Стојменски, ученик во VII клас. Овој период претставува организирана политичка и револуционерна сила кој има силно влијание и меѓу работничката младина. Покрај Ванчо Прке и Славчо Стојменски, идните народни херои на македонскиот народ, други поттакнати младинци, цврсто врзани за идеите на КПЈ биле уште и: Фируз Демир, Асан Керим, Александар Грличков, Митко Чекерински, Панче Кусакатски, Тодор Вукански, Панче Ушински, Диме Беловски, Ацо Попов, Славко Јовев и други, кои исто така активно учествуваа во револуционерната епопеја на југословенските народи од 1941 до 1944 година.



Зграда на гимназијата во Штип помеѓу двете светски војни

# ГИМНАЗИЈАТА ВО ШТИП МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Штип е град со богата просветна и образовна традиција. Корените на оваа духовна човекова активност датираат уште од крајот на XVIII век, односно во 1793 година кога Штип за првпат имал ќелијно училиште. Впрочем, тешко е да се погоди времето точно кога во Штип е отворено првото модерно училиште. Петар Завоев во својата книга "Град Штип"[22] како прв учител штипски го споменува даскал Крив Мано. Неговото учителствување во Штип Петар Завоев го поврзува со годината 1830. Потоа, училишната активност во Штип континуирано продолжува, но за вистинско модерно и педагошко современо училиште може да се зборува со учителствувањето на двајцата познати учители; Ѓорѓи Милетиќ, кој доаѓа од Велес во Штип и Јосиф Ковачев, штипјанец, кој има историско значење за просветата и образованието не само во Штип, туку и за цела Македонија. За овој период од развитокот на просветата и образованието во Штип, професорот Александар Апостолов пишува: "Врз прераснувањето на училиштето од ќелијно - "старовремско" во вистинско педагошко и современо, сврзано е со имињата на двајцата учители Ѓорѓи Милетиќ и штипјанецот Јосиф Ковачев. За дејноста на Јосиф Ковачев, првиот македонски педагог, сврзано е и отворањето на првото педагошко училиште во штипско Ново Село во кое се подготвувале идни учители кои ќе работат на просветувањето на

22. Петар Завоев, Град Штип, Минато и просвета до революционерните борби, Софија, 1928 година, стр.25

македонските деца ширум целата Македонија. Во 1869 година општо образовното училиште прераснало во класно училиште со предметна настава и нова наставна програма. Од оваа година условно земено, датира класното-гимназијално образование во Штип".[23] Потребите за побогат културен живот во Штип и Штипско резултираат од стопанскиот подем на градот и материјалната зајакнатост на штипската чаршија, на штипските занаетчии и трговци. Овој економски подем овозможил Штип кон крајот на XIX век да брои повеќе од 20 000 жители.

Во ова време како силен економски фактор особено се оформило штипско Ново Село и не случајно ова место станало центар на сите духовни бранувања од Штип и штипско. Поради тоа економско зајакнатиот општествен слој, младата штипска буржоазија почувствувала потреба за помасовно образование и просветување на младите генерации во Штип. Само од образован и школуван машки и женски подмладок, штипјани можеа да очекуваат и својата посветла иднина. И не случајно во 1885 година двокласното училиште на Јосиф Ковачев прераснува во четирикласно, а во учебната 1895 година се спојуваат училиштата од Штип и Ново Село. Оваа година за Штип и Штипско има историско значење, бидејќи во Штип доаѓа за учител апостолот на Македонското револуционерно движење - Гоце Делчев. Тој заедно со Даме Груев, кој исто така бил учител во Штип, покрај неуморната револуционерна работа во Штип и штипско Ново Село организирале училишна настава со најмодерни содржински и педагошки концепции. Каков карактер образованието во Штип ќе има

23.Александар Апостолов,Штипска Гимназија помеѓу двете светски војни 192о-1941 г. со посебен осврт врз последните три генерации матуранти, ракопис, стр.

понатаму најконцизно го има кажано професорот д-р Александар Апостолов во споменатиот ракопис кој пишува: "Со проширувањето и јурисдикцијата на - егзархијата врз Штип, образованието ќе се одвива во духот на нејзината пропаганда. Така тоа ќе трае до Балканските војни".[24]

Македонскиот народ зема активно учество во Првата балканска војна понесен од илузиите дека таа е ослободителна и дека сојузничките војски ќе стават крај на долгогодишното ропство. Впрочем, сојузниците ги покажаа своите завојувачки цели и аптетити спрема Македонија веднаш по завршувањето на војната на 30 мај 1913 година. Борбата околу прераспределбата на Македонија и распарчувањето на нејзиниот национален интегритет, бргу доведе до нова војна, овојпат меѓу сојузниците, а врз судбината на македонскиот народ. Желбата за слобода и слободен живот за македонскиот народ и понатаму остана само далечен сон. Илузорно е да се верува дека во вакви услови може да се развива било каква училишна активност. Бројот на училиштата ~~та~~ е сведен на минимум затоа што многу од нив биле ставени за потребите на војската и претворени во касарни. Во овој период престанале со работа и училиштата во селата: Горни Балван, Долно Трогерци, Љуботен, Судиќ и Дољани. Крајот на Втората балканска војна го означи најтрагичниот момент во историјата на македонскиот народ, нејзината поделба. Во Вардарскиот

---

24. Исто, стр. 2

./.

дел на Македонија српските воени власти формирале воено-полициски и управен апарат, кој ги диктирал условите на животот на македонскиот човек. Се до 1915 година гледајќи во училиштата извонредна форма за асимилација на македонскиот народ, во 1913 година со кралски указ била отворена нижата гимназија под наслов Српска Кралска Гимназија, во која учебната 1913/14 година биле запишани:

- во I клас - 53 ученика,
- во II клас - 29 ученика,
- во III клас - 29 ученика,
- во IV клас - 24 ученика.

Вкупниот број на учениците и ученичките на оваа гимназија во 1913/14 година изнесувал 144 ученика, од кои во текот на годината ја напуштиле 4о ученика. Предавањата се држале на српски наставен јазик од 9 наставника: Александар Трифковиќ, директор на гимназијата; Бранко Ѓорѓевиќ, суплен по српски јазик; Драгутин Обрадовиќ, наставник по француски јазик; Љ.Мирkиќ, наставник по пеење; Серафим Јовановиќ, наставник по веронаука; Станка Јовчева, наставник по женска рачна работа и Драгослав Илиќ по српскохрватски јазик. Во наредната 1914/15 година бројот на учениците во оваа година се покачил на 170. Особено е видлив зголемениот број на ученици во I клас кој изнесувал 89. Исто така во оваа учебна година е зголемен бројот и на наставниот кадар и тоа дури на 15 наставника. Во 1915 година по иницијатива на Белградските друштва Коло српских сестара и Кнегиња Зорка,во Штип била отворена Женска радничка школа. Самиот наслов на училиштетот кажува

./.

дека во него се припремале женски деца за кроење, шиење и други вештини. За време на Првата светска војна ова училиште престанало со работа, а неговата активност продолжила на 15 април 1919 година. За време на Првата светска војна и потоа за првите две години, Гимназијата во Штип продолжува со работа, но овојпат на бугарски јазик. Тоа значи дека од есента 1917 година, па се до крајот на војната, училишниот живот во Штип и штипско згаснува за време на бугарскиот престој во Штип, бугарските власти ~~во Штип~~ се активираат исто така како и порано српските, за отварање на училиштата во градот и селата со цел за асимилација на македонскиот народ, но овој пат бугарска. Од тие причини, тие во градот ги отвораат следните училишта:

- Штипска неполна прогимназија;
- основни училишта: Св.Архангел Михаил во Горно Маало и Св.Кирил и Методиј каде биле сместени и прогимназиските паралелки и Св.Богородица во Ново Село - штипско.

Интересно е што, турското училиште, иако било претворено во касарна, продолжило со работа на турски наставен јазик. Засега само не можат да се најдат материјали кои ќе потврдат дали продолжиле со работа и училиштата во околните села на Штип. Најверојатно дека засега најдобра карактеристика на училишните определби во периодот од 1912-1918 година во Штип и штипско има дадено професор д-р Александар Апостолов кој пишува: "Во овој шестогодишен период на војни 1912-1918 година генерациите на училишна возраст, освен што страдаа од не-

маштија, глад и разни болести (колера, тифус, шпанска грозница) и друго и воопшто од стравотиите што ги создава војната, повеќето од нив чии што татковци беа мобилизирани во двете едноподруго непријателски војски, беа принудени да се борат за најнужните потреби за гола физичка егзистенција. Од горе, на сите овие неволји, генерациите вршеле притисоци за денационализација и асимилација од страна на окупаторите на Македонија и нивните просветни органи. И така се случуваше ученици од Штип и штипско, кои ја започнале наставата на бугарски јазик пред Балканските војни, по поделбата на Македонија, во учебната 1913/14 година и во наредната 1914/15 година да ја продолжат на српски јазик и пак на бугарски и за потоа да се повтори и продолжи на српски јазик",[25]

Сосема нова насока школството во Штип и штипско, а што е сосема разбирливо, добива по присоединувањето на Македонија кон Кралството СХС. Видлив е неговиот растеж и интензитет, но не од причина што српските власти сакале да го издигнат културно-просветното ниво на народот од овој крај, туку исклучиво од пропагандни цели, она кое Крсте Петков - Мисирков уште во почетокот на овој век го истакнуваше како најголемо зло на македонскиот народ, йо Версајскиот диктат не само што не спласна, а во 2о-3о-тите години тие добија и нова содржинска димензија. Ова, можеби, е најкарактеристично за Штип и штипско, бидејќи тоа го детерминираше нивната

---

25. А.Апостолов "Штипска гимназија помеѓу двете светски војни 192о-1941 со посебен осврт врз последните три генерации матуранти", ракопис, стр.3

./.

географска положба и границата со Бугарија. Затоа династијата со Караѓорѓевиќите настојуваше да обезбеди таква училишна и просветна мрежа, не почитувајќи го дури ни Уставот на Кралството за задолжително основно образование, која ќе одговара на должностите и потребите на режимот. Дека е ова така потврдува и училишната мрежа на селата во Штипско, кои беа отворани и затворани спрема моментната политичка состојба и расположението на носителите на големосрпскиот режим. Гимназијата во Штип започнала со работа на 17 декември 1918 година како нижа и со 4 класа. Меѓутоа, набргу се дошло до сознание дека нижата гимназија во Штип не може да ги задоволи потребите на учениците, бидејќи овој бил со богата училишна традиција, а граѓаните на Штип имале големи желби нивните деца да се школуваат. Од тие причини и директорот на Гимназијата Лазар Трипковиќ го известува министерот на просветата во Белград во писмото испратено на 15 јули 1919 година дека е неопходно потребно во Штип да се отвори полна гимназија. Тој наведува дека 57 ученика од Штип не се во состојба да го продолжат своето школување во погорните класови на Гимназијата, бидејќи во Штип и нема, а нивните родители од материјални причини не се во состојба да ги праќаат во Велес и во Скопје. Во писмото А. Трипковиќ наведува и други причини за да го заврши своето писмо со следните зборови: "Имајќи го, во предвид, сето ова мислам дека отворањето на полна гимназија ќе го подигне значењето на Штип, бидејќи ќе ги собере

./.

учениците не само од овој крај, туку и од околните места, потоа би се создала извонредна интимност помеѓу мештаните и нашите управи, би се втемелил српскиот јазик, а со тоа, секогаш би се ставило крај на секаква туѓа пропаганда".[26] Писмо со идентична содржина, исто така до министерот за просвета на 1 август 1919 година, има испратено и началникот на Брегалничкиот округ. Тој далеку помотивирано, со извесен аполитички пристап во пет точки ги образложува сите причини поради кои е потребно отворање на полна гимназија во Штип. И во ова писмо како основен мотив се поентира политичкиот, затоа и началникот на Брегалничкиот округ во писмото пишува: "Најважна причина за отворање на полна гимназија е политичка, заправо наш национален долг. Долгогодишната бугарска агитација и комитските акции во Штип и во овој округ имаат постигнато овој најголем успех. Тоа е веќе одамна позната работа. Поради тоа нашата задача на национален план е и премногу тешка. За успех во ова потребна е многу и паметна работа на сите полиња, во сите гранки и струки и во сите правци. Отворањето на полна гимназија во Штип ќе биде од големо значење и ќе има влијание на расположението на овој народ, кој доста многу сака училиште и ретко кој пропушта децата да не ги школува"[27] Оваа иницијатива дала и свои резултати. Најверојатно дека аргументите биле убдеителни штом уште идната година со одлука на Министарот на просветата СН бр.10 266 од 28 август 192о година во Штип се отвора

26.Писмо до Министерот за просвета од15 јули 1919 г. бр.18о, Штип, Архив на Југославија, Белград
27.Началство на Округот Брегалнички,пов.бр.739,1 август 1919 г. Штип, Архив на Југославија, Белград

привремено VII и VIII клас гимназија. Со Указот на Неговото височество престолонаследникот Александар од 17 септември 1920 година Штипската гимназија прераснува на степен полна. Само за десет дена започнал уписот на учениците на 28, 29 и 30.09.1920 година а точниот наслов на Штипската гимназија гласел Државна реална гимназија.

Свечената прослава за почетокот на работата на Штипската гимназија била одржана на 27 јануари 1921 година. Сфаќајки го значењето на оваа гимназија од аспект на националните српски интереси, лично кралот прави демагошки потег испраќајки лично 1500 динари на гимназијата. Од овие пари 1000 динари биле дадени на ученичкото друштво "Напредок" главно за купување книги од српската историја и книжевност, 500 динари биле доделени на ученичкото друштво Српски трезвени младинци. "За просветување на младината и за јакнење на народната свест". За јакнење на својата пропаганда се изнаоѓале и други форми, па дури биле вклучени и Српската кралевска академија која на 23 февруари 1921 година со посебен акт донела одлука на секое тромесечје да се наградуваат 5 сиромашни ученика со по 100 динари од Пупиновиот фонд. Во истиот акт Академијата се обврзувала дека на празникот Св.Сава да наградува по 2 ученика од истиот фонд кои покажуваат најдобар успех по предметите српски јазик, српска книжевност и српска историја. Не е потребно коментар каква била целта и со каков карактер биле овие награди. Во таа смисла се распишувала наградна тема од 250 динари под наслов: Културните старини во Јужна Србија. Освен проблем

./.



Зградата на гимназијата во Штип помеѓу двете светски војни

за нормален почеток на одвивање на наставата, кој со сета своја тешкотија се наметнал, бил просторниот. Бидејќи Штипската гимназија започнала со десет одделенија, привремено решение за четири одделенија се нашло во просториите на основното училиште во Ново Село, а другите во старата гимназија која некогаш служела за изведување на турска верска настава. Во овој период во Штип, речиси било невозможно да се најде соодветен простор за потребите на гимназијата, поради што бил донесен предлог кој со акт на оваа гимназија,"ТОВ, бр.8 од 11 јули 1921 година за потребите на оваа гимназија се отстапуваа просториите во кои доскоро била сместена Англиската мисија до самата зграда на гимназијата во истиот двор".[28] Од тогаш гимназијата во Штип работи во две згради: едната приватна, за која се плаќало 48oo динари годишно, а другата државна.

Во учебната 1921 година во Штипската гимназија биле запишани 429 ученика, број кој не е за потценување, бидејќи уписот на учениците бил под критериуми кој не биле ни така лесни ни така едноставни. Најпрвин за применување во I клас во гимназијата требало да се полага приемен испит, потоа се плаќале доста високи такси, кои родителите на сиромашните деца не биле во состојба тоа да го сторат и така многу надарени деца морале да останат само со четврто одделение, а наполугодието по член 54 од Законот за основно образование биле истерувани сите ученици кои имале по 4 слаби оценки. По завршувањето на трети клас

28. Краљевина Срба, Хрвата, Словенаца, Гимназија, бр.428 од 20 јули 1921 година, Штип, Архов на Југославија

гимназија исто така се полагало полуматурски испит и,конечно, се полагала, по завршувањето на осми клас гимназија, традиционалната и тешка голема матура. Сето ова укажува дека до стекнувањето на она-му се признава зрелост-не било така лесно. Овие ученици биле распоредени во десет паралелки од кои само први и втори класови биле по две, а другите по една паралелка. Од главните класни книги за учениците од учебната 192о/21 година може да се констатира дека наставниот кадар во гимназијата во оваа учебна година е речиси целосно комплетиран. Директор на гимназијата бил Лазар Трипковиќ, а наставниот колегиум го сочинувале: Драгослав Илиќ, професор; Никола Бошковиќ, Јелена Живковиќ, Владимир Живковиќ, Антон Ковањевиќ, - супленти и привремените предметни наставници: Митра Врбовац, Фана Гајдуковиќ, Иван Филатовиќ и Иван Феофиловиќ. Членовите на наставниот колегиум во оваа година биле и хонорарните наставници: Алојз Соколовски и Владимир Родзевеиќ.[29] Во оваа учебна година се изведени два завршни испита полуматурски и матурски. Од споменатите материјали на Историскиот архив во Штип се забележува дека учениците на овие испити покажале релативно добри знаења. Во јунската и септемвриската испитна сесија вкупно се јавиле 33 кандидати од кои 2о го положиле завршниот испит, тројца останале на полагање, 5 кандидати биле одбиени на година, а 5 кандидати го одложиле испитот по сопствено барање.

---

29. Историски архив на град Штип, фонд Државна реална гимназија во град Штип - главни класни книги за учениците од учебната 192о/21 година

За полагање на завршниот матурски испит бил формиран Испитен одбор во кој влегувале: Петар Павловиќ-претседател и министерски пратеник од Белград, Лазар Трипковиќ, директор на гимназијата и потпретседател на Одборот и членови: Бошко Ѓорѓевиќ, В.Винковиски, Д.Илиќ и Митра Врбовац.[30] Колку изнесувал бројот на учениците во Штипската Државна реална гимназија покажува табеларниот преглед испратен до Министерството на просвета во Белград од директорот на гимназијата Лазар Трипковиќ од 17 септември 1921 година заведен под ред.бр.629.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I клас | ученика | 9о | ученички | 5о | вкупно | 14о |
| II клас | ученика | 6о | ученички | 38 | " | 98 |
| III клас | ученика | 43 | ученички | 27 | " | 7о |
| IV клас | ученика | 14 | ученички | 13 | " | 27 |
| V клас | ученика | 14 | ученички | 11 | " | 25 |
| VI клас | ученика | 12 | ученички | 6 | " | 18 |
| VII клас | ученика | 12 | ученички | 2 | " | 14 |
| VIII клас | ученика | 14 | ученички | 8 | " | 22 |
| | | 259 | | 155 | | 414 |

Во учебната 1921/22 година во областа на образованието и просветата во Штип и Штипско не се чувствуваат некои особени промени. И бројот на учениците и бројот на наставниците како и образовно просветните установи горе-долу се исти како и претходната година. Гимназијата продолжува со работа со веќе устален тон и без некои настан што ќе значи возбудување или промена. Во градот и понатаму работат две основни училишта во кои

---

30. Исто

./.

учителствуваат Ванѓа Кошевалијевиќ, Мара Биквиќ, Радмила Миликевиќ, Радојка Иваничевиќ, Ал.Милојковиќ, М.Батнетиќ, и Д.Петровиќ. Во оваа година настава се одржува и во селата: Карбинци, Дољани и Радање. Учител во Карбинци бил Д.Вукадиновиќ, во Дољани Божа Митровиќ и во Радање Добривоје Лазаревиќ.

Од писмото упатено од гимназијата до Министерството за просвета под број 247 од 6 септември 1921 година може да се констатира дека вкупниот број на запишани ученици во Штипската гимназија изнесувал 363 ученика и тоа:

| Клас | Ученици |
|---|---|
| I | 132 |
| II | 72 |
| III | 6o |
| IV | 37 |
| V | 1o |
| VI | 25 |
| VII | 12 |
| VIII | 15 |
| | 363 |

Покрај гимназијата и двете основни училишта во ова време во градот се изведува настава и на турски наставен јазик во турското основно училиште, потоа женското работничко училиште и вечерното занаетчиско училиште. Теоретската настава во последното се изведувала во три дена на неделата во попладневните часови. За одбележување е дека во Штип во составот на Женското работничко училиште работи и училиште за деца од предучилишна возраст. Од свидетелствата за упис на

## ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО ШТИП И ШТИПСКО

## 1921 -1922 година



учениците во I клас во учебната 1921/22 година може да се види дека управник на основните училишта во Штип и Штипско бил Јордан Јевремовиќ, а училишен надзорник Живојин Крстиќ.

На 7 ноември 1922 година извршена е поправка на зградата.

Во новата учебна година 1922/23 во работата на Штипската гимназија се забележуваат некои промени, кои ќе се одразат во работата на оваа установа во нејзините идни активности. Ова особено се однесува на доаѓањето на двајцата нови наставници во гимназијата: Душан Будимировиќ и Славко Нетков. Веќе новиот директор на Штипската гимназија Божидар Ѓорѓевиќ во писмото од 16 март 1923 година, заведено под бр.223, го известува Министерот за просвета во Белград дека на 17 февруари 1923 година се јавил на должност Душан Будимировиќ, студент, апсолвент по филозофија. Тој бил поставен "за привремен предметен учител во оваа гимназија".[31] Во оваа година "во гимназијата работат вкупно 16 вработени од кои: професори 1, суплентни 4, привремени наставници 4, стручни наставници хонорарни 3, учители 1, курири и чистачи 3. За организирање на здравствената заштита на учениците бил ангажиран др.Фрањо Навратил, кој бил воедно и хонорарен наставник по хигиена".[32] Од вообичаеното известување што секоја година директорот на Штипската гимназија го праќал до Министерството за просвета се гледа дека во 1923 година во оваа гимназија биле запишани 425 ученика

31.Кралевина СХС, Гимназија 223, 16 март 1923 година
32.Трајко Донев: Школството во Штип и Штипско во периодот од 1920-1941 година, ракопис, стр.60

./.

Распоредени по класови бројот на учениците во оваа учебна година изгледал вака:

| Клас | Ученика | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| Iа | 55 | 29 | 26 |
| Iб | 54 | 35 | 19 |
| Iц | 56 | 35 | 21 |
| IIа | 38 | 24 | 12 |
| IIб | 39 | 22 | 17 |
| III | 54 | 32 | 22 |
| IV | 49 | 26 | 23 |
| V | 32 | 2о | 12 |
| VI | 9 | 5 | 4 |
| VII | 26 | 13 | 13 |
| VIII | 14 | 11 | 3 |

Од табеларниот преглед се забележува дека помал број ученици се запишани во V клас, вкупно 32, од кои подоцна двајца напуштиле и останале само 3о ученика. Ова не е случајно туку воочлива индикација дека најтешка бариера на учениците бил четврти клас кога се полагал и полуматурскиот испит. Послабите ученици тешко ја минале оваа препрека поради што и го прекинувале своето понатамошно школување. Друг момент кој влијаел врз продолжувањето на учениците во погорните класови на гимназијата овојпат чисто од објективна причина бил социјалниот. Тој бил кочница на многу талентирани деца, за жал синови и ќерки на сиромашни родители, кои го прекинувале своето школување, бидејќи финансиските можности не дозволувале нивно понатамошно напредување. Спрема тоа вишите класови на гимназијата, а особено сигурните, останувале привилегија само децата од побогатите семејства. Еден подетален преглед на учениците од погорните класови на гимназијата со сигурност ќе ја потврди

./.

оваа констатација. Можеби не е карактеристичен, но сепак бил присутен и уште еден момент, кој влијаел некој надарени талентирани деца да не го продолжат своето школување и тоа од чисто политичка природа - родителите што не дозволувале нивните деца да учат српско училиште. На мислење сме дека и оваа причина во иднина заслужува посебен и поопсежен приод. Во јунската испитна сесија на матурскиот испит се пријавиле 2о кандидати од кои 11 го положиле, 5 биле оставени на поправен испит и 4 кандидати по лично барање го одложиле полагањето. Во септемвриската испитна сесија на матурскиот испит се пријавиле 9 кандидата и сите го положиле испитот. Карактеристично наставно прашање во работата на Штипската гимназија биле предметите по гимнастика, свирење и пеење. Овие предмети ги предавал ист наставник, кој имајќи го предвид бројот на часовите, бил толку многу оптеретен што се одразувало и на квалитетот на самата настава. Колку многу бил оптоварен со работа, овој наставник, потврдува и податокот дека тој учествувал и во работата на Соколското друштво и во работата на Градското пеачко друштво. Овој проблем бил често присутен и на наставниот совет поради што била упатена и молба до Министерот на просвета да одобри по овие вештини уште еден наставник. Било за предметот гимнастика, било за пеење и свирење. Во оваа година забележлива е активноста на гимназијата и надвор од оваа установа. Така на пример учениците од гимназијата приредувале концерти во дворот на училиштето и во хотелската сала.

Понатаму, од десети до седумнаести јули била отворена изложба на женски рачни изработки и ученички цртежи. Наставниците од гимназијата држале предавање за граѓаните од град Штип. За значењето на гимназијата на празникот Св.Сава зборувал директорот Божидар Ѓорѓевиќ, за Кумановската битка, Фрањо Графенауер, а за вулканите и земјотресите зборувал Славко Нетков. Исто така биле организирани и екскурзии, како и учество на 75 ученици на Соколскиот слет во Белград. Екскурзија извеле и наставниците до Белград, која била помогната од Министерот за просвета со 6ооо динари со одлуката: СН бр.2784 до 27.о2. 1923 година.

Учебната 1923/24 година во Штипската гимназија се запишале редовен број на ученици вкупно 466 од кои 269 машки и 197 женски. Од поднесениот извештај до Министерството за просвета се констатира дека во оваа училишна година вкупно завршиле 199 ученика, од кои: 32 одлични, 72 многу добри, 95 добри. На поправен испит биле упатени 93 ученика, а класот го повторувале 86 ученика. Само една ученичка го загубила правото на понатамошно школување. Од вообичаениот извештај што секоја година се праќа до Министерството за просвета од гимназија во овој случај би издвоиле само еден карактеристичен момент кој се однесува на социјалната структура на учениците при оваа гимназија. Во учебната 1923/24 година, социјалната структура на учениците изгледа вака:

./.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Деца на трговци | 144 |
| 2. | Деца на занаетчии | 122 |
| 3. | Деца на земјоделци | 58 |
| 4. | Деца на чиновници | 49 |
| 5. | Деца на свештеници | 25 |
| 6. | Деца на наставници | 15 |
| 7. | На други занимања | 22 |
| 8. | На работници | 21 |

Во оваа година се забележуваа извесни промени во наставниот персонал на гимназијата. Таа добива во месец октомври нов директор, Михаило Миладиновиќ, а се назначени и три нови професори и супленти: Даница Гаишовиќ, Олга Петровиќ и Милисав Жикиќ. Од писмото до Министерот за просвета број 75 од 16 јануари 1924 година се констатира дека Славко Нетков заминал во војска и за неговите часови се бара замена, всушност ова се однесува за предметите математика и биологија што ги предавал овој наставник. Исто така интересен е случајот со наставникот Душан Будимировиќ кој покрај 24 часа што ги предавал во гимназијата, му било доделено да биде управник и на Штипскиот театар како што ќе биде речено подоцна, а Душан Будимировиќ целосно ќе се посвети на театарската дејност што претставувала и негова основна преокупација. Од тие причини лично Будимировиќ се обраќа со молба до Министерството за просвета - Одделение за средните училишта - СН.бр.975 од 21 јануари 1924 година со кое го моли Министерот да го ослободи од секаква работа од гимназијата за да може целосно да се посвети на театарската активност. Господинот министар, во колку ја усвои неговата молба, се моли да назначи друг наставник што ќе ги предава

./.

неговите предмети. Извесна возбуда во работата на Штипската гимназија во 1924 година внела жалбата од Невена Пеѓушлијевиќ упатена до Министерот за просвета за слабата оценка добиена од наставничката Љубица Михајловиќ. Родителите на Невена Пенушлијевиќ наведуваат дека нејзината ќерка е неправилно оценета, дека оваа наставничка ги тепала децата удирајќи им ги главите од ѕидот, дека ги тера децата да работат во нејзината куќа, дека ги уценувала со слаби оцени ако не ги извршуваат нивните желби, на часовите читала романи, и дека им пречела и на другите колеги одземајќи им од работното време. Во жалбата исто така се наведува дека гимназијата ја напуштиле 2 ученички само поради ваквиот однос на оваа наставничка. Оваа жалба е индикативна и за наставниците од другите предмети.

Друг настан, кој исто така ги возбудил не само наставниците од гимназијата во 1924 година, туку и во градот, бил дописот на весникот "Београдске новости" број 143 од 1 мај 1924 година во кој се зборува за некои негативности на Штипската гимназија. Во писмото упатено до Министерството за просвета СН. бр.8696 од 1о мај 1924 година, директорот на гимназијата Ѓорѓевиќ, по малку со емотивен тон и со предизвик на револт го известува Министерството за револтот на наставниците од невистините и лагите на дописникот од овој лист за Штипската гимназија. Директорот на писмото се задржува, главно, на два момента од дописот: дека гимназијата не е бојадисувана од 1919 година и дека во неа учениците пијат, се коцкаат и лошо се однесуваат

спрема наставниците. Напротив, Ѓорѓевиќ укажува дека зградата на гимназијата е една од најубавите згради во Штип и за неа и нејзиниот изглед во последните две години е потрошено 12оо динари."Тврдам слободно дека ова е најубава зграда во Штип, вели во писмото директорот". Што се однесува до односот на учениците и за другите негативности изнесени во "Белградски новости", директорот на гимназијата пишува дека: "Тоа е исто така измислено, ниедна жалба или тужба оваа гимназија нема добиено до денес од ниеден граѓанин на Штип. По знаење и по пример и по дисциплина никој не може да им забележи". Што се однесува пак до алузиите дека се забележува и корупција кај некои наставници, Ѓорѓевиќ забележува дека "сите наставници живеат од нивните приходи, исклучок прави Душан Будимировиќ, на кој Министерството му одобри отворање на театар кој живее од државна помош. За илустрација ќе го цитираме и интегралниот текст што го објавиле "Белградски новости": "Гимназија во Штип, просвета на патерица". Треба малку повеќе сигурност и знаење како просветен работник не би можел да остане рамнодушен спрема она што се случува денес во овдешната наша гимназија. Ќе почнам по ред. Пред зградата во која се наоѓа нашата гимназија ни од далеку не одговара на потребите на една гимназија. Не само што е зградата стара и без соодветни простории, туку е целата изvalкана и има повеќе од десет години како не е однадвор бојадисана. Понатаму не се забележува ни од страна на Општината, ни од страна на Околијата и Округот како ни од страна на Министерството на просвета никакви посериозни напори да се

./.

создадат подобри услови на нашата гимназија. Директорот е строг. Има наставници кои доаѓаат неспремни на часови и кои се спремни на корупција. Ако има од било каде тепачка на улицата, се знае дека тоа се гимназистите. Ако некаде се случи кражба, пак се поврзува со гимназијалците. Било како било поради овие појави и лошата состојба која ја изнесовме напред, нашата просветна работа се одвива на патерици. Тоа е секако зло, ние сме спремни да веруваме дека Господинот директор сето тоа може да го доведе во ред - само ако сака.[33] Од активностите на гимназијата од 1924 година би ги спомнале уште екскурзиите во Сараево, Приштина, Косовска Митровица и Скопје каде учениците приредиле впечатливи приредби или концерти.

Во 1924 година во Штип работат уште три основни училишта: две во градот и едно во Ново Село. И оваа година продолжува со работа турското училиште со турски наставен јазик. Работи и Женското работничко училиште и вечерното занаетчиско училиште, меѓутоа само во деновите вторник, четврток и сабота во попладневните часови. При женското работничко училиште постоеле паралелки за кроење и ќилимарство, а во рамките на истото, а во организација на Коло српских сестара работи и детско забавиште. Што се однесува до училиштата на село нема никакви промени во однос на претходната година и тие постојат во Радање, Дољани, Карбинци. Континуитетот на работата на Штипската гимназија со ист интензитет и без некои позабележливи

---

33."Београдске новосити", 1 мај 1924 година, стр.4 Архив на Југославија, Белград

промени продолжува се до учебната 1928/29 година кога е укината, поради одредени политички настани во Версајска Југославија. Работата на полната гимназија во градот и бројот на учениците во овие години речиси е константен и се движи од 45о до 46о ученика. Спрема табеларниот преглед испратен до Министерството за просвета од 2о.1о.1925 година бројот на учениците во гимназијата во 1925/26 година изгледа вака:

| Клас | Машки | Женски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| $I_1$ | 45 | - | 45 |
| $I_2$ | 45 | - | 45 |
| $I_3$ | - | 43 | 43 |
| $I_4$ | 24 | 22 | 46 |
| $II_1$ | 52 | - | 52 |
| $II_2$ | 14 | 39 | 53 |
| $III_1$ | 4о | - | 4о |
| $III_2$ | - | 31 | 31 |
| IV | 21 | 19 | 4о |
| V | 18 | 7 | 25 |
| VI | 2о | 8 | 28 |
| VII | 3 | 17 | 2о |
| VIII | 1о | 3 | 13 |
| | 292 | 189 | 481 |

Во учебната 1925/26 година во наставниот персонал на Штипската гимназија се чувствуваат квалитетни кадровски промени. Ова особено се однесува за наративните предмети кои ги предаваат исклучиво супленти или професори. Тешкотии се чувствуваат само по вештините: цртање, пеење, краснопис, гимнастика и други предмети кои ги предавале стручни учители. Во 1925 година Штипската гимназија немала наставник само по француски

. / .

јазик, поради што наставниот колегиум за овој предмет ја назначил учителката Стана Дуканац. Како директори на гимназијата во овој период се спомнуваат Бошко Ѓорѓевиќ, Михаило Миладиновиќ и Милован Арсенијевиќ. Ова најдобро го потврдува и писмото на Великиот жупан на Брегалничката област број 80 од 23 февруари 1926 година упатено до Министерството за просвета. Во писмото се вели: "Гимназијата во Штип веќе подолго време нема стручен наставник по предметот гимнастика. Бидејќи во Штип постои Соколско друштво чија работа е многу корисна, покрај другото и за национално воспитување на младината, било би многу полезно да се назначи стручен наставник по гимнастика кој би бил и раководител на овдешното Соколско друштво, чија работа, поради немање стручен раководител знатно е отежната. Затоа се моли Министерството да постави наставник по гиманстика во Штипската гимназија", Вообичаениот тек на работата на Штипската гимназија во 1927 година се изменува, се случуваат настани, главно од политичка природа, кои се одразуваат и во работата на Гимназијата. Настанале промени и во наставниот колегиум. Дека ова не минало и без поголеми потреси во работата на гимназијата, најдобро потврдува писмото на директорот на гимназијата Милован Арсенијевиќ до Министерството на просветата број 1565 од 11 октомври 1927 година во кое се вели: "Уште на 11 август оваа година под број 1122 е поднесено барање многу наставници од оваа гимназија да бидат преместени а да се назначат други. Од сето ова е извршено само тоа што е

./.

Даница Буквиќ, привремена предметна учителка, преместена во Прилеп, а Борис Арнаудовиќ, привремен предметен учител, по молба во Славонска Пожега. На место нив не е поставен ни еден нов. Бидејќи е завршен уписот на учениците и извршена поделба на предметите на 6 септември оваа година повторно е назначена г-ца Стојка Петровиќ, привремена предметна учителка, наставник по историја. Оо истата телеграма се барани и други наставници за српски, француски и германски јазик, а други за евентуално преместените наставници, да бидат заменети со наставници од иста струка. Како последица на настанот во Штип кој се случи на 5 октомври, ставен е во притвор и кривична истрага на основа точка 7 член 1 од Законот за заштитана јавната безбедност и поредок во државата, Славко Нетковиќ, суплент. Колку можев да констатирам на него оваа гимназија повеќе не може да смета".[34] Во истото писмо Милован Арсенијевиќ наведува дека составот на наставниците во Штипската гимназија е многу лош и бара наставниот колегиум да биде пополнет со нови квалитетни наставници и со чисти национални обележја, бидејќи "ова последното е прв и најглавен услов за добар успех и возвишена работа во овој крај, а особено во ова место кое е најотпорно во национализирањето".[35]

Од тие причини директорот на гимназијата под најитно бара да бидат преместени: Славко Нетков, неговата жена Катерина Неткова, Нико Марчетиќ, Олга Марчетиќ и Стојка Петровиќ.

---

34. Извадок од писмото на директорот на гимназијата Милован Арсенијевиќ до Министерството на просвета бр.1565 од 11.11.1927 година, Архив на Југославија, Белград

35. Исто

. / .

Место нив директорот бара нови наставници, шест на број, меѓу кои по историја, српски јазик, германски јазик, француски јазик и други. Во ова писмо директорот Милован Арсениjевиќ како причина за отстранување на некои наставници од гимназијата ја наведува и слаботото познавање на српскиот јазик. Тој пишува дека во оваа гимназија работат 5 наставника од "Јужна Србија" кои многу слабо го познаваат српскиот јазик. Како пример директорот Арсениjевиќ го зема Славко Нетков за кој вели дека нема завршено ни средно српско училиште, туку бугарско и спрема тоа Славко Нетков, спрема мислењето на директорот е неподобен за оваа средина. Два дена по ова писмо на 13 октомври 1927 година Милован Арсениjевиќ го известува Министерството за просвета во Белград со следната содржина: "На основа член 183 од Законот за чиновници и други државни службеници чест ми е да го известам Министерството за просвета дека со решение на поглаварот на Штипската околија број 1120, од 8 октомври оваа година ставен е во притвор и кривична истрага на Славко Нетковиќ, суплент на доверената ми гимназија. Врз основа на точка 7 член 1 од Законот за заштита на јавната безбедност и поредок во државата. Колку сум усмено известен првостепениот суд во Штип го одобрил притворот".[36]

За работата на Штипската гимназија во оваа учебна година пишува и д-р Марија Јовановиќ спрема која "оваа гимназија, во учебната 1927/28 година била потполна гимназија и во своите редови имала 527 ученици поделени во 14 паралелки, меѓутоа, со нив работеле 16 наставници. Наставничкиот кадар по

---

36. Писмо до Министерството за просвета од директорот на Штипската гимназија, бр.1576 од 13.10.1927 година, Историски архив на град Штип, фонд Штипска гимназија

./.

своите формални и вистински квалификации не бил онаков, каков што барал Законот за средните училишта, а и каков посебно за Штип требало да биде. Поголемиот број од наставниците бил со недоволна квалификација. Квалификувани биле само директорот, двајца професори и двајца суппленти. Бројчано недостасувале уште тројца наставници, за: германски јазик, српски јазик и математика. Со кадарот кој работел во учебната 1927/28 година се констатирало дека слабо се изведувало националното воспитување и се барало измена и дополнување на истиот. Било потенцирано значењето на училиштата за народното просветување и националното воспитување, посебно во "Јужна Србија".[37]

Без разлика на овие настани матурските испити во Штипската гимназија се изведуваат редовно и без пречки. "Во 1926/27 година на матурски испит се пријавиле 3о ученика, 2о положиле, 7 се одбиени на три месеца, а 3 на една година. Во 1927/28 година на испит се пријавиле 35 ученика, од нив положиле 22, 12 се одбиени на три месеци и 1 на една година. Претседател на испитните комисии на овие матурски испити биле С.Цветковиќ, Петар Булота и Петар Петровиќ, пратеници на Министерството за просвета од Белград, активни или пензионирани универзитетски професори".[38]

Извесни промени во просветата и образование во Штип и Штипско до укинување на полната гимназија се забележуваат во

---

37. Д-р Марија Јовановиќ: Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929) НИО студентски збор Скопје, 1983 година, стр.216
38. Податоците се земени од Историски архив на град Штип,фонд Штипска гимназија - Штип (1о,16,11,1оа,58,59)

./.

основните училишта, особено на училиштата во село. Пред се видно се зголемил бројот на учениците. Ова се должи и на фактот дека покрај досегашните основни училишта во Карбинци, Радање и Дољани, биле отворени уште три нови и тоа во селата: Г.Балван, Лесковица, Аргулица и Никоман. Исто така и во Штип е отворено ново училиште во Горно Маало - Св.Архангел Михаил, чија зграда во 1925 година служела како болница и за други потреби на војската.

Под какви услови и со каква национална и социјална структура на децата, работеле учителите во Штипските села, аргументирано, релјефно, иако по малку со уметничко публицистички тон, зборува Петар Татар, учител во 1928/29 година во селото Никоман. Во почетокот на своето кажување Петар Татар спишува дека по некои непишани правила многу почетници од Србија и Црна Гора за учители биле поставувани во Македонија. Неговата прва средба во Штип била со дописникот на "Политика" Јордан Јевремовиќ, кој бил човек со богато искуство и југословенски определен. Понатаму во своите сеќавања Петар Татар на еден живописен начин го опишува селото Никоман и неговото учителствување во него: "Селото Никоман се состои од 18 македонски домаќинства сместени на бреговит терен, 9 км оддалечен од Штип. Училишната општина ја сочинуваат уште две села: Калапетровци, исто така со 18 македонски домаќинства и селото Шашаварлија со 11о домаќинства од турска народност. Училишната зграда со површина од 1oo $m^2$ се наоѓаше во средината на селото".[39]

---

39. Петар Татар: Моите сеќавања од Македонија, Учесници и сведоци, книга 3, Белград 1984 година, стр.233-236

./.

## РАЗГРАНЕТОСТ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ШТИПСКО ВО УЧЕБНИТЕ 1928 - 1932 г.



Понатаму пишува дека селото било сиромашно а училиштето напуштено и запоставено. "Во такви услови требаше да организирам живот, да развивам просветна дејност во средина чии јазик не го познавам"[40] Последната реченица јасно укажува дека српските учители во Македонија се чувствувале во туѓа средина и зборувале на јазик кој за овој народ бил непознат и туѓ. Петар Татар зборува со симпатии и топлина кон овој народ, развил интензивна културно-просветна активност и бил изненаден што се овој народ претрпел во својата историја, во своето петвековно робување и како во такви услови на живеење го сочувал својот национален идентитет, јазикот, обичаите и верата.

Идентични се и сеќавањата на Драгослав Ѓуриќ, кој во 1929 година бил учител во селата Горно и Долно Трогерци. Училишната зграда и во овие села била трошна и скоро распадната: "Стара училишна зграда. Селото ме дочека колку што може поубаво. Се живо се нафрли да го уредува училиштето. Жените и девојките обелуваа и чистеа, се ставаа клупи, се уредуваше дворот. Бројот на учениците изнесуваше од 4о-5о ученика. Народот беше добар, честит и благороден, а заостанатоста голема и тешка".[41] Драгослав Ѓуриќ, покрај училишната работа, се грижел и за здравствената состојба на селаните,ги поучувал и лечел,ги посетувал болните деца во нивните куќи и тн. Најчеста болест, речиси присутна во секој дом била маларијата.

---

4о. Исто
41. Драгослав Ѓуриќ: Во селата на Македонија, Учесници и сведоци, Белград 1984 година, стр.95 - 98

Бројот на учениците во овие и во другите села на Штипско јасно укажува за заинтересираноста на родителите за школување на своите деца. (сп.    )

Од друга страна, пак, гимназијата во Штип во својата работа не бележи само подем, туку имала и паѓања, дури и на морален план. За ова најдобро кажува писмото од еден граѓанин, кој за жал поради нејасниот потпис не може да се идентификува од 30.08.1928 година испратено до Министерот за просвета. Поради интересноста на содржината,иако текстот е пообемен, ќе го презентираме во неговиот интегрален облик. Во него се вели: "Принуден сум да Ви се обратам по овој пат, да Ве замолам Вас и да побарам заштита од насилствата и беззаконитостите кои се вршат во Штипската гимназија. На ова сум принуден, бидејќи вакивите однесувања на просветните работници ме болат и како Србин и како татко. Имено, директорот на гимназијата Милован Арсенијевиќ, на кого е доверен Заводот и Управата од Ваша страна, а ние по сила на околностите му ги доверивме нашите деца, не е за таа функција, бидејќи ја злоупотребува на нечуени начини. Милован Арсенијевиќ не само што се однесува на начин што не доликува на неговата функција, туку тој лично со поедини наставници врши ограбување над учениците. Под негова заштита суплентот Р. Вујиќ припремал ученици по математика и за тоа наплатувал по 400 динара од еден ученик, судејќи по сѐ овие пари, Вујиќ ги делел со директорот, бидејќи тој при поднесувањето пријави за класни испити зборувал на секој ученик: "Ако мислиш да положиш, јави се на г.Вујиќ и дај му 400 динари". И, се

разбира, секој што не дал 4оо динари не положил, а сите други кои дале положиле, со исклучок има само кај една ученичка од VI клас која дала 4оо динари, а не положила. Таа ученичка нема положено затоа што директорот, ја внел во канцеларијата и ја фаќал за градите, а при тоа и предложил да водат љубов. Девојката паднала во несвест, а од наставниците ни еден не се нашол да и помогне. туку и самиот директор од гимназијата зборувајќи: "Не сакам да одговорам и за тоа". Оваа ученичка се вика Катерина, од VI клас. Покрај тоа и самиот директор припремал некоја ученичка по француски и латински јазик по име Милица Миловановиќ. Господин Вујиќ спремал од математика ученици во VIII клас и многу други од останатите класови. Директорот е голем пијаница, во ноќта на 25 овој месец лумпувал цела ноќ заедно со својот шура ученик во VII клас, а наутро кога дошол во гимназијата го истепал ученикот Панче Станчевиќ, ученик во VIII клас кој во тој момент случајно се нашол во ходникот. При полагањето на испитите не се водело воопшто сметка за знаењето на учениците, но однапред се знаело кој ќе положи, а кој нема да положи. За ваквата работа во гимназијата главна улога играл г.Драгољуб Јоциќ, учител во Штип, без кој ништо не се решавало во гимназијата. Тој на секој ученик однапред му кажувал дали ќе положи или не и постојано присуствувал на испитите. Во прво време се мислело дека бил министерски пратеник, но после се дознава дека не е, туку присуствувал на испитите заради давање на

./.

поедини информации. А какви биле информациите тоа воопшто било необјасниво. Или пак можеби е некој поддиректор. Од тука се гледа дека тој однапред земал пари од учениците, но се разбира по некое одобрување, а по чие, тоа може да го утврди само совесна истрага. Чаршијата зборува за сметка на директорот и наставниците. Од ваквата работа за оваа просветна установа, која има важно место во Штип, оваа група го валка угледот не само на граѓаните на Штип туку и на нашата држава. Ваквата работа создава нерасположение и недоверба на законот кој овој народ не треба веќе да го трпи, туку веднаш треба на сето ова да се стави крај и да се подигне авторитетот на нашето школство, а ваквите наставници и директорот кои ова го злоупотребуваат преку своите положаи, а поради општиот углед, треба да ги добијат најстроги законски мерки како би се задоволила правдата. Сметам дека треба испитите да се поништат и да се свика нова комисија во присуство на ваш пратеник, од причина големиот број деца да не ја загубат годината. Има ученици кои во првото тромесечие имаа многу добри оцени за потоа да добијат слаби, а на поправниот испит да повторуваат. Има такви ученици кои имале одлични и многу добри оцени, а само од еден предмет повторувале. Треба да се има предвид со колкава тешкотија ги школувале своите деца, а сега на овој начин ја упропастуваат нивната иднина, а особено на ученичките обеспpавени од еден старешина и воспитувач кој е повикан да води грижа а не да ја злоупотребува заедно со своите наставници".[42]

42. Од писмото до Министерството за просвета на СХС, одделение за средна настава, Архив на Југославија СН.бр.294об, 1928 година, Белград

Интересно е дека ова писмо се нашло и во уредништвото на емигрантскиот весник "Македонија" кој излегувал во Софија поради што до максимум го злоупотребил за своите пропагандни цели. Во написот на "Македонија" се цитираат децидно податоците што ги наоѓаме и во писмото на овој граѓанин. Овој настан болно одекнал и меѓу граѓаните во Штип и во Министерството за просвета, поради што директорот на гимназијата Милован Арсенијевиќ и суплентот Р. Вујиќ биле отпуштени.

Во моментот кога училишната мрежа во Штип и Штипско започна да се разгранува, граѓаните на Штип беа вчудовидени од решението на Министерскиот совет да се укине Штипската полна гимназија и да се редуцира на четири години. Се сметало дека бројот на полните гимназии во Кралевината не треба да бидат повеќе од 80, бидејќи финансиските можности и намалениот буџет во 1928 година го наложиле ова како неопходност. Директорот на гимназијата Живојин Микиќ лично го известува Министерот за просвета во Белград дека оваа негова наредба да се спроведе во дело "жално ги погоди учениците и граѓаните на Штип". Во писмото од Микиќ прави обиди да го убеди Министерот дека Полната штипска гимназија не треба да се укине од следните причини: "Штип е обласно место и како центар во него се стекнува секоја настава и администрација. Дури и учениците од Струмица, која не спаѓа во Брегалничката област, доаѓаат во Штип да го продолжат своето школување, бидејќи Струмичката гимназија е намалена од шест на четири класа.

./.

Нема потреба да ги спомнуваме и другите гратчиња од Брегалничката област: Кочани, Радовиш, Св.Николе, Берово, Царево Село и други, кои ее своите деца ги школуваат во Штип, затоа што најблиската гимназија е во Велес, и е укината. На тој начин учениците од V клас без разлика на материјалните можности мораа да одат или во Скопје или во Куманово, како најблиски гимназии или уште подалеку. Убедени сме дека тоа нема да го направи ни едно чиновничко дете, а камоли сиромашно кое од училиштето многу очекува. А богатите секако ни по која цена своите деца нема да ги праќаат подалеку од своите куќи. Такви се овде луѓето. Наредбата да се укине V клас дојде во невреме, бидејќи V клас во Штипската гимназија брои 60 ученика и ученички заедно и има два класа. Се разбира дека подобро ќе беше ова да се случеше пред почетокот на училишната година за да можеа учениците да се запишат во друга гимназија. Последица на ова е 3/4 на учениците од V клас да останат дома и засекогаш да го загубат парчето леб кое секако ќе им беше обезбедено".[43] Писмото продолжува во тој тон особено укажувајќи дека на "Јужна Србија" и требаат најмногу просветни установи, бидејќи таа е многу поназад од нашите северни краеви". Живоин Микиќ го завршува своето писмо со надеж дека министерот ќе ја повлече својата наредба за укинување на Полната гимназија во Штип. За жал, до тоа не дојде и во 1928-29 година гимназијата во Штип како полна престана со работа.

За овој, може да се рече политички потег, др.Марија Јовановиќ пишува:

43. Извод од писмото на директорот на гимназијата од 1927 г. до министерот за просвета во Белград, Историски архив на Југославија

./.

"По постигнатиот број од 15 гимназии, кој бил максимален за периодот од 1918 до 1929 година, започнува да се менува политиката во настојувањето кон отворање на нови гимназии и претворање на непотполните во потполни гимназии. Великосрпската владеачка буржоазија започнала да се страхува од создавањето поголем број македонска интелигенција, која им создавала политичко главоболие, поради што таа пристапила кон менување на дотогашната политика во смисла да се прекине со отворање на нови гимназии, а набргу пристапила и кон затворање на веќе постојните. Таа своја политика ја регулирала со донесувањето на новиот закон за средните училишта во 1929 година. По овој закон биле укинати гимназиите во Кичево, Ресен, Струмица и Кавадарци, а како причини било наведувано неисполнувањето на законските услови по кои овие гимназии можеле да работат. Покрај тоа, биле сведени од потполни во непотполни гимназиите во Велес, Куманово, Охрид, Прилеп и Штип".[44]

Како резултат на тоа, бројот на учениците во Штипската неполна гимназија забележливо се намали и се сведе само на 32о ученика. Покрај тоа критериумите за упис во I клас гимназија знатно се пооштриле, се зголемила школарината, полуматурските испити исто така се заостриле, а продолжило и исклучувањето на слабите ученици на полугодието по членот 54. Во 1929 година за директор на Штипската гимназија бил назначен Коста Дошен.

44. Д-р Марија Јовановиќ: Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929) НИО студентски збор, Скопје, 1983 година, стр.216

Основните како и другите училишта во градот и понатаму работат со ист интензитет само што, Женското работничко училиште овој пат има само отсеците за кроење и шиење. Управник на Вечерното занаетчиско училиште во 1929 година бил Витомир Ѓорѓевиќ, а на основните училишта во градот и во селата, Василие Дракаљевиќ. Исто така со работа продолжува и турското основно училиште чии управник бил Јордан Јевремовиќ. Ваквата разгранетост на училишната мрежа во Штип и Штипско континуирано продолжува и во наредните две учебни години 1929/30 и 1930/31 година. Од податоците во Историскиот архив во град Штип - Фонд Штипска гимназија, за 1929 година бројот на учениците изгледал вака:

1929 година

| Клас | Ученика | Ученички | Вкупно |
|---|---|---|---|
| $I_1$ | 52 | - | 52 |
| $I_2$ | - | 51 | 51 |
| II | 26 | 2o | 46 |
| $III_1$ | 43 | - | 43 |
| $III_2$ | 9 | 29 | 38 |
| $IV_1$ | 39 | - | 39 |
| $IV_2$ | 12 | 27 | 39 |
| V | 3o | 14 | 44 |
| VI | 23 | 15 | 38 |
| VII | 13 | 3 | 16 |
| VIII | 21 | 6 | 27 |
| | 268 | 165 | 433 |

За 1930/31 година може да се констатира дека, иако неполна гимназија како ретко кога наставниот кадар во неа бил целосно комплетиран, биле назначени сите потребни професори и по сите предмети освен по вештините: цртање, пеење,

гимнастика, краснопис и рачна работа чии програми ги реализирале учители. Во оваа година гимназијата добила нов директор Марковиќ Драгомир. Бројот на учениците за 1930 година, изгледал вака:

1930 година

| Клас | Ученика | Ученички | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Ia | 57 | - | 57 |
| Iб | 25 | 33 | 58 |
| II | 29 | 22 | 51 |
| III | 24 | 12 | 36 |
| IVa | 31 | - | 31 |
| IVб | 11 | 17 | 28 |
| | 177 | 84 | 261 |

## РАБОТАТА НА УЧЕНИЧКИОТ ДОМ ПРИ ГИМНАЗИЈАТА ВО ШТИП

Во 1930 година при гимназијата во Штип е отворен "Ученички дом Крал Александар I". Отворањето на Домот со цел да се овозможи полесно школување на сиромашните и талентирани деца, може да се каже дека повеќе била приватна иницијатива и дело на НВ. Превосвештенство господин епископ злетковско-струмички Венијамин и на генералот Стево Радовановиќ. Правилата за работа на Домот, претседателот на Иницијативниот одбор епископот Венијамин ги испратил до директорот на гиманазијата во Штип со цел тој да ги испрати на одобрување до Маршалот на дворот за домот да го носи името на кралот. Писмото заведено под број 1о8 од 7.11.193о година гласи: "Во прилогот Ви се доставуваат правилата на ученичкиот дом "Крал Александар I" во Штип , со молба истите да ги доставите до Министер-

ството на просвета на одобрување". Само пет дена подоцна правилата биле испратени до Белград на 12 октомври 193о година, а веќе на 3о октомври истата година министерот на просвета лично го известува директорот на гимназијата дека: "Ги одобрувам правилата за организација на ученичкиот дом "Крал Александар I" во Штип".[45] Правилата за организација на ученичкиот дом содржат само 12 члена поделени во неколку дела. Првиот дел со два члена гласи: Наслов и задачи. Вторoт дел со 42 члена гласи: Услови за примање на ученичкиот дом. Во овие членови, главно, се истакнуваат критериумите под кои може да се примаат учениците во домот. Следниот дел: Средства за одржување на ученичкиот дом "Крал Александар I" е даден само со еден член кој кажува дека најголем добротвор за одржување на овој дом бил кралот Александар I, а покрај него, домот добивал помош и од државната општина, поедини друштва и одделни лица. Потоа следуваат деловите: управа и надзор, отворање и затворање на ученичкиот дом и други важечки правила. На крајот се потпишани сите девет члена на Одборот, главно, од видни граѓани, претседателот на Одборот Венијамин и секретарот Д.Јанчиќ. Каква важност се давала на овој дом зборува и податокот дека во Одборот влегувале и лица какви што се:епископот, командантот на Брегалничката дивизија, Околискиот началник, директорот на гимназијата, претседателот на Општината и од

45. Писмо од Министерот за просвета СН.бр.34о26 од 3о октомври 193о година, Архив на Југославија, Белград

друштвата: "Друштво на српските сестри" и "Кнегиња Зорка".

Бројот на учениците од интернатот не бил фиксиран за секоја година, туку во зависност од материјалните средства и приходите на интернатот, бројот се зголемувал или намалувал за секоја училишна година. Обично овој број се движел од 60 до 90 ученика.

Најголемиот број од нив биле питомци на домот, а останатите плаќале месечно од 300 до 350 динари. Питомците на домот, покрај стан и храна, добивале уште и бесплатна облека, односно униформа.

Во учебната 1933/34 година во интернатот биле примени 60 ученици, главно питомци, а само 13 плаќале пансион и тоа од поимотни семејства.

За одбележување е дека покрај учениците од селата, во оваа година во интернатот, имало и три ученика од Штип, кои исто така добивале бесплатно храна и униформа. Во оваа учебна година, интернатот добил и своја библиотека, наменета само за учениците од интернатот. Во идната година бројот на учениците во интернатот се намалил за шест ученика. За да обезбедат место и во наредната година овие ученици морале да положат со одличен успех или барем многу добар и одлично поведение. Ова е и едно од причините што бројот на учениците во интернатот се менувал. Забележливо е дека најмногу биле отстранувани учениците од први клас, што е сосема природно, бидејќи тие, најчесто дојдени од село, тешко се вклопувале во новата средина.

Во идната 1935/36 година, бројот на учениците во интернатот уште повеќе се намалил и спаднал на педесет. Од нив само 12 плаќале месечен пансион од 3оо динари.

Од годишните извештаи за работата на интернатот и од записниците на инспекторите, може да се констатира дека учениците сместени во интернатот покажувале подобар успех од другите, што ја потврдува оправданоста на неговото постоење. Воспитувач во интернатот во оваа учебна година бил суплентот Јовановиќ.

Видливо паѓање на учениците питомци во интернатот се забележува во наредната 1936/37 година кога тој изнесувал само 39 ученика, а воспитувач бил професорот Александар Богдановиќ.

Најголем број ученици во текот на една година, домот имал во учебната 1937/38 година кога достигнал дури до 97, но во текот на годината поради слаб успех на полугодието или поради лично напуштање, овој број на крајот од учебната година се намалил повеќе од половина и останале само 45 питомци. Во текот на оваа година интернатот бил опремен со нов инвентар, а учениците добиле уште еден воспитувач, така што во наредната 1938/39 година во интернатот воспитувачи биле Вељко Перишиќ и Божидар Нилевиќ.

И во наредните две години, односно до почетокот на Втората светска војна, во работата на оваа институција, која

./.

во целост го осмисли своето постоење, не се забележливи некои покарактеристични промени, со што би дале нов тон или нова форма на работа.[46]

Квалитетни измени во овој период: 1931/32 година се забележуваат во основните училишта кои, покрај оние во градот: Св.Кирил и Методи, Горно Маало и Ново Село и училиштата во селата: Карбинци, Радање, Аргулица и Горни Балван, се отворени уште и во Кошево, Лесковица, Пиперово, Драгеево, Долни Балван, Долно Трогерци и Врсаково. Интересно е што ваквата училишна мрежа во Штип нема да се менува со до пропаста на кралството Југославија во 1941 година. Во оваа учебна година во Штипската неполна гимназија се запишале 327 ученика поделени во осум паралелки и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| - | Iа | 46 ученика |
| - | Iб | 43 ученика |
| - | Iв | 42 ученика |
| - | IIа | 51 ученик |
| - | IIб | 49 ученика |
| - | IIIа | 32 ученика |
| - | IIIб | 29 ученика |
| - | IV | 35 ученика |

Во учебната 1932/33 година, бројот на учениците во Штипската гиманзија се намалил за 8о ученика. Во оваа учебна година биле запишани вкупно 251 ученик од кои во текот на годината 19 ученика ја напуштиле и останале само 235. Во I клас гимназија, за приемен испит се пријавиле 148 ученика, од кои положиле само 82. Од нив од градот се пријавиле 93, а положиле само 36. Податокот покажува дека критериумите за

46.Александар Апостолов-5о-годишнина од I генерација на матуранти на обновената гимназија во учебната 1938/39 г. со посебен осврт на Штипската гимназија помеѓу двете светски војни,изд.Друштво за наука и уметност-Штип-Списание "Дело 74",Штип,1989, стр.57-67

упис во I клас гимназија биле навистина тешки. Се забележува дека од пријавените деца од градот, повеќе од половината, паднале на приемниот испит.[47] И оваа година во рамките на Штипската гимназија работат повеќе организации кои низ различни форми и содржини ги опфаќале учениците. Такви се Друштво на трезвени младинци "Срећа", подмладок на "Јадранска стража", подмладок на "Црвен крст", културната ученичка дружина "Напредок" и други. Успехот што го покажале учениците во оваа учебна година спрема извештаите, изгледа вака:

| Клас | одлични | мн.доб. | добри | ост.за полаг. | повтор. | изг.пр. на шко. | исклучени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 4 | 17 | 25 | 2o | 3 | 2 | 1 |
| II | 7 | 12 | 19 | 33 | 3 | - | 5 |
| III | 6 | 14 | 1o | 21 | 7 | - | 5 |
| IV | 2 | 8 | 6 | 1o | 6 | - | - |

Најдобар успех постигнале учениците во Ученичкиот дом кои во оваа учебна година биле примени 5o ученици. Солидни резултати на сите овие ученици им овозможиле понатамошно престојување во домот. На полуматурските испити во оваа учебна година се јавиле 3o ученика од кои, како одлични ученици 6 биле ослободени од полагање, 15 го положиле испитот, 5 биле оставени за поправен испит, а еден изгубил право на полагање, а 3 се откажале од полагање.

Во учебната 1933/34 година за директор на Штипската гимназија бил поставен Крсто Љумовиќ. Оваа година, гимназијата бележи посебни активности, од кои некои се врзани за значајни јубилеи на кралството Југославија. Тана на пример, на

47. Историски архив на град Штип, Фонд Штипска гимназија, извештај за учебната 1932/33 година

прославата на годишнината од Брегалничката битка, посета на гимназијата направил кралскиот пратеник, генерал Вељковиќ, понатаму министерот за внатрешни работи Живојин Лазиќ и командантот на армијата, генерал Милан Недиќ. Нема дилеми какво пропагандно значење имале овие посети. На прославата на празникот Св.Сава биле одржани повеќе собири на ученици и родители при што биле доделени повеќе награди на истакнати ученици, меѓу кои и наградите на Српската кралевска академија и министерот за внатрешни работи Живојин Лазиќ. Од вонучилишните активности во оваа година, треба да се спомнат и концертите приредени за родителите и учениците и воопшто за граѓаните од Штип. Во тој контекст е и писмото на директорот на Штипската гимназија, Крсто Љумовиќ упатено до Министерството на просвета под бр.885, во кое се вели: "За да се изведува што поуспешно настава по националните предмети, на кои во овој крај треба да им се обрне посебно внимание, Ве молам од магацинот на Министерството на просвета да се испрати во ова училиште што поголем број книги со национална историска содржина, особено народни песни".[48]

Иако веќе спомнавме дека сите предмети во гимназијата се застапени со соодветни наставници, сепак во писмото од директорот на гимназијата бр.1о23 од 3о јуни 1934 година се вели: "Спрема сегашната состојба во наставниот колегиум (13 редовни) и спрема бројот на одделенијата, кои се предвидуваат за идната учебна година (13, досега 12 одделенија), неминовно

48. Писмо од директорот на гимназијата до Министерството за просвета, број 885 од 22 септември 1933 година

е потребно гимназијата да добие:

1/ 1 наставник за природни науки (зоологија и ботаника). Оваа гимназија до денес нема ни еден природњак.

2/ 1 наставник по математика. Денес ова училиште има само еден наставник по математика.

3/ 1 наставник по веронаука. Училиштето денес има два хонорарни наставника (прота и прота ѓакон) за овој предмет, а двајцата одлично работата, меѓутоа, ова им е споредна должност и надвор од часовите не припаѓаат на гимназијата.

4/ 1 наставник по пеење и свирење. Потребата за овие два предмети да се добие еден наставник, толку пати ја имам истакнувано воочувајќи од каква важност се овие две вештини за овие краишта. Овие предмети досега ги предава, по неволја наставник чија струка е гимнастика. Повторно ја истакнувам оваа потреба и молам повеќе да не се допушта оваа гимназија да остане без наставник по пеење и свирење.

5/ Во колку Душан Будимировиќ,привремен учител, биде разрешен од сите должности во ова училиште и биде испратен на работа во овдешниот театар, како што барав порано, тогаш на негово место треба да се постави еден наставник по германски јазик и по историја.

6/ Должноста на училишен лекар ја врши приватниот лекар д-р Благој Тошановиќ. Тој оваа должност ја врши совесно, точно и често на штета на својата пракса од која единствено и живее. Хонорарот му е мал, 150 динари месечно. Барав

. / .

овој хонорар да му се зголеми. Барајќи го тоа и овој пат, поднесувам и предлог, во оваа гимназија да се назначи уште еден училишен лекар. Во гимназијата има 46о ученика, секојдневно голем број од нив, особено болуваат од маларија, и често барале лекарска помош. Тешко е сето ова да го врши еден лекар. За втор училишен лекар кој би ги зел вишите класови го предлагам овдешниот околиски лекар д-р Драгутин Чвориќ, додека д-р Благоја Тошановиќ да остане и понатаму да работи со нижите одделенија. Молам и двајцата лекари да добијат поголем хонорар".[49] Иновација во наставата во текот на 1934 година во работата на Штипската гимназија означува употребата, за првпат при изучувањето на германски и француски јазик грамофон со плочи. Во учебната 1933/34 година во Штипската гимназија биле запишани 3о9 ученика распоредени во девет паралелки и тоа:

| Клас | Ученика | Ученички | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Iа | - | 4о | 4о |
| Iб | 41 | - | 41 |
| Iв | 39 | - | 39 |
| IIб | 38 | - | 38 |
| IIIа | 15 | 17 | 32 |
| IIIб | 33 | - | 33 |
| IVа | 13 | 16 | 29 |

Полуматурски испит оваа година полагале 39 ученика од кои 8 биле ослободени од испити, положиле 17, на поправен останале 12, а само двајца биле одбиени на година.

Континуитет на еден вообичаен тек на Штипската гимназија во учебната 1934/35 година е нарушен од настанот што

49. Писмо од директорот на гимназијата до министерот за просвета, бр.1о23 од 3о јуни 1934 година, Историски архив на град Штип, Фонд Државна реална гимназија во Штип

./.

ја возбуди целата кралевина. Тоа е убиството на крал Александар I во Марсеј во 1934 година. Тоа на сите активности во гимназијата во оваа година даде овој настан. Наставниците и учениците во оваа година за граѓаните од град Штип одржале комеморативен концерт со предавања посветени на кралот. На оваа и на други комеморативни седници, на часовите пред учениците не само од националните предмети, се глорифицирала личноста на кралот и неговото значење за обединување и создавање на државата СХС. Исто така помпезна била и прославата на празникот Св.Сава, кога по извесна пауза повторно била доделена наградата на Српската кралевска академија на учениците кои покажале најдобар успех од националните предмети: српски јазик, литература и историја.

Исто така е одржана традиционалната свеченост на празникот Видовден на 28 јуни на која директорот на гимназијата одржал предавање на тема: "Значењето на семејството и училиштето за просветување". Учениците на гимназијата приредиле концерт, а по него биле доделени наградите на одличните и многу добри ученици. Наставничкиот колегиум оваа учебна година го сочинувале 14 професори, 1 учител по пеење и музика, 2 хонорарни наставника по рачна работа и гиманастика, 1 учител по цртање и краснопис и 3 учители по предметот веронаука. Се забележува дека барањето на гимназијата за уште еден учител за веронаука од претходната година, Министерството за просвета веднаш го исполнила. Во гимназијата продолжиле со работа сите ученички организации. Интернатот

./.

успешно продолжил со работа. Бројот на примените ученици во непотполната гимназија го одржува нивото од претходната година и тој изнесувал вкупно 299 ученика. Од тоа класот го завршиле со одличен успех 15 ученика, со многу добар 48 и со добар успех 75 ученика. На поправен испит биле упатени 91, класот го повторувале 58, а право на школување загубиле 13 ученика. Полуматурскиот испит во оваа година го полагале 47 ученика од кои, поради одличен успех 5 биле ослободени, а 34 го положиле, 7 биле упатени на поправен испит, а 5 одбиени на една година.

Во работата на Штипската гимназија во учебната 1935-36 година се случува настан кој и за гимназијата и за градот Штип означил вистински празник. Имено, со указот на НВ на кралот СН бр.38371 од 3о септември 1935 година, гимназијата во Штип се повторно трансформира во "потполна државна реална гимназија на начин нејзиното прераснување да се изведе постапно".[5o] Се пристапило веднаш на реализирањето на овој указ и во V клас биле запишани 35 ученика кои на 15 октомври 1935 година започнале со редовна настава. Прераснувањето на гимназијата во полна веднаш се почувствувало не само во Штип туку и во целата Источна Македонија. Интересот за упис во гимназијата одново се зголемил. На тоа покажува и податокот дека оваа учебна година биле запишани 345 ученици и уште нешто ново во активноста на гимназијата, овој пат вонучилишната активност, односно културната ученичка дружина "Напредок" била

---

5o. Извештај на гимназијата за учебната 1935/36 година, стр.8

преименувана во литературна ученичка дружина "Напредок". Меѓутоа, оваа промена не се однесува само на името, туку има суштинска измена и во содржината на работата на дружината за која ќе стане посебен збор и поопширно. Од работата на ученичките и младинските организации при гимназијата за одбележување е тоа дека оваа година тие се збогатуваат со уште една асоцијација, а тоа е, "Подмладок на соколското друштво". Основните училишта, кои биле три во градот, и оние во селата за кои спомнавме, продолжуваат со својата континуирана работа. Во областа на просветата и образованието во Штип и Штипско и во наредните две години се до учебната 1938/39 година кога за првпат во Штипската гимназија по нејзиното укинување полна во 1928 година се изведени матурски испити.

За овие две години не се забележуваат никакви промени ни во работата на основните училишта, ниту во градот, а ниту во селата. За одбележување е тоа дека за претседател на испитниот одбор за изведување на матурските испити бил назначен директорот на Штипската гимназија, Драгољуб Поповиќ, затоа што Министерството за просвета од Белград не испратил свој пратеник. Матурските испити биле изведени од 15 до 22 јуни. Испитниот рок, покрај Драгољуб Поповиќ го сочинувале: Иван Барбалиќ, Божидар Никевиќ, Јелена Богдановиќ, Роза Којзеклиева и Марија Тоскиќ, сите професори во оваа гимназија. За полагање на матурски испит се пријавиле 34 кандидати од кои 29 биле редовни ученици, еден ученик се јавил по втор пат, а четворица полагале приватно. Поради



Прва генерација на матуранти на обновената полна гимназија 1938/39 година

одличен успех од полагање на устен испит биле ослободени учениците: Брезевски Благоја и Спасиќ Спасое. Матурскиот испит го положиле 14 ученика, на три месеци биле одбиени 11, а на една годинабиле одбиени 4, еден кандидат се откажал од испитите, а двајца кандидати не се јавиле. На полуматурските испити во оваа учебна година се јавиле 55 ученика од кои редовни биле 52, а 3 се јавиле по втор пат, Поради одличен успех биле ослободени 3 одлични ученици, 27 го положиле полуматурскиот испит, 18 останале на полагање а 6 ученика биле одбиени на една година.

Учебната 1939/4о година е претпоследна предвоена генерација матуранти на Штипската гимназија, односно втора генерација од нејзиното работење како полна гимназија. Во оваа учебна година биле запишани 4о9 ученика од кои 351 ученик и 158 ученички. Од нив во VII клас посетувале 35 ученици, а во VIII клас 3о ученици. Седмиот клас во оваа учебна година ќе биде последна генерација матуранти на оваа гиманзија, бидејќи ~~започна~~ нападот на фашистичка Германија воедно ќе значи и крај на работата Штипксата гимназија.

Последна предвоена генерација на Штипската гимназија биле учениците запишани во 194о/41, затоа што априлската војна од 1941 година го спречила нивното понатамошно школување и за нив нема печатен извештај како за претходните генерации.

Последните податоци се регистрирани на 6 ноември 194о година. Според нив во оваа учебна година вкупно во гимназијата имало 551 ученик, од кои машки 368 и женски 183.

./.

Последната генерација матуранти, односно VIII клас, броел 37 ученици, од кои машки 26 и женски 11. Сите ученици биле распоредени во 14 паралелки, а наставата се изведувала и предпладне и попладне, бидејќи гимназиската зграда располагала само со 6 училници.

Во последните две учебни години, па сé до сломот на кралството Југославија и бомбардирањето на градот на 6 април 1941 година во разгранетоста на просветните и училишните установи во Штип и Штипско не се изменило ништо: продолжиле со работа трите основни училишта во градот и 12 на село, продолжило со работа и Вечерното занаетско училиште, Женското работничко училиште, Детското забавиште, Државната реална гимназија и Народниот универзитет. Сите овие училишта по срамната капитулација на Кралството Југославија, веднаш престанале со работа.

Со доаѓањето на бугарските фашистички окупатори, образованието и воспитувањето во Штип добива нова боја, овој пат потемна и поперфидна.

# П Р Е Г Л Е Д

## за бројот на учениците во Штипската гимназија што дипломирале по завршувањето на VIII (осми) клас-по учебни години.[51]

| | |
|---|---|
| Учебна година 192o/21 | 21 |
| Учебна година 1921/22 | 14 |
| Учебна година 1922/23 | 19 |
| Учебна година 1923/24 | 27 |
| Учебна година 1924/25 | 26 |
| Учебна година 1925/26 | 13 |
| Учебна година 1926/27 | 24 |
| Учебна година 1927/28 | 33 |
| Учебна година 1928/29 | 22 |

Од учебната 1929/3o година па се до учебната 1937/38 година во гимназијата не се изведувани завршни испити, бидејќи е била укината се до 30.09.1935 година кога постепено прераснала во полна.

| | |
|---|---|
| Учебна година 1938/39 | 28 |
| Учебна година 1939/40 | 31 |

Вкупно ученици кои положиле зрелостен испит за време на бивша Југославија изнесува........................................258

---

51. Историски архив во град Штип, Фонд Српска кралска гимназија и Државна реална гимназија у Штипу, главни книги за положен зрелостен испит за годините 192o/21 до 1928/29 и 1938/39 до учебната 1939/4o година.

# НАСТАВНИЦИ - ШТИПЈАНИ ПРИ ШТИПСКАТА ГИМНАЗИЈА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

На работа во Штипската гимназија помеѓу двете светски војни биле следните професори, супленти, учители по вештини и повремени предметни наставници:

1. Нетковиќ Славко: суплент, со завршен филозофски факултет група биологија (ботаника, зоологија, анатомија и геологија). На работа во Штипската гимназија дошол во учебната 1924/25 година, а работел до 1927 година,кога по убиството на генерал Михајло Ковачевиќ е затворен, бидејќи бил осомничен за учество во атентатот над генералот.

2. Борис Арнаутовиќ: професор, природна група на предмети и математика и физика. Во град Штип преместен со указ СН бр.16477 од 1о декември 1926 година, на работа во Штипската гимназија останал до 1927 година кога е преместен.

3. Ѓорѓичковиќ Риста: професор, завршил филозофски факултет група ботаника, зоологија и геологија. На работа во град Штип дошол во 1930/31 година. Го раководел хорот "Единство".

4. Шкодреану Василка: студент, завршила филозофски факултет група француски јазик, теорија на книжевноста, југословенска книжевност и национална историја. Во Штип назначена за првпат во учебната 1933/34 година. Била претседател на клубот "Пријатели на Франција".

5. Чучковиќ Манојло (Емануел): во Штип преместен на работа со Указ на Н.В.Кралот СН бр.26783 за професор во Штипската гимназија од Бијелина, а преместен со Указ СН бр.45457 во

Смедеревска Паланка. Завршил филозофски факултет група физичка и национална географија, етнологија, етнографија, славјанска филологија и историја. Во град Штип останал на работа до месец декември на учебната 1934/35 година.

6. Којзеклиевиќ Роза: суплент, завршила филозофски факултет група општа и национална историја и југословенска книжевност. На работа во град Штип дојдена во учебната 1935/36 година и останала се до 1940/41 година.

Привремени предметни наставници

1. Петровиќ Стојка: на работа во Штипската гимназија помеѓу 1920/21 до 1929/30 учебна година. Во гимназијата третирана како неподобна за градот мештанка и од сите министерски пратеници што ја посетувале Штипската гимназија предлагана за преместување. Предавала повеќе предмети во гимназијата.

2. Парнациевиќ Ратка: од Штип, хонорарен времен наставник по вештини. Предавала женска рачна работа и е плаќана хонорарно од час и во Штипската гимназија се спомнува веднаш по завршувањето на Првата светска војна и работи се до 1941 година.

3. Гичевиќ Павлина: од Штип, завршила матурски испит во Штип, а како член предњак на бившето Соколско друштво во град Штип, назначена за хонорарен предметен наставник по гимнастика во Штипската гимназија 1933/34 година. На работа во Штипската гимназија била се до 1941 година.

## Свештеници - хонорарни наставници

1. Фуад Шефкија: од Штип, имам во имаматот во град Штип, на работа во Штипската гимназија по завршувањето на Првата светска војна. Предавал веронаука на муслиманските деца во град Штип - гимназијата и е плаќан од одржан час по веронаука.

2. Гоговиќ Методија: завршил Теолошки факултет - свештеник. Во гимназијата назначен на работа 1936/37 година и предавал катахизис и вероучение во гимназијата. Во гимназијата работел хонорарно се до 1941 година.

## Лекари на работа во гимназијата

1. Тошановиќ д-р Благоје: лекар на работа во амбулантно-поликлиничката служба во град Штип - раководител на училишната амбуланта. Во Штипската гимназија одговорен за хигиената и предавал хигиена во III и IV клас по 1 час = 4 часа неделно.

- - -

# АКТИВНОСТА НА УЧЕНИЧКОТО ЛИТЕРАТУРНО ДРУШТВО "НАПРЕДОК" И КНИЖЕВНИОТ ФОНД НА ГИМНАЗИЈАТА ВО ШТИП

Значајно место за ширењето на културно просветните активности во Штип и Штипско во периодот меѓу двете империјалистички војни има и работата на ученичката дружина "Напредок". Нејзиното формирање се должи на иницијативата на учениците од повисоките класови на оваа гимназија, кои на 1 јануари 1921 година званично го објавиле почетокот на работата на оваа дружина. Културното ученичко друштво "Напредок" било формирано уште 1915 година, но поради започнувањето на Првата светска војна тоа не започнало со својата работа, иако тогашниот директор Лазар Трипковиќ званично го известил Министерството за просвета на СРбија дека таквата културно-ученичка дружина започнала со работа. По тој повод, директорот на Штипската гимназија Лазар Трипковиќ со писмото од 1о јануари 192о година го известува министерот за просвета на кралството на Југославија за почетокот на оваа дружина во кое се вели: "Чест ми е да го известам господинот министер дека во оваа гимназија е основана ученичка дружина "Напредок" која има за цел материјално и општествено да ги образува своите членови. Наставникот по српски јазик Драгослав Илиќ е одреден за надзорник на оваа дружина. Покрај библиотеката и читалните, дружината има и театарски отсек, а наскоро ќе се формира и фудбалски клуб. Испратен е апел до сите овдешни установи, институции и до граѓанството, да издезат во

./.

пресрет на оваа установа, а особено со подароци на избрани книги. Началникот на Штипскиот сред Љуба Марковиќ на оваа дружина и го подари Вуковиот речник и целокупните дела на Љубомир Ненадовиќ".[52] Основна цел на друштвото, всушност, содржина на работа на оваа дружина биле напорите за снабдување со книги на ученичката библиотека, а покрај тоа во својата работа не го запоставувала ни општото образование на своите членови. Со одлука на Наставниот совет за раководител на ученичка дружина "Напредок" бил определен наставникот по српски јазик Драгослав Илиќ. Првата управа на оваа дружина ја сочинувале учениците Кирило Јанѓеловиќ - ученик од VI клас и претседател на дружината, Методи Дуковиќ, исто така ученик од VI клас и потпретседател на дружината, Стојка Петровиќева - ученичка од VI клас и секретар на оваа дружина и Тодор Гичевиќ - ученик во V клас, член и библиотекар на ученичката дружина "Напредок". Од уплатените влогови и подароците од поедини лица оваа дружина ја збогатила ученичката библиотека со 66 избрани книги. Работата на оваа дружина со свои материјални средства во оваа година ја имаат помагано: Лазар Трипковиќ - директор на гимназијата, Срета Милосавлевиќ - надзорник во Монополот, М. Недиќ - адвокат и Јордан Пуздралијевиќ - трговец од Штип. Од членовите на литературната дружина со своите способности, ерудиција и смисла за пишување се истакнувал ученикот од V клас - Василије Кимовиќ. Иако без поголема програмска ориентација, сепак во наредната 1921 година ученичката дружина "Напредок"

52. Писмо од директорот на гимназијата од 1о јануари 192о година, СН бр.519, Архив на Југославија, Белград

./.

ја продолжила својата активност, речиси со истите форми како и во претходната година. Од извештајот на државната реална гимназија во Штип за 1921 година се забележува дека во Управниот одбор на дружината настанале некои измени. За претседател на ученичката дружина бил избран Манојло Чучковиќ - ученик од VII клас, за потпретседател Димитар Ѓузеловиќ, исто така ученик од VII клас, додека должноста благајник на друштвото ја вршел Тодор Гичевиќ. Во оваа година се забележува осетно збогатување на ученичката библиотека, која за разлика од минатата година кога имала 45 броја и 65 книги, во оваа 1921 година библиотеката располага со 307 броеви со 406 книги. Основен тон на работата на дружината давале формите преку кои, што е сосема во склад со интенциите и политичката целокупна активност во гимназијата, преку кои се настојувало српскиот јазик и српската книжевност да најдат повеќе место. Се организирале курсеви по српски јазик за учениците за да бидат подготвени во погорните класови на гимназијата. Можеби најполезна придобивка од овие разнообразни активности била создавањето желба и љубов кон книгата и поттикнување на читачките интереси кај учениците. Бидејќи гимназијата не располагала со посебна просторија за библиотеката, нејзината активност се одвивала во училницата на VIII одделение. Покрај библиотеката на ученичката дружина "Напредок", за ширење и популаризација на книгите, белетристиката и научната литература, придонесувале уште и професорската библиотека и библиотеката на ученичките учебници. Професорската библиотека при

нејзиното евакуирање во 1915 година имала околу 14о книги од најразличен жанр. Меѓутоа, за време на војната, многу од нив биле загубени, така што при нејзиното повторно отворање во 192о/21 година професорската библиотека располагала само со 86 книги. Што се однесува до библиотеката на ученичките учебници, таа била доста сиромашна, ногу од учебниците биле издадени уште пред 1914 година, долго употребувани некои, од нив неактуелни, а други оштетени и неупотребливи. Овие книги биле давани на услуга насиромашните ученици.

Во текот на 1922 година ученичката дружина "Напредок" ја интензивирала својата работа, изнаоѓала нови форми на активности и бројчано се зголемува. Вовоаа година дружината броела 89 члена. Пулсот на ангажираноста на овие членови се чувствувал на целокупната работа на гимназијата. Исто така библиотечниот фонд на литературната дружина "Напредок" бил зголемен и сега тој изнесува 63о книги од кои повеќето се нови и, главно, од домашната и руската книжевност. Книгите во библиотеката на ученичкото друштво "Напредок" се зголемувале и во наредната 1923 година и тоа од најразлични извори, меѓу кои и од помошта на Кралскиот двор. Ова се потврдува и со писмото од директорот на гимназијата, Божидар Ѓорѓевиќ бр. 385 од 3о април 1923 година упатено до Министерот за правда во Белград, во кое го известува дека "Управата на Дворот на неговото Височество со актот број 1467 и 1468 од 16 овој месец, испрати на оваа гимназија 1 5оо динари од кои 1 ооо динари на ученичкото друштво "Напредок" за неговата интензивна

работа и снабдување со книги од српската историја и српската книжевност". Фактот е дека две третини од оваа парична помош биле дадени на ученичкото друштво "Напредок", само по себе кажува дека ова друштво со својата работа се наметнало во целокупното живеење на гимназијата па и пошироко.

Затоа не е чудно што во учебната 1924/25 година, ученичкото друштво "Напредок" броело 15о члена. Од извештајот на министерскиот пратеник за учебната1924/25 година "Напредок" веќе се спомнува и како литературно ученичко друштво. Покрај вообичаените форми на работа, на состаноците на литературна дружина се читале и лични состави од учениците. На овие состаноци редовно присуствувале и одговорните наставници, а пред се наставници по литература и српски јазик. Библиотеката на ученичкото друштво "Напредок" оваа година располагало со 95о книги од кои најбројни биле делата од српските писатели. Наставничката библиотека, исто така го зголемува својот книжевен фонд и тој во оваа година изнесува 767 книги од кои поголемиот број се од научен и наставен карактер. И едната и другата библиотека скоро редовно ги добивале на подарок книгите што излегувале во издание на Српската академија на науките. Континуитетот на работата на ученичкото друштво "Напредок" во учебната 1925/26 година, од аспект на извештајот на министерскиот пратеник, како да спласнува во својот интензитет. Оваа година таа брои 126 члена, ученици од II до VIII клас. Ова го потврдува и податокот дека дружината во оваа година одржала

само два редовни состанока со сите свои членови и 4 состанока одржал управниот одбор. Во контекст на оваа активност е и работата на литературната секција која е без позабележливи резултати. Професорската библиотека го задржува скоро истиот фонд книги, а ученичката библиотека пак располага со 992 книги, речиси сите од жанрот на белетристиката. Оваа учебна година од библиотеката учениците за читање имаат земено 930 книги и тоа: 150 учениците од VIII клас, 20 учениците од VII клас, 260 учениците од VI клас, 160 учениците од V клас, 150 учениците од IV калс, 150 учениците од III клас и 40 учениците од II клас. Од библиотеката на ученичките учебници, кои ги користат сиромашните ученици, во оваа учебна година учебници имат примено 70 ученика.

Во учебната 1927/28 година и понатаму постои или работи литературното друштво "Напредок". Исто така постои и друштвото коло на трезвените младинци "Срећа". Наставничката библиотека брои 740 книги од научен карактер. Ученичката библиотека имала 1 215 книги и тоа повеќе од уметничката литература. Се смета дека со овој број оваа библиотека за ова време била најголема во Брегалничкиот округ. Од оваа година, во наредните неколку, до 1932 година во работата и во книжевниот фонд на овие библиотеки не се видливи позабележителни промени. Книжевниот фонд е, речиси, непроменлив, а литературното друштво "Напредок" го продолжила континуитетот на својата работа, но со истите форми и исти содржини. Оваа монотоност продолжила се до 1933 година, кога во активностите и на библиотеката и

./.

друштвото се почувствувала извесна разнообразност и тоа не само во содржината на работата, туку и во методологијата на облиците. Така, на пример, ученичката дружина "Напредок" во 1934 и 1935 година, речиси, целосно била обновена, а нејзиното членство се зголимило на 134 члена. Во текот на 1933/34 година дружината одржала 1о седници и 3 матинеа на кои се читале лични творби од ученици или се читале поетски остварувања на познати писатели. Наставничката библиотека располагала со фонд од 1 514 книги, од списанијата се добивале "Српски књижевни гласник", "Летопис на матица српска" и "Мисла".

1934/35 година

Наставничката библиотека оваа година била збогатена со 7о примероци, а книжевниот фонд изнесувал 1 584 книги. Ученичката литературна дружина (оваа година место културна се споменува терминот литературна, броела 13о члена и го продолжила континуитетот на работата со исти форми). Во текот на оваа година,од членовите на друштвото, за читање се користени 1976 книги.

1935/36 година

Во текот на учебната 1935/36 година наставничката библиотека била зголемена со 6о нови книги и вкупно броела 1 644 книги. Литературната дружина "Напредок" и оваа година забележала интензивна работа. Ја проширила и својата дејност. Покрај читањето на лични творби видно место во оваа активност

зема и критиката. Прочитани се 11 критики, кои поттикнале необичен интерес. Бројот на членовите во 1935 година прераснал дури на 3оо членови. Дружината веќе располагала и со своја библиотека чии книжевен фонд изнесува 1146 книги. Овие книги биле користени 7582 пати од учениците.

1936/37 година

Во текот на оваа година библиотеката на наставниците е зголемена само со 2о книги и целокупниот нејзин фонд изнесувал 1664 примероци. Од списанијата го добивала само "Српски книжевни гласник". Ученичката литературна дружина "Напредок" ја достигнала можеби својата кулминација во оваа година, бидејќи членовите ја достигнале бројката од 379. Таа оваа година покренала и издавање на ѕидни весници, а такви излегле 6 броја. Од библиотеката која оваа година не е збогатена со нови книги се прочитани 4335 книги. Од 1935 година работи и "Подмладок на соколското друштво" како секција на градското соколско друштво и Стрелачката дружина во состав на Стелачкото друштво "Михаил Ковачевиќ" која броела 116 члена.

1937/38 година

Наставничката библиотека оваа година е збогатена со 88 книги така што целокупнит фонд сега е зголемен на 1742 книги. Од оваа година ученичката библиотека се спомнува надвор од литературната дружина "Напредок", а била зголемена со нови 1554 книги или вкупно ја достигнала цифрата 16о3

./.

примероци. Во работата на литературната дружина "Напредок" и во методот и во содржината на работата нема некои нови посебни форми. Биле прочитани 47 ученички творби од сите видови на уметничкиот збор: поезија, проза, критички расправи и слично. Во подмладокот на Соколското друштво, оваа година биле зачленети 185 ученика.

1938/39 година

Наставната библиотека оваа година била збогатена со 36 книги и вкупниот нејзин фонд изнесувал 1788 книги. Од списанијата, како и минатата година, го добивала само "Српски книжевен гласник". Книжевниот фонд на ученичката библиотека со новите 1о9 книги набавени во 1939 година изнесувал 1712 примероци. Биле прочитани 5о96 или 1 ученик по 11 книги во просек, а се прочитани 35 творби: 19 проза, 6 поезија, 1о критики. Дружината оваа година формирала и своја спортска и театарска секција. Раководител на театарската секција бил Сергеј Михајлов, хонорарен наставник при оваа гимназија. Секцијата ги прикажала: Зла жена, Кнез Иво од Семберија, Пат околу светот и Добар муштерија. Во 1938 година во месец ноември во гимназијата бил формиран и Аеро клубот "Наша крила". Во него членувале 123 ученика. Во март 1939 година бил организиран и моделарски курс на кој присуствувале 2о ученика. Во подмладокот на Соколското дурштво во 1938/39 година членувале 137 ученика во сите категории. Активноста, главно, се изведувала во Соколаната.

./.

1939/4о година

Наставната библиотека, поради тешката материјална состојба на гимназијата била збогатена во текот на оваа година само со 23 книги, а од книжевните списанија го добивала Српски книжевен гласник. Ученичката библиотека во 194о година располагала со 1463 книги. Литературната дружина "Напредок" оваа година развила посебна творечка активност, Биле прочитани 52 труда, разнообразни и по форма и по содржина, од кои 38 се печатени во ѕидните новини.

Театарската секција и оваа година продолжила со работа и ги прикажала следните дела: Вилинци, Непознатиот јунак во војната и мирот и Аналфабетот. Во управата на литературната дружина, оваа година биле учениците: Александар Грличков, Кирил Зенделски, Славчо Стојменски и Асан Керим. Со работата продолжува и подмладок на Сколското друштво. Активно учество во ова друштво земале 133 ученика од кои поедини членови, како Зенделов Кирил, Славчо Стојменски и Асан Керим, биле и наградени со посебни дипломи. За разлика од Соколското друштво, Аеро клубот "Нашите крила" оваа година не покажала посебна активност. Во клубот биле зачленети 86 ученика. Со помал број книги располагала и библиотеката на ученичкиот дом Крал Александар I при гимназијата во Штип.

Со овие членови и многу други напредни младинци, литературната дружина "Напредок" започнала да добива прогресивен карактер и да зачленува се повеќе ученици кои биле

./.

на линија на напредното движење и СКОЈ. За жал, овој интензитет и ваквиот карактер на работата не може да продолжи, бидејќи набргу дојде априлската катастрофа и пропасна на ненародната Југославија. Впрочем, резултатите на Друштвото можат да се оценат набљудувајќи ги од аспект на фактот дека токму од ова Друштво многу членови спремни ги дочекаа идните бурни настани вклучувајќи се во одбраната на татковината и олободата на македонскиот и другите народи на Југославија. Многу од нив не ја дочекаа саканата слобода, но станаа борци и херои, кои засекогаш ќе служат за поттик и инспирација за се што е човечко и слободољубиво.

# ЗАЧЕТОЦИ, РАЗВИТОК И АКТИВНОСТИ НА ТЕАТАРСКИОТ И МУЗИЧКИОТ ЖИВОТ ВО ШТИП

Појавата на театарската активност во Штип меѓу двете светски војни, околностите укажуваат дека не била ни случајна ни спонтана појава, туку детерминирана од историски и актуелни мигови. Историската компонента се огледа во театарската и драмската традиција на македонскиот народ воопшто, па и во Штип, а вториот момент преку настојувањата на режимот и династијата преку една ваква форма на човековата духовна активност да ја реализираат својата денационализаторска и пропагандистичка интенција. Од тие причини сосема накусо ќе дадеме краток преглед на појавата и развитокот на македонската драмска и театарска уметност.

Книжевната историја на македонскиот народ засега покажува дека зачетоците на македонската драма и литература се фиксирани во театарската дејност на познатиот преродбеник од XIX век Јордан Хаџи Константинов-Џинот (1818-1882). Драмските текстови на овој преродбеник, иако без основните барања на драмската и театарската уметност, кај гледачите побудувале максимален емоционално-психолошки ефект и поттикнувале на национална културна дејност. Своите теоретски поставки за просветителството Јордан Хаџи Константин-Џинот најдобро ги изнел во "Цариградски весник".[52а] Ударната нотка на неговите дијалошки сцени: "Разговор или прави человек", "Минерва" и "Девет музи", "Училиште и учение", "Басна" и некои други об-

52а.Цариградски весник, година I, бр.7, 185о година, стр.27 и 28, Универзитетска библиотека "Климент Охридски",Скопје

. / .

јавени во "Цариградски весник" 1851 до 1859 година биле вперени против грчкото влијание во Македонија, чии носител била Цариградската патријаршија. Драмските обиди на Цинот не значат со своите естетски достоинства, но затоа, пак, како први никулци на театарскиот живот во Македонија имаат огромно историско значење. Цинот на ова поле остварил толку колку дозволувале неговите способности, но доволно да се вгради во втемелувачите на македонската драмска литература. Спрема бугарскиот театролог Стефан Каракостов, втора фаза на македонската драмска литература би требало да претставува Рајко Жинзифов.[53] Каракостов наведува дека овој преродбеник е автор на комедијата "Фантаксаниот учен", која во 187о година во Букурешт му ја дал на Добри Војников со цел да биде изведена во неговиот театар. Впрочем, овој податок за сега се зема како условен, бидејќи книжевната историја го нема потврдено. Потоа започнува извесен вакум, празнина, меѓутоа некнижевна, туку драмска. Ако во поезијата на Рајко Жинзифов, Константин Миладинов и творечката работа на Григор Прличев македонската поезија оствари и такви творби какви се: "Бесоница", "Т'га за југ" и "Сердарот", во сферите драмскиот уметнички збор не се забележува никаква активност.

Во XX век македонскиот народ влегол со нови сознанија за себе и за својот живот. Тоа најмногу се должи на

53. Стеван Каракостов: "Миналото на театарот воМакедонија" "Блгарска мисла", Софија, XVII година, книга 4, стр.242

брзиот растеж на националната свест на македонскиот човек, за своја самобитност. Најголема придобивка од овој процес била формирањето на ВМРО. Стремежите на оваа по квалитет ново време најсилен израз нашла во револуционерната уметничка работа на Војдан Поп Ѓорѓеив, познат под уметнички псевдоним Чернодрински. Она што како појдовност го зацртал Јордан Џинот, своја потполна физиономија добила во драмската активност на Војдан Чернодрински. Првите обиди на неговата драмска работа се сврзани за кружокот "Македонски зговор" формиран есента 1894 година во софиската прва машка гимназија од ученици Македонци. Сценските творби на Чернодрински, настанати помеѓу 1895-1905 година: "Дрварите", "Робот и агата", "Механата", "Мајсторите" и "Крвава македонска свадба", ја одбележува втората фаза во развојната врвица на македонската драмска литература. За разлика од моралистичко-дидактичките дијалогизирани текстови на Јордан Џинот, драмите на Војдан Чернодрински од овој период ги содржат во себе најбитните одлики на овој литературен род. Неговата најпозната драма "Крвава македонска свадба" ја доживеала својата премиерна изведба на 7 февруари 1900 година. Оттогаш до денес "Македонската крвата свадба" е македонска драма со најголем број изведби до денес. Во првата деценија на XX век се до фаталната 1913 година силна драмска и театарска активност се забележува и во самата Македонија, но со помал интензитет.

./.

Во испрекинатата врвица на неконтинуираниот развиток на македонската драма запазено место има и драмата на Марко Цепенков "Црне војвода". Цепенков својата драма ја објавил во весникот "Автономна Македонија" 1903 година во Софија.[54] Темата на ова дело претставува драматизирана хроника за настаните што се случиле во Прилеп 1879 година кои писателот ги зел од епската песна за истоимениот војвода, заштитник на македонското население од турските злумќари.

Само две години по излегувањето на "Црне војвода", друг македонски писател и револуционер, за кој до денес малку се знае, Петар Стојков[55] ја објавил својата драма "Крвава гробница" во 1905 година во Софија. Драмата на Петар Стојков е работена на тема од борбата на македонскиот народ за слобода.

По неколку години започнале балканските, а потоа и Првата светска војна од која Македонија излегла со распарчен национален интегритет. Под услови на најжесток терор-политички и културен, настапил повторно книжевен молк, кој траел се до појавата на драмските писатели меѓу двете светски војни, односно третата фаза од развојот на македонската драмска литература.

Од друга страна и Штип е град со богата театарска традиција. Постојат индикации дека првата театарска претстава во овој град била дадена уште 1885 година. Исто така

54. "Автономна Македони ", Софи 1903 г.бр.13 и 25
55. Повеќе за П.Стојков во написот на Михаило Ѓорѓиевски "Револуционерната литература на П.Стојков" во списание "Разгледи", година 13, бр. 4, стр.385-400

реални се и претпоставките дека, поради будење на македонската национална свест во Штип драмски едночинки, можеби дури и лични, со своите ученици давале Гоце Делчев и Даме Груев. Меѓутоа, во Историскиот архив на град Штип, монографијата на Петар Завоев[56] и студијата на Стефан Каракостов[57] не можат да се најдат податоци кои би ги потврдиле овие претпоставки. Организиран театарски живот во Штип што започнал 1923 година, што не значи дека и пред оваа година во овој град не се давани театарски претстави. Така на пример учениците од гимназијата за секој поважен празник под раководството на своите професори давале театарски представи. Иницијативата за такви претстави, спрема сеќавањата на Сергеј Михајлов потекнувала од професорот Драгослав Илиќ. За жал 1941 година, бугарските фашистички окупатори ја изгореле гимназиската архива поради што е многу тешко денес да се потврди од каков карактер биле овие приредби. Втората компонента што ја овозможила интензивната театарска активност во градот е од политичка природа. По Првата светска војна Штип се нашол во рамките на Кралството Југославија и тоа на самиот нејзин југоисточен дел, на границата спрема Бугарија, традиционален и историски непријател на Србија. Исто така во овој град се чувствувала и имала извесно влијание и бугарската пропагандистичка мисла, што ќе ги присили носите-

56. Петар Завоев: Град Штип-Минало и просвета до релуционерните борби, Софија 1928 година
57. Стефан Каракостов: Минато на театарот во Македонија, "Блгарска Мисл", Софија, 1942 година, книга 4, година 8, стр.241-25о

./.

лите на кралската власт и тие да изнајдат форми што ќе значат асимилирање на македонскиот народ, односно на жителите на градот Штип. Една таква форма на великосрпска буржоазија виде преку театарската активност, бидејќи драмската уметност, посвоите специфичности може најнепосредно и најсугестивно, од сите други видови на уметноста, да влијае врз обичниот човек. Носители на културната активност во ова време биле професорите и наставниците и учениците од гимназијата, понатаму некои од учителите и некои граѓани од градот. Впрочем, нема дилеми дека поттик за почетоците на театарската активност од Штип има дадено Скопскиот театар. Во своето петнаестодневно гостување од 8-22 јуни 1923 година артистите од Скопје прикажале 18 претстави меѓу кои и пиесите: "Зона Занфирова", "Коштана", "Ивкова слава", дела од Гогољ, Чехов и други писатели со што ќе поттикнат огромен интерес кај граѓанството за оваа уметност. Ова гостување не остана незабележано и од печатот Белградска "Политика" во својот број од 08.06.1923 година дава и поопширно известување. Дописникот на "Политика" известува дека гостување на Скопскиот театар предизвика огромен интерес меѓу граѓаните. Штипјани зборувале само за театарот.

По кратки подготовки извршени со голем ентузијазам, на 22.08.1923 година, само два месеца по гостувањето на Скопскиот театар во Штип, откако претходно властите ги потврдиле правилата за работа, била отворена првата сезона на

Штипскиот театар, Уште пред гостувањето на театарот од Скопје во Штип бил формиран "Привремен одбор за пречек на Скопскиот театар", со кој раководел професорот во гимназијата Душан Будимировиќ, познат драматург и главен режисер на театрите во Осијек и Нови Сад. Овој Одбор и самиот Душан Будимировиќ напишале и правилник и основале "Штипско театарско друштво" што го одобрил Великиот жупан со акт бр.8423 на 16 август 1923 година.[58] Со каков жар работеле артистите ентузијасти и со какво одушевување била примена од граѓанството активноста на Штипскиот театар зборува податокот дека неделно се изведувале две до три претстави или за една година биле изведени сто претстави од кои 27 бесплатно. Меѓутоа, како што веќе и спомнавме за штипјани театарската уметност не била непозната и од порано. Дури може да се зборува и за некаква традиција, и не само театарска. Карактеристични за ова се зборовите на Тодор Мановиќ кој во своите сеќавања за културата и културните активности во Штип меѓу двете светски војни пишува: "Штипјани и до тогаш биле запознати со некои видови на активност во поновата културно-уметничка област. Тие имале читалиште од пред половина век, а во двете училишта: Св. Никола и Новоселското, секоја недела пред четвртина век слушале популарни предавања на разни политички теми од учителите и водачите на револуционерното дело: Делчев, Груев, Делииванов кога повремено на Штипската сцена изведувале драмски творби за што во своите спомени сведочи Даме Груев. Потоа,

---

58. Архивска граѓа во МАНУ, писмо бр.49 од 24.1о.1923 год.

група учители штипјани неколку пати по Хуриетот (1908) ја репризирале "Крвава македонска свадба", макар со знатни цензурирани места во кои за Турците биле употребени поостри изрази".[59] Во истиот материјал Тодор Мановиќ за почетоците на театарската работа ги цитира и зборовите на доајенот на македонска оперска уметност Благородна Бурева, која сеќавајќи се за ова време вели: "Од самиот почеток меѓу првите аматери: Мане Чучков, Благој Монев, Никола Нетка, Киро Караџа, Тодор Мировкси, Марика и Станка Зигови, Стојка Печкова, Ленче Гочева, Марика Кантарџиска и други штипски младинци бев и јас. Некои пиеси ги режираше матурантот Методија Попов, родум од Берово, а главната грижа околу изведбите и режијата ја водеше професорот Драгослав Илиќ-Вепо, од кого тој беше преместен за Ѓевѓелија, а на негово место во февруари 1923 година дојде Душан Будимировиќ кој имаше завршено драмска академија во Берлин, бивш секретар на здружението на Српскиот народен театар во Нови Сад. Тој со нас во април 1923 година ја изведе Молиеровата комедија "Скаперник".[60] Костимите за оваа претстава ги отстапил Караџиќ, управителот на Скопскиот театар, а директорот на гимназијата Бошко Ѓорѓевиќ помогнал со материјални средства да се реализира оваа убава замисла, односно премиерата на Молиеровата комедија. Треба да се истакне и тоа дека во оваа

---

59. Тодор Мановиќ: Културата и културните активности во Штип меѓу двете светски војни, сеќавања
60. Тодор Мановиќ: исто

./.

претстава особено биле забележливи креациите на Кирило Карациќ како Луј XIV и на Методи Попов како Харпагон. Сé ова претходи на оној августовски ден 1923 година кога започна организирана театарска активност во Штип, кога се одбележа почетокот на популарниот Штипски театар. Активноста на Штипскиот театар добил таков интензитет што се наметнало потребата и за отворање на театарско училиште во Штип. Такво училиште и било отворено. Ова го потврдува и писмото упатено до министерот за просвета во Белград од 18 октомври 1923 година заведено под број 44 во кое се бара од министерот овој театар да стане повластен. За илустрација ќе го наведеме целиот текст од писмото. Тој гласи: "Од ден во ден се развива работата на нашиот театар, а театарската школа создава уметнички кадар кој одговара на своите национални и уметнички должности, така што нашиот театар веќе не е дилетантски, туку има своја постојана театарска сезона. Потребата од еден ваков театар за Брегалничката област особено е важна, за времето кога се консолидираат приликите во овие краеви. Учтиво Ве молиме Вас господине министре ШТД да стане повластен театар за Брегалничката област. Управник би бил основачот на овој театар Душан Будимировиќ, наставник во гимназијата и бивши драматург и главен режисер на народните театри во Осијек и Нови Сад, бидејќи е негова главна заслуга што овој театар е воопшто создаден".[61] Со каков интензитет работел народниот театар од Штип најдобро потврдува податокот дека

---

61. Писмо до министерот за просвета до Белград, бр.44 од 18 октомври 1923 година, Архив на Југославија, Белград

до крајот на октомври 1923 година биле реализирани следните драмски творби: "Гроф Мишка" од А де Флер, "Лилјак" од Хафнер, "Кир Јања" од Јован Стерија Поповиќ, "Свет" од Нушиќ, "Хасанагиница" од Огризовиќ, "Македонка" од Душан Будимировиќ и Славко Нетков, "Станоје Главаш" од Ѓура Јакшиќ, англиската комедија "Д-р Робен" и едночинките: "Чаша чај", "Клуч" "Стапица" и други. Носители на главните улоги на овие остварувања биле артистите: Иво Сујиќ, Даница Будимировиќ, Благородна Бурева, Божа Митровиќ, Киро Караџиќ, Роза Козаклијева, Елена Парнаџиева. Сите овие дела биле прикажани три до четири пати, освен драмата "Македонка" која доживеала најголем успех и била прикажана шест пати. Причината за ова е разбирлива кога се знае дека овој драмски текст, всушност, претставува народна игра со пеење во три чина. Дејството на драмата се случува во Штип. Млада и убава девојка, Павлина, Македонка, се вљубува во момче од Србија, населеникот Перо. На пат на среќата се препречуваат родители на девојката Павлина која не сакаат да ја дадат за новодојден. Меѓутоа, се вмешуваат и луѓето од црквата, кои ги убедуваатродителите дека тоа се луѓе од иста православна вера и дека меѓу нив нема разлика, затоа и крајот на оваа драма е среќен, затоа што се се завршува со песна, ора и игри. Носители на главните улоги во драмата биле: Божа Митровиќ како Перо и Благородна Бурева како Павлина. Во контекст на ова треба да ја спомнеме и драма на Васил Хаџикимов "Маруша" која е изведена исто така од артисти на Штипскиот театар само малку подоцна во 1925 година.

./.



ГРУПА ЧЛЕНОВИ И ДЕЛ ОД УПРАВАТА НА ШТИПСКИОТ ТЕАТАР (1924)

Овој драмски текст најверојатно дека е загубен, бидејќи до денес и покрај, многу напори, за него малку се знае. Драмата ја спомнува белградска "Комедија" во бројот 3 од 1925 година кога го презентира целокупниот репертоар на Штипскиот театар. Драмите "Македонка" и "Маруша" се од особена важност за македонската драмска литература, затоа што четири години пред појавата на "Ленче кумановче" биле изведени на Штипскиот театар и тоа на македонски јазик, штипски дијалект. И едниот и другиот драмски текст претставуваат типично битова и фолклорна драма која претходи на "Бегалка" и другите македонски битови социјални драми. Овде треба да се изнесе и тоа дека успехот на драмата "Маруша", поради мотивот и јазикот ја натерало власта да ја забранат нејзината понатамошна изведба. За тоа, од сеќавањето на повеќе штипјани: Коле Крупишки, Трајко Донев, Славе Кикиритков, Методи Попстојменов и други, придонела и нејзината бугарска ориентација. Впрочем, успесите што ги постигнувал штипскиот театар и ентузијазмот на носителите на овие резултати само по себе не биле доволна гаранција за да се продолжи со таков интензитет на работа. Прва пречка на овој континуиран растеж била од материјална природа. Претпоставките на Театарскиот одбор дека материјалните средства од граѓанството и масовната посета ќе бидат доволни за работа на театарот, се покажале илузорни. Затоа управникот на театарот Душан Будимировиќ, често пати се обраќал до Министерството за просвета со молба тоа да покаже поголемо разбирање за финансиските потреби на овој театар.

./.

Така, на пример, Душан Будимировиќ на 18.02.1924 година лично го известува министерот за просвета дека самиот тој во Штип во состав на Народниот театар отворил музичко училиште и дека отворањето на ова училиште за овие краеви е повеќе од потребно, но средствата што ги добива Штипскиот театар од Министерството за просвета од 3о.ооо динари се толку малку што не ги задоволува ни најосновните потреби. Иако станува збор, спрема пишувањето на Будимировиќ за еден огромен и специфичен регион, како што е Брегалничката област, сепак државната субвенција на овој театар во однос на Битолскиот театар, кој добивал 8о.ооо динари е далеку помала. Интегралниот текст на ова известување гласи: "Буџетот во кој е внесена помош на Штипскиот театар во износ од 3о.ооо динари, поправка на старата зграда, снабдувањето на кулиси, библиотека и другите инвестиции ја надминуваат горната сума. Освен тоа во Штип отворив и музичко училиште за да ги задоволам големите потреби од музичкото воспитување, потреба, која се чувствува меѓу граѓанството, а особено меѓу младината и би било навистина штета една ваква иницијатива да пропадне..... На Битолскиот театар дадена е субвенција од 8о.ооо динари, иако не оди понатаму од железничката линија, додека Штипскиот театар ги посетува и најзафрлените места на Брегалничката област. Ве молам во името на сите членови да ја зголемите субвенцијата наШтипскиот театар и да ја обезбеди субвенцијата за издржување на музичкото училиште".[62] Во истото писмо Душан

62. Писмо до министерот за просвета бр.84 од 18.02.1924 година, Архив на Југославија

Будимировиќ го моли министерот да ги намали часовите во гимназијата на 8 за да може да посвети поголемо внимание на театарот и музичкото училиште. Во март 1924 година Народниот театар во Штип броел 43 члена што сведочи за неговиот не само квалитативен растеж, туку и за неговата бројна состојба. Одговарајќи на барањата од Министерството на просвета, во писмото од 14 март 1924 година упатено до уметничкото одделение до Министерството за просвета,управникот на театарот ги испратил лично, заедно со легитимациите и фотографиите со имињата и презимињата на сите членови на артистите и другиот персонал на театарот. Во писмото Душан Будимировиќ пишува: "Во смисла на Вашето барање од 8 февруари број 584 ми прави чест во прилогот да Ви ги доставам: списокот на членовите, легитимациите со фотографии, молам истите да ги заверите".[63] Членови на Штипскиот театар биле: Душан Будимировиќ - наставник во гимназијата; Радмила Лазиќева - студент по филозофија; Михајло Пенушлијевиќ - студент по филозофија; Павле Гичевиќ - часовничар; Благородна Буревиќ - студент по филозофија; Јозеф Шварц - ученик во гимназијата; Јелена Коцевиќ - ученичка во гимназијата; Коле Ќулумовиќ - кројач и гардеробер; Иво Кентера - полициски писар; Божидар Љешевиќ - општински книговодител; Тодор Поп Јордановиќ - матурант; Даница Будимировиќ-театарски сликар; Раде Трниниќ - книжар; Ристо Ѓорѓичковиќ - студент по филозофија; Стојка Петровиќ - студент по филозофија; Јелена Парнаџијевиќ - студент по филозофија; Ќирило

---

63. Писмо до Министерството за рпосвета бр.138 од 15.03.1924 година, Архив на Југославија, Белград

Кожинковиќ - поштар; Ќирило Карациќ - чиновник во финансиската управа; Тодор Ѓорѓевиќ - матурант; Марика Ивановиќ - матурант; Д-р Благоје Тошановиќ - лекар; Тодор Петровиќ - писар во финансиската управа; Благоје Маневиќ - матурант; Страхиња Ивановиќ - свршени матурант; Глигорије Марковиќ - ученик во гимназиата; Иван Прилепчански - ученик во гимназијата; Василије Моневиќ - поштар; Страхиња Сандевиќ - фармацеут; Тодор Мировиќ - матурант; Невенка Пенушлијевиќ - ученичка во гимназијата; Стеван Рељиќ-учител; Крум Крушаревиќ - ученик во гимназијата; Марија Тљинастаја - пијанист; Миленко Батистиќ - учител; Олга Батистиќ - учителка; Дана Батистиќ - учителка; Роза Којзеклијевиќ - учителка; Васил Којзаклијевиќ - матурант; Божо Митровиќ - студент по ветерина; Глигор Ќурчиќ - студент по медицина; Славко Нетковиќ - студент по медицина; Невенка Ќулумовиќ - балерина; Ванѓа Кошевалијевиќ - учителка.

Дека субвенцијата од 30.000 динари не била навистина доволна за реализирање на обемната програма на Народниот театар, покажува и молбата на Душан Будимировиќ упатена до Одборот за молби и жалби при Народната скупштина од 15.02.1924 година во која пишува: "Со оглед на почетната и творечката работа на овој театар, со оглед на неговата голема културно просветна и пропагандна мисија во овие зафрлени краеви, со оглед на големите почетни трошкови околу зградата, гардеробата, кулисите и останати потребни работи, оваа сума навистина е мала. Театарот отвори музичко училиште, доби клавир,

./.

наставници по музика, за да ги задоволиме потребите од музичкото училиште кое во Штип се чувствува како неминовна потреба, особено меѓу младината, која покажува извонредни способности".[64] Во писмото управникот бара за потребите на музичкото училиште, Министерството да одобри кредит. Овој текст е интересен и од други моменти, а пред се што укажува не само на културно-просветниот, туку и на пропагандниот карактер на театарот. Во него, исто така се изразува и незадоволството од фактот дека Битолскиот театар прима далеку повеќе државна субвенција, иако работи во далеку подобри услови. Исто така во оваа жалба уште еден пат се потврдува дека при Народниот театар започнало со работа и музичкото училиште. Активноста на Штипскиот театар не се сведува само на градот туку и пошироко на целиот регион и нешто повеќе од тоа. Зборувајќи за гостувањата на Штипскиот театар Ристе Стефановски во сојот труд "Театарот во Штип меѓу двете светски војни" пищува: "Штипскиот театар од почетокот на својата работа, па до крајот на 1924 година гостувал во следните места: Кочани на 2,3,4 и 5 август 1923 година, во Радовиш на 1о и 11 мај 1924 година и во Струмица на 26 и 27 јули 1924 година, во Ѓевѓелија на 4 декември 1924 година, во Радовиш на 2 март и 2 август 1924 година, во Неготино на 6 декември 1924 година, во Кавадарци на 7 декември 1924 година, во Ерцелија на 26 октомври 1924 година, во Св.Николе на 26 октомври 1924 година и др. На гостувањата беа прикажани вкупно 135 претстави во 9 градови и села".[65]

64. Од писмото на Душан Будимировиќ до Министерството за просвета од 15.2.1924 г., Архив на Југославија, Белград
65. Ристо Стефановски:Театарот во Битола и Штип меѓу двете светски војни,Театарски гласник, бр.26, стр.54

. / .

Интересно е дека за ова гостување Душан Будимировиќ со телеграма го известува и министерот за стопанство Ристо Адовиќ на 10.05.1924 година која гласи: "Со членовите на Штипскиот театар дојдов на гостување во Радовиш - управник Душан Будимировиќ".[66] За гостувањата на Штипскиот театар Душан Будимировиќ опширно зборува во извештајот за работата на театарот од 14.02.1923 година. Од ова известување може да се констатира дека Штипскиот театар за ова време извел 15 претставени надвор од градот и тоа во: Кочани, Радовиш, Струмица, Ѓевѓелија, Ерџелија, Неготино, Кавадарци и Св.Николе. Покрај тоа Штипскиот театар во 1924 година има давано претстави уште и во Битола и во некои села во Штип. Овие гостувања претставувале огромен поттик за отворање на дилетантски дружини во местата каде гостувал театарот. Такви дружини, спрема известувањето на Душан Будимировиќ, биле формирани во Радовиш, Св.Николе и Неготино. Гостувањата на Штипскиот театар продолжиле и во наредната година кога биле давани претстави и во: Берово, Пехчево, Царево Село и Виница. На гостувањата во овие места биле прикажани драмските дела: "Смртта на мајката Југовиќ", "Станое Главаш" и "Просидба". Истата 1925 година Штипскиот театар гостувал и во Битола, Охрид и Тетово, каде биле прикажани: "Смртта на мајката Југовиќ", "Кралевата есен", "Иво Кнез од Семберија", "Просидба" и "Грофот Мишко". Душан Будимировиќ пишува и за состојбата на гардеробата на овој театар. Тој го известува министерот дека во почетокот од работата

66. Телеграма до министерот за стопанство од 10.05.1924 год.

./.

на театарот костимите биле позајмувани, а подоцна театарот располагал и со сопствена гардероба. Во 1925 година театарот располага со 15о костуми распоредени во 4 основни гардероби и тоа: за народни игри, за српската историска драма, штипска гардероба и француска гардероба од XVII век. Писмото остава впечаток дека управникот на театарот бил задоволен од состојбата на гардеробата. На крајот се дознава и тоа дека и Белградскиот театар исто така го помогнал театарот во Штип со неколку костума. Во почетокот од својата работа, театарот исто така, не располагал со никаква декорација. Впрочем, подоцна со помош на господин Алковиќ, театарот обезбедил и кулиси. Сликањето на кулисите го вршеле Иво Суиќ, Киро Караџиќ, Миленко Батистиќ и Нико Марчетиќ. Будимировиќ и овој пат ја користел приликата да го извести министерот дека кафеџијата на Гранд хотел ја има оштетено салата, бидејќи во неа пуштал пијани гости кои ги кинеле кулисите. Во овој дел од извештајот Будимировиќ изразува задоволство од состојбата на реквизитите. Од друга страна, за да се постигне што подобра режија, управникот на театарот настојувал да го збогати театарот со стручни книги, главно, од Германија. Книгите со костуми биле употребувани како пример при шиењето на облека, а самиот Душан Будимировиќ им давал напатствија на шивачите како да ги изработуваат достумите. Што се однесува до библиотеката со уметнички дела, таа во почетокот на 1925 година располагала со 73 дела, главно, со такви кои биле поставувани на репертоарот на театарот. Улогите ги препишувале лично артистите, а

некои дела и улоги биле добивани и од Скопскиот народен театар. Со малку зајадлив тон Будимировиќ пишува дека Штипскиот театар нема добиено ни едно дело без пари од Скопскиот театар. Секој препис од Скопскиот театар се наплатувал со 3 и 4 динара од табак. Во овој извештај Будимировиќ зборува и за работата на артистичкото глумачко училиште при народниот театар во Штип. Предавачи во училиштето биле управникот на театарот и неколку наставника од гимназијата. Се држале предавања од српски јазик, француски јазик, германски, италијански и англиски. Српски, германски и англиски предавал управникот на театарот Душан Будимировиќ, француски Обрадовиќ, наставник во гимназијата, италијански Иво Суиќ и други. Душа Будимировиќ исто така одржал повеќе предавања од историјата и од српската и светската книжевност, од естетиката, психологијата, драматургијата и режијата. Ова уште еден пат ги потврдува способностите и ерудацијата што ја имал управникот на Штипскиот театар Будимировиќ. Во контекст на овие активности во Штипскиот театар е и музичкото училиште. Неговото отворање го одобрил министерот за просвета по молба на управникот на Штипскиот театар со актот број 472 од 05.03.1924 година. Во училиштето се држеле часови по клавир, виолина и пеење. За жал, работата на ова училиште не траела долго затоа што наставниците што ја изведувале наставата биле преместени на работа во други места. Меѓутоа, и овојпат доаѓа до израз нескршливиот оптимизам на Душан Будимировиќ со кој го уверува министерот дека музичкото училиште ќе ја продолжи својата работа штом ќе добие макар еден наставник по музичко. Управникот

на театарот во ова писмо од 20 февруари 1925 година бара од министерот да му се одобри кредит за купување на клавир. Овде за првпат се спомнува името на Сергеј Михајлов, поточно за неговото доаѓање во Штип од Ѓевѓелија. Будимировиќ пишува: "Ве молам наставникот во Ѓевѓелиската гимназија Сергеј Михајлов, да се премести во Штип. Сергеј Михајлов прифаќа да дојде со што би се задоволила една голема потреба. Во ова писмо Душан Будимировиќ известува дека Народниот театар во Штип имал театарски оркестар кој бил составен од граѓани и ученици од гимназијата, а со него раководел Никола Ќулумовиќ, угледен граѓанин на Штип. Овој оркестар има и поширoко значење, бидејќи свирел и на игранки, кој по обичај се одржувале по секоја театарска претствата. Овој оркестар ретко кога бил комплетиран, затоа што поголемиот број негови членови биле студенти и често отсуствувале. Од тие причини наставникот од гимназијата Нико Марчетиќ формирал ученички оркестар за да задоволи една голема потреба на градот. Душан Будимировиќ во својот извештај информира и за изворите на приходите на театарот. Театарот обезбедувал средства по две основи: од претставите и од државните приходи, хуманитарните институции, а по нешто и од граѓаните. Приходите од претставите варирале од 6о до 2 5оо динари. Будимировиќ пишува дека "бесплатните претстави се најпосетени, бидејќи по својот менталитет становништвото не сака да плаќа. Поради тоа од особена важност е да се покачи субвенцијата за да може што повеќе да се даваат бесплатни претстави за да се шири нашата пропаганда во овие краеви,

./.

како тоа го предвидуваше и министерот за надворешни работи со својот акт број 24922 од 28.08.1923 година упатено до Министерството за просвета.[67] Откако ќе ги наведе сите што ја помагаат работата на театарот, Душан Будимировиќ констатира дека: "Штипската општина нема дадено ништо, бидејќи одборниците се многу далеку од чувството на театарот. Но најверојатно дека со време и тие ќе дојдат до сознание дека треба нешто да се направи".[68] Ова поглавје од извештајот, Будимировиќ го завршува со молба до министерот за просвета да ја покачи субвенцијата на 1оо.ооо динари за да може овој театар да ја издигне својата работа на повисокото ниво, што за овие краеви, спрема мислењето на Душан Будимировиќ ќе значи многу. Впрочем, активноста на театарот не била ни така лесна ни така едноставна. Таа била пратена со доста тешкотии, главно, од материјален карактер. Душан Будимировиќ за материјалните тешкотии укажува и на некои други моменти, особено за тоа дека членовите на овој театар биле угледни и авторитетни луѓе од градот и дека Штипскиот театар во 1924 година веќе ја проширил својата активност не само во соседните но и во подалечните места. Во писмото меѓудругото се вели: "членовите на Штипскиот театар се интелигентни луѓе, граѓани од најдобри семејства и неколку наставника од гимназијата и учители од основните училишта, кои со голема љубов го извршуваат својот задаток. Ние патувавме во Радовиш, Кочани, Батање каде дававме

67. Писмо до министерот бр.1о7 од 2о.о2.1925 година, Архив на Југославија
68. Исто

./.

претстави и моравме да плаќаме кола, бидејќи министерот за воени работи не ни даде автомобил и покрај тоа што уметничкото одделение на Министерството за просвета за тоа има интервенирано. Општината нема дадено ништо. Ние треба по Уредбата за народниот театар да ги посетуваме и најрасфрлените краишта на Брегалничката област, па затоа Ве молиме господине министре, да ни се додели вонредна помош бар од 5.000 динари, да се интервенира кај министерот за воени прашања да ни отстапи еден теретен воен автомобил од Штип за да можеме со успех да ја вршиме нашата должност". Големиот жупан исто така се има заземено, но без успех. На овој начин се создава нерасположение меѓу членовите кои со голема волја ги извршуваат своите тешки и неблагодарни задачи, одземајќи од своето време и службената работа".[69] Писмо со аналогна содржина Душан Будимировиќ има упатено и од Струмица на 30.06. 1924 година до претседателот на Министерскиот совет во Белград. Карактеристично е уште едно писмо упатено до министерот за просвета во Белград на 30.06.1924 година. Во него управникот на Штипскиот театар пишува дека овој театар поради големиот пожар доста е оштетен и речиси е без секакви материјални средства. Во него Душан Будимировиќ укажува и на значењето во овие краеви алудирајќи на неговата пропагандна улога, но и на некои специфични тешкотии со цел да биде порагументиран во своите барања.

---

69. Писмо до министерот за просвета бр.582 од 3 јуни 1924 година, Архив на Југославија - Фонд Штипско позориште, Белград.

./.

Во писмото се кажува дека Штипскиот театар постои веќе пред една година и дека посетувал места каде никогаш порано луѓето немале видено театар. За пропагандниот карактер на овој театар, и тоа директно неговниот управник пишува во писмото до министерот за просвета од 15.1о.1924 година. Најтежок проблем со кој овој театар се соочувал од материјална природа. Дека ова е точно го потврдува и податокот оти од вкупно 55 писмени доставки до Министерството за просвета во текот на 1924/25 година се од финансиски карактер. Во едно писмо од 23 декември 1924 година дури може да се констатира дека и управникот Душан Будимировиќ редовно не примал надоместок за својата работа. Големиот жупан на Брегалничката област со доверливиот акт број 965 од 25 мај 1924 година го известил Министерството за просвета, откако претходно упатува пофални зборови за работата на овој театар, дека е сторена голема грешка што досега не е формиран орган кој би бил задолжен да ги контролира приходите и расходите на овој театар. Големиот жупан реагирал што Штипскиот театар се задолжил со 1оо.ооо динари, а од друга страна во градот се зборувало дека управникот на театарот располагал со парите на театарот како да се лично негови. Поради тоа, малку подоцна, поточно на 5 јуни истата година со писмото број 5о66 Големиот жупан го известува министерот за просвета дека веќе формирал Местен театарски одбор во кој влегле: претседател Јован Крапчевиќ, шеф на Окружната финансиска управа во Штип - потпретседател Јордан Пуздерлијевиќ -

./.

трговец, секретар Милан Кастратовиќ - училишен надзорник, помошен секретар Боривоје Пенушлијевиќ - трговец, членови: Божидар Ѓорѓевиќ - директор на гимназијата, Филип Митровиќ - претседател на Општината Штип, д-р Геза Алковиќ - лекар, Драгољуб Протиќ - околисти поглавар, Саво Петровиќ-адвокат, Лазар Пехливановиќ - трговец. Дваесет и пет дена подоцна, Големиот жупан пишува друго писмо до министерот со кое го известува дека за долгот што произлегува од земените предмети од трговците, сметките треба да се предадат на Месниот театарски одбор за да ги провери, затоа што постои сомневање дека Душан Будимировиќ има направено злоупотреба со театарските средства. Како резултат на сето ова, Будимировиќ имаше многу проблеми додека се оправда. Пишуваше многу писма, се судри со Театарскиот одбор, бараше појаснување од министерот за неговите компетенции и на Одборот му се поплакува за односот на големиот жупан кон него, кој му се заканувал дека ќе му ја одземе дотацијата заради прикажување на странски пиеси, потоа дека ќе го исфрли од служба затоа што го задолжил театарот и слично. "Јас го молев Великиот жупан барем да ме сослуша, да му ги изнесам причините, меѓутоа веќе бев во ходникот...... мислам дека положбата и угледот на првиот претставник на државата во областа, бара извесен поуглаdensен тон во односите, па било да се работи дури и за црн Циган, а не за управител на една културна институција и наставник во гимназијата".[70] Театарскиот одбор покажал голема

70. Ристо Стефанов, Театарот во Битола и Штип меѓу двете војни, стр.56, Театарски гласник бр.26

недоверба спрема Душан Будимировиќ и самиот Одбор бил основан без негово знаење. Ова значи за многу работи управникот на Штипскиот театар не бил информиран или целосно се работело скриено од него. Дека ова било така покажа и податокот дека на Душан Будимировиќ му го одзеле инвентарот и го сместиле на друго место. Состојбата уште повеќе се влоши со искрснување на новиот проблем, односно кога материјалната помош од Белград за работите на театарот пристигнале до Месниот одбор, а не до театарот. Поради тоа Будимировиќ реагирал до Министерството за просвета барајќи средствата за последните 3 месеци од 1924 година да се исплатат наеднаш, а не посебно за секој месец, затоа што театарот имал доста материјални обврски. Поради тоа во писмото од 19 септември 1924 година Душан Будимировиќ барал дотацијата за 1925 година да се зголеми на 2оо илјади динари. Како аргументи на своето барање тој ги наведува и сè почестите гостувања на овој театар на другите градови, потоа потребите да се исплатат повеќе професионални актери, а особено за подготвителните работи за градење на театарскта зграда. Интересно е дека ова писмо го потпишале претседателот и секретарот на Театарскиот одбор. И покрај сите тешкотии Штипскиот театар во ова време покажувал извонредни резултати. За илустрација ќе наведеме дека на 5-1о 1924 година Штипскиот театар ја прикажа својата стота претстава. Ова не останало незабележано и за пошироката југословенска јавност. Така, на пример, презентирајќи ги овие резултати, белградска "Комедија" дури направи обид да организира акција за собирање на прилози за Штипскиот театар. Меѓудругото

"Комедија" пишува: "Сите оние кои сакаат да ја помогнат оваа установа, нека испратат пари на Редакцијата на "Комедија", ул. "Скопска" бр.18, Белград".[71] Можеби најкондензиран приказ за работата на Штипскиот театар во 1923/24 година и за тоа кои биле неговите најбитни одлики има дадено Ристо Стефановски во својата студија "Театарот во Битола и Штип меѓу двете светски војни", во која пишува: "Во резимето на работата на Штипскиот театар во 1923 и 1924 година повпечатливи се следниве неколку факта. Имено, првите претстави беа приготвувани од ученици на Штипската гимназија: "Кир Јања" од Јован Стерија Поповиќ, и "Скаперник" од Молијер со костуми што беа преотстапени од Скопскиот театар. Потоа беше формиран привремен театарски одбор чии правила беа потврдени од Великиот жупан Д. Матковиќ. Првите драмски дела беа сугерирани од Епископот Злетовско-Струмички Серафим. Работата на театарот беше поттикната и благодарејќи на заземањето на министерот за внатрешни работи Жика Лазиќ и на поранешниот жупан Ѓуро Брзановиќ. Репертоарската политика била усогласена со локалните прилики и културното ниво на публиката, способностите на ансамблот и можностите со гардеробата, декорот и реквизитите. Оттаму беа прикажувани пред сѐ национално историски пиеси со патриотска содржина, а потоа дела од класиката, романтиката, а и од француската и југословенската комедиографија. Членовите на ансамблот беа наставници во гимназијата, учители, ученици, студенти и некои луѓе од месното население. Заради преместување на нас-

71. Комедија од 13.1о.1924 година , Белград

тавниците и друг вид отсуства на актерите, репризите ретко биле прикажувани со луѓето што играле и на премиерата".[72] Континуитетот на театарската активност во Штип и во оваа година продолжил со ист интензитет и нешто повеќе од тоа, бидејќи во 1925 година театарот реализирал и такви остварувања што ги надминаа рамките на регионот. Исто така биле консолидирани и односите во самиот театар. Душан Будимировиќ со писмото од 16 март 1925 година го известува министерот дека од извршената контрола на финансиските документи и на другите материјали може да се констатира дека сите напади, сомневања и инсинуации за сметка на Душан Будимировиќ биле вешто конструирани од Големиот жупан од причина што управникот на театарот ги пропагирал странските пиеси за сметка на националните. Во првитедва месеца од 1925 година Штипскиот театар ги реализирал следните претстави: "Близанци" од Плаут, "Покондирена тиква", "Смртта на мајка Југовиќ", "Забава во национални носии", "Ѓидо", "Станоје Главаш" и "Сомнително лице". Од формирањето на театарот до август 1925 година Штипскиот театар реализирал 299 претстави, бројка која сама по себе зборува за една навистина огромна репертоарска активност што беше остварена повеќе од ентузијазмот на сите вљубеници на театарскиот збор, отколку на некои посебни можности.

Меѓу артистите на Штипскиот театар имало и такви кои биле изразито талентирани. Таков бил и осумнаесетогодишниот Димитар Зајков од Штип. Со театарска дејност започнал да се

72. Ристо Стефановски, Театарот во Битола и Штип меѓу двете светски војни, Театарски гласник бр.26, мај 1985 година, стр.57

занимава 1923 година, но само по две години, благодарејќи токму на своите артистички афинитети и вродена дарба, го свртел вниманието врз себе и на граѓаните од Штип, а подоцна и на управникот на овој театар Душан Цветковиќ. За Димитар Зајков Душан Цветковиќ запишал: "Морам да признам дека меѓу членовите на театарот во Штип имаше одлични таленти. Такви беа на пример: "Димитар Зајков, Киро Карацај, Лазо Балабанов, Благородна Бурева, Дара Предојевиќ и други. Во најтрајно сеќавање ми остана ликот на Димиктар Зајков".[73] Душан Цветковиќ во своите сеќавања за овој артист, долгогодишен член и на повластениот патувачки театар "Боем" на Петре Прличков и негов близок пријател, Душан Цветковиќ кажува дека имал две големи, за жал за тогашни услови,неостварени желби:да игра во драмата "Крвава македонска свадба" и да стане член на Народниот театар во Белград. Управникот немал ништо против да ја постави драмата на Војдан Чернодрински, но бил сигурен дека властите тоа нема да го дозволат. Интересно е што Димитар Зајков, без знаење на Душан Цветковиќ, се обратил со молба до Народниот театар во Белград за евентуален негов премин во овој театар. Народниот театар од Белград побарал мислење од Душан Цветковиќ за квалитетите на овој артист во кое се вели: "Дали тој штипјанец има такви големини-да повеќе не може да глуми во провинција".[74] Управникот на Штипскиот театар одговорил дека Димитар Зајков навистина е изразит талент, но дека познавањето од српскиот јазик

---

73. Душан Цветковиќ зад театарските кулиси, Историски архив на град Штип, фонд на Народен театар во град Штип, 1923-1973 година
74. Исто

му се мали и за Штип а камоли за Белград.

Од извонредно значење за продолжување на континуитетот на театарската активност во Штип во оваа 1925 година има изградбата на нова театарска зграда изградена на исто место и врз темелите на старата зграда. Од овој период е писмото на Душан Будимировиќ број 1о7 од 2о февруари 1925 година со кое го моли министерот за просвета од Ѓевѓелија во Штип да биде преместен наставникот Сергеј Михајлов кој многу би придонел да продолжи со работа Музичкото училиште. И така се случи. Само за еден месец подоцна Сергеј Михајлов бил преместен во Штип и веќе на 29 март 1925 година потпишал договор за работа со Градското пеачко друштво и со театарот. Никој во овој момент не можел да претпостави од какво огромно значење ќе биде доаѓањето на овој доајен на музичкиот живот во Штип. Но, затоа пак, музичките способности на Сергеј Михајлов многу брзо блеснале со сиот сјај, а кулминирале со реализирањето на првата оперска претстава не само во Штип туку и во Македонија, операта "Палјачи" од Ф.Леонкавало на 29.08.1925 година. Изведбата на оваа опера ја означи највисоката уметничка амплитуда на овој театар. Првата оперска претстава била примена со големо одушевување не само од граѓанството од Штип, туку тоа наиде на извонредни коментари и во многу гласила во Југославија. Така, на пример, белградска "Комедија" за овој настан пишува: "Во првиот број на нашиот лист го објавивме почетокот на третата сезона на Штипскиот театар чии напредок е очигледен и голем и покрај сите тешкотии. Создадена е опера, прва опера не само во Штип, туку и во цела Јужна Србија.

./.

Значењето на овој потфат е огромен, кога се има предвид природната дарба на овдешното население за музика, поради што изгледите за иднина се добри. Срећа е што најдоа разбирање театарот и пеачкото друштво "Единство" и што за капелник е ангажиран професорот Сергеј Михајлов кој е музичар со проверени способности. Управникот Будимировиќ, претседателот на пеачкото друштво Драго Комарчиќ, познат организатор и национален работник, и професорот Сергеј Михајлов ни даваат сигурна гаранција дека работата во третата сезона ќе биде успешна".[75] Во истиот број "комедија" го донесува и драмскиот репертоар на Штипскиот театар. За илустрација какви дела штипската публика имала можност да ги види, го прикажуваме целиот репертоар пренесен од "Комедија".

I Домашни премиери - Нушиќ "Хаџи Лоја", "Пат околу светот", Глишиќ: "Два цванцика", Станковиќ: "Коштана", Ќокориќ: "Зулумќар", Округиќ: "Шокица","Саќурица и шубара", Лазар Костиќ: "Максим Црнојевиќ", Иво Војновиќ: "Дубровачка трилогија", "Еквиноцио", Н.Ѓуриќ: "Омер и Мејрима", Кулунџиќ: "Полноќ", Стерија Поповиќ: "Родољупци", Гундулиќ: "Дубравка", Павле Хаџикимовиќ: "Маруша" (драма од штипскиот живот, автор штипјанец).

II Домашни реприза - Пеција: "Пљусак", М.Бојиќ: "Кралска есен", Војновиќ: "Смртта на мајката Југовиќ", Нушиќ: "Народен пратеник", "Сомнително лице", "Протекција",

75. Комедија, Белград, број 3, 1925 година, стр.15

./.

"Кнез Иво од Семберија", Предиќ: "Голгота", Јакшиќ: "Станое Главаш", Веселиновиќ: "Брзак" и "Ѓидо".

III Странски премиери - Шекспир: "Млетачки трговец", Молиер: "Жорж Данде", Ростан: "Романтични души", Гогољ: "Ревизор", "Женидба", Никодеми: "Скамполо", "Утро, ден и ноќ", Стринберг: "Татко", Ибзен: "Авети" и Бернард Шо: "Јунаци".

IV Странски репризи: - Шекспир: "Хамлет", Молиер: "Граѓанин благородник", Чехов: "Просидба", Плаут: "Близнаци", Голдони: "Мирандолина".

Изведбата на Леонкаваловата опера наиде на огласи и во други списанија и листови на кои кај некои повеќе, а кај некои помалку го нотираа овој настан, но во едно сите беа согласни дека изведбата "Палјачи" на сцената на Штипскиот театар значеше успех на овој театар кој заслужува најголем респект. Така, на пример, белградската "Политика" од 03.09.1925 година пишува: Штипскиот театар ја започна својата трета сезона на 20 август. Сезоната отпочна со една оперска претстава, а тоа беше првата оперска претстава во Штип воопшто. Беа прикажани "Палјачи" од Р. Леонкавало под раководство на капелникот проф.Сергеј Михајлов и на управникот Душан Будимировиќ. Соло партиите ги пееја: Андреа Шербаков, Благородна Бурева, Славко Нетков, Ристо Ѓорѓичковиќ, Глигорие Ѓулчиќ. Хорот, во најголем дел беше составен од граѓаните. Изведбата на оваа прва опера беше потпомогната и од Штипското друштво "Единство". За тоа како дошло "Палјачи" да доживее изведба во Штипскиот

чланова, без разлике.

*2. ДРАМСКИ РЕПЕРТОАР ТРЕЋЕ СЕЗОНЕ*

I. *ДОМАЋЕ ПРЕМИЈЕРЕ.* — *Нушић:* Хаџи Лоја, Пут око света, *Глишић:* Два цванцика; *Станковић:* Коштана; *Ћоровић:* Зулумћар; *Округић:* Шокица, Саћурица и шубара; *Лаза Костић:* Максим Црнојевић; *Иво Војновић:* Дубровачка трилогија, Еквиноцијо; *Н. Ђурић:* Омер и Мејрима; *Кулунџић:* Поноћ; *Стерија Поповић:* Родољупци; *Гундулић:* Дубравка; *Павле Хаџи Кимовић:* Маруша (драма из штипског живота, аутор Штипљанац). —

II. *ДОМАЋЕ РЕПРИЗЕ.* — *Пеција:* Пљусак, *М. Бојић:* Краљева Јесен, *Војновић:* Смрт Мајке Југовића, *Нушић:* Народни посланик, Сумњиво лице, Протекција, Кнез Иво од Семберије; *Предић:* Голгота; *Јакшић:* Станоје Главаш; *Веселиновић:* Брзак, Ђидо. —

III. *СТРАНЕ ПРЕМИЈЕРЕ.* — *Шекспир,* Млетачки трговац; *Молијер:* Жорж Данден; *Ростан:* Романтичне душе; *Гогољ:* Ревизор, Женидба; *Никодеми:* Скамполо, Јутро, дан и ноћ; *Стриндберг:* Отац; *Ибзен:* Авети; *Б. Шо:* Јунаци. —

IV. *СТРАНЕ РЕПРИЗЕ.* — *Шекспир:* Хамлет; *Молијер:* Грађанин Племић; *Чехов:* Прошевина; *Плаут:* Близанци; *Голдони:* Мирандолина.

Управник и редитељ је Душан Будимировић, наст. гимназије; *сценограф* проф. М. А. Глушенко, академски сликар. — технички шеф проф. Нико Марчетић. — Чланова драме има 30, опере 40, свега 70. — *Ј-ћ.*

Г-ђа Злата Ђунђенац-Гавела

Текстот на "Комедија" за репертоарот на Штипскиот театар



Штипско Позориште: „Краљева јесен“ од Милутина Бојића: Симонида — Зорка Протићева; Данило — М. Батистић и Симонида; Цар Душан (дете) — Невенка Пенушлијевић; Ана — Дана Цветковић; Дворска дама — Ленка Коцевић; Констанца Морозини — Олга Батистић. — Štipsko Pozorište: „Kraljeva jesen“ od Milutina Bojića: Simonida — Zorka Protićeva; Danilo — M. Batistić i Simonida; Car Dušan (dijete) — Nevenka Penušlijević; Ana — Dana Cvetković; Dvorska dama — Lenka Kocević; Konstanca Morozini — Olga Batistić.

театар можеби, најавтентични се зборовите на професорот Сергеј Михајлов, кој сеќавајќи се за ова време на кое главен белег на музичкиот живот му дал лично тој, вели: "Со еден професор се договоривме да направиме нешто посериозно. Решивме да подготвиме опера. За тоа време и за овој град - сензација од прв ред. Градскиот хор ни овозможи да ги одбереме најдобрите солисти. Изборот падна на Леонкаваловата опера "Паљачи". Солисти беа: Благородна Бурева, и покојните Славко Нетков и Ристо Ѓорѓичков. Премиерата беше во салата на Офицерскиот дом, а на два дена пред нејзиното одржување се бараше карта повеќе".

Аплаузот прераснувал во овации. Успехот на "Паљачи" значел голем поттик за неговите реализатори, а воедно и инспирации за нови потфати. Така, на пример, само една година подоцна, иако во скратена верзија, следува изведбата на операта "Фауст" од Шарл Гуно. За Сергеј Михајлов и за другите актери ова беше уште еден предизвик, бидејќи, како што е познато "Фауст" е опера која и многу професионални куќи тешко се решаваат да ја постават на својот репертоар. За ова, по сите особености ексклузивен настан фотографот Панче Мировски, тогаш незаменлив тенор на театарот во Штип, во своите сеќавања вели: "Замислете само, влезните билети чинеа 1оо динари во она време. Сите изведби ги дававме во ресторанот "Брегалница" и на сите пет изведби луѓето останувaa надвор желни за билети, бидејќи сите билети однапред беа распродадени. Можеби тоа звучи сентиментално, можеби ќе помислете

Štipsko Pevačko Društvo „Jedinstvo“

# ШТИПСКО ПОЗОРИШТЕ

**Гостовање у** Miloš 29.VIII **у сали** oficirskog doma

ПРЕДСТАВА 1. РЕДОВНА 201

Štip 29 kolovoza 1925 год.

ПРВИ ПУТ

# BAJACO

Opera u 2 čina sa prologom od R. Leonkavalla.

Dirigent Prof. Sergije Mihajlov, Reditelj Dušan Đudurović upravnik Š.P.D.

Lica:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Kanio | uprav. karavana | G. Andreja Šcirkanob | | Bajaco |
| Nedda | njegova žena | Gđica Blagorodna Đurović | | Kolombina |
| Tonio | glumci | G. Rista Đurđičković | | Taddeo |
| Beppo | glumci | G. Iligor. Čuričić | | Harlekin |
| Silvio | mlad seljak | G. Slavko Vetković | | |

Narod, deca, muzikanti.

Mesto radnje Montalto Kalabria Vreme 15 VIII 1865.

Dekoracije, kostimi, maskiranje po nacrtu akademskog slikara Prof. M. A. Glušenka

---

**ЦЕНЕ МЕСТА:**

Fotelja I. место дин 50 II. место дин 30 III. место дин 15.

---

**Почетак у 8 и по часова увече.**

Пајаци Ор.

R. Leoncavallo







Леонкавалови „Пајаци“ у штипском позоришту. 1. Пролог: А. Шчербаков, главни јунак; проф. Сергије Михајлов за клавиром, који замењује оркестар. — 2. Ансамбл; лево капелник г. Михајлов; десно редитељ, г. Душан Будимировић, управник позоришта.

Leoncavallovi „Pajaci“ u Štipskom pozorištu. 1. Prolog: A. Ščerbakov, glavni junak; prof. Sergije Mihajlov za klavirom, koji zamenjuje orkestar. — 2. Ansambl; levo, kapelnik g. Mihajlov; desno reditelj, g. Dušan Budimirović, upravnik pozorišta.

стари добри времиња, но факт е дека интересот беше огромен и несватливо жив за овој народ." Овој вљубеник во музиката ја толкувал главната улога и во операта "Севиљски берберин" од Ѓакомо Росини. Тој заедно со покојните Тодор Пилосов и Михаило Танев - Поп Дудо, ја доведувале многубројната публика во делириум која до последно место ја исполнувала салата на ресторанот "Белград". Потоа следуваат вечери исполнети со фрагменти од најпознати и најпопуларни опери. Следуваат изведби на "Гејша", "Порцулански саат" итн. Следува и скратената верзија на операта "Фауст" од Гуно, а зад сите премиери, зад многубројните реприза, стоеше тој, Сергеј Михајлов, режисер, диригент, а по потреба дури и суфлер. Тој создаде стотици таленти и ги вовел во тајните на музиката. За ова златно време за музичкиот живот во Штип се сеќава и познатиот солист на оперските изведби во Штип и до денес активен учесник во музичкиот живот на градот. Славе Кикиритков, кој вели: „Со идењето на Сергеј Михајлов во Штип на 6 февруари 1924 година, за наставник по музичко образование во Штип и дополнителни часови по математика и француски јазик, музичкиот живот во градот почнува да добива повисок степен, односно покрај драмите во театарот се започна и со спремање на опери, оперети и пасторали. Проблеми со гласови немаше, заради тоа, што во градот постоеше градски хор "Абрашевиќ" како и гимназискиот хор, кој располагаше со извонредно добри и талентирани машки и женски гласови како што беа: Ристо Ѓургичков, Славко Нетков, Панче Мировски, Андреа Шкербаков,

./.

Михаил Панов, Боривое Вучковиќ, Глигор Чурлиќ и јас. Од женски гласови: Благородна Бурева, Даница Будимировиќ, Дара Продановиќ, Сидонија Мурвар, Галина Курковска и уште многу други. Сергеј Михајлов и Душан Будимировиќ како прва опера ја поставија на репертоарот "Паљачи" од Леонкавало, која имаше пет главни персонажи. Премиерата беше изведена со триумфален успех за да потоа уследат уште три репризи. Членовите на ансамблот одушевени од постигнатиот успех на првата опера, веднаш пристапија со спремање на операта "Севилскиот берберин" од Росини, која исто така успешно триумфираше. "Севилскиот берберин" исто така доживеа неколку репризи, само не се сеќавам колку. Потоа веднаш се пристапи со припремањето на операта "Фауст" од Шарл Гуно, успехот со ништо не изостана од претходните две опери. Операта "Фауст" имаше четири репризи. Со истиот елан се пристапи кон спремањето на операта "Гејша" од Сиднеј Џонс, која може да се каже беше најмасовна со учесници, имаше преку 60 статисти. "Гејша" беше седум пати репризирана во Штип и четири во околните градови. По "Гејша" веднаш се пристапи со припремање на операта "Мамзел Нитуш" од Ерве, која исто така доживеа шест репризи. Потоа се пристапи кон припремањето на пастаралата "Порцеласнки саат" во која главните улоги играа Славе Кикиритков и Васка Гаспери, професор по музика. Оперите, како и драмите во кои имаше музички делови како и пеење, беа пратени со клавир од Сергеј Михајлов и пеење од членовите учесници со пратење на музички оркестар".

Колкав бил ентузијазмот на овие луѓе за збогатување на музичкиот живот во градот, најдобра илустрација е податокот



БЛАГОРОДНА БУРОВА КАКО ДЕНИЗА ВО „МАМЗЕЛ НИТУШ“ (1934)

дека од 1924 до 1927 година во Штип биле реализирани следните опери и оперети: Леонкавало "Палјачи", Шарл Гуно "Фауст", Росини "Севилски берберин", Ѓузепе Верди "Травијата", Жорж Бизе "Кармен", Сергеј Михајлов "Ружица", Зајц "Никола Шубашиќ-Зрински", Коњовиќ "Вилински вел", Албини "Баронот Тренг" и Јохан Штраус "Слепиот миш".

На 3 мај 1925 година е конституиран нов Театарски одбор. Во писмото на новиот претседател на Театарскиот одбор, адвокатот Сава Петровиќ од 6 мај 1925 година до Министерството за просвета се вели: "Врз основа на овластувањето на министерството за просвета уметничкото одделение П.У. бр.6 од 6 април 1924 година, Големиот жупан на Брегалничката област со свое решение од 11 април оваа година број 2856, именува членови на Штипскиот театарски одбор кои на својата седница на 3 мај оваа година се конституира вака:

1. Претседател - Сава Петровиќ, адвокат
2. Благајник - Никола Ивановиќ, шеф на месната контрола
3. Секретар - Хранислав Кондиќ, ВД поглавар на Околијата Штип.

Членови:

- Михаило Миладиновиќ-директор на Штипската гимназија
- Филип Митровиќ-претседател на Општината
- Д-р Гецо Алековиќ-шеф на здравствена станица
- Живојин Радовановиќ - трговец

Известувајќи ве за своето конституирање, чест му е на Одборот да го замоли уметничкото одделение поконкретно да ги набележи правата и должностите на новиот одбор и што е можно побргу да ги испрати потребните инструкции во тој правец". Поаѓајќи од луѓето кој влегле во овој Одбор може да се дојде до

./.

сознание дека на театарската активност во градот навистина се гледало со голем респект. Само дваесетина денови подоцна од писмото на Будимировиќ до Министерството за просвета се дознава дека новиот театарски одбор побарал од управникот да ги предаде сите документи со кои располага а се однесуваат на театарот. Во писмото се вели: "Новиот театарски одбор побара да ги предаде сите парични документи, книги, потоа целата коресподенција и архивата".[76] Меѓутоа, Душан Будимировиќ цитирајќи го членот 149 од Уредбата, го известува министерот дека оваа желба на Одборот не може да ја исполни без посебна наредба од министерот. Всушност, сите книги, документи и друго, управникот на театарот ги става на располагање на Одборот поради увид, но никако не нивно целосно предавање на Одборот. Впрочем, и покрај ова, главна преокупација на театарскиот одбор во ова време била изградбата на салонот. За сето време дури траела оваа градба, театарот своите претстави ги прикажувал во Офицерскиот дом или гостувал во други градови. И покрај сите перипетии, гужви со сопственикот на хотелот, сепак театарскиот одбор со помош на Големиот жупан Добрица Марковиќ и епископот Серафим успеал да ја приведе до крај градбата на салонот кој беше изграден на црковниот имот и на 5.12.1925 година свечено отворен со претставата "Цар Душан". Така конечно Штипскиот театар доби многу поголеми можности за изведување на најсложени театарски претстави. Но, токму тогаш, кога односите во Штипскиот

76. Писмо до Министерството, бр.421 од 27.05.1925 година, Архив на Југославија, Фонд Театарот во Штип, Белград

театар речиси беа средени, а салонот скоро готов, на општо изненадување Душан Будимировиќ поднесе писмена оставка на место управник наШтипскиот театар. Имено, во писмото број 58о од 16.о9.1925 година тој го известува Министерството за просвета за својата оставка. Во ова писмо за првпат забележуваме дека Душан Будимировиќ не се потпишува како управник на театарот, туку како наставник на гимназијата. Веќе на 26.09.1925 година за управник на Штипскиот театар бил ангажиран бившиот член на Скопскиот народне театар Душан Цветковиќ. Дотогашниот управник на театарот во Штип Душан Будимировиќ има дадено голем придонес за подемот на театарската активност во овој град. Душан Будимировиќ бил преместен во Горни Милановац. Иако, спрема зборовите на Сергеј Михајлов периодот од 1925 до 1927 година "бил најсјајниот во животот на театарот, сепак во 1926 година Штипскиот театар започнал да бележи стагнација во својата работа, затоа што спрема зборовите на тогашниот управник Душан Цветковиќ било "препуштено само на себе". Театарот најверојатно посебно би доживеал и вистински крах, ако за неговата работа не бил заинтересиран Големиот жупан Ѓурица Ѓорѓевиќ, кој вложувал несебични напори за да ги докаже своите патриотски побуди,да овозможи бар извесен континуитет во работата на театарот. Тоа овозможило Штипскиот театар од 12 декември 1925 година до 12декември 1926 година да прикаже 87 претстави во Штип и 5 во околните градови. Во општирниот извештај за работата на Штипскиот театар во 1925/26 година испратен до Министерството за просвета на 6 јануари 1927 година управникот Душан Цветковиќ

и овојпат со вообичаените зборови уште од првиот ден од работата на овој театар, пред Министерството за просвета прави обиди да го истакне неговото национално и патриотско значење. Меѓу другото, гледано пак од овој аспект, а со цел да овозможи продолжување на работата на театарот, Душан Цветковиќ пишува: "значењето на оваа културна и просветна установа, за овој центар на левиот брег на Вардар не би требало да се потценува, уште повеќе што управата со задоволство има констатирано дека тукашниот народ со симпатија го следи нејзиниот развиток, но нее задоволен што не се даваат повеќе бесплатни претстави, констатирајќи дека ова е "народен театар" и дека треба почесто да дава бесплатни или со снижени цени претстави. На крајот треба да се констатира и тоа дека нема човек во Штип, па и во сите околни места кои немаат гледано претстави во "народниот театар во Софија во свое време" и најчесто како "штипјанци и Македонци добивале секогаш бесплатни влезници". И продолжува Цветковиќ натаму во тој тон и со таа цел. Токму во таа смисла и министерот за внатрешни работи при кралството СХС на 16 јануари 1927 година упатува барање до Министерството за просвета повеќе да се ангажира, пред сѐ материјално, како би се овозможила работата на Штипскиот театар. Во барањето се вели: "Со оглед на националното значење на театарот во Штип, како и неговата цел за будење и ширење на националната свест во краиштата околу Штип, ова Министерство повеќе пати има скренувано внимание на Министерството за просвета со молба за овој театар да се издејствува

./.

државна помош за да може полесно да егзистира и да одговори на своето значење. Овој театар дава на народот национални претстави не само во Штип туку и во целата Брегалничка област, поради што безусловно му е потребна државна помош".[77] Уште по изразита молба и со ваков карактер Министерството за внатрешни работи упатува до Министерството за просвета препраќајќи го актот на Големиот жупан на Брегалничката област бр.2428 по повод веста за укинување на државната субвенција, пренесена во листот "Македонија". Во ова писмо се вели: "Воочувајќи го ова, Министерството на внатрешни работи моли на било каков начин, да се обезбеди напредок во работата на Штипскиот театар од причина на неговата просветно-национална цел и ползата од остварувањето на таа цел".[78] Демантирајќи ја оваа вест, Големиот жупан Ѓорѓиевиќ во писмото до министерот за внатрешни работи од 2 април 1927 година пишува: "Пред извесно време во листот "Време" е објавена вест дека Штипскиот театар престанал со работа. Оваа вест ја пренесува бугарскиот лист "Македонија" кој денес го добив и кој злонамерно пишува дека театарот во Штип не може да постои и да ја врши онаа улога која Србите посакуваат да му ја дадат. Поради тоа, најдов за потребно, да го известам ова Министерство дека театарот во Штип не е ликвидиран и дека тоа нема да се случи".[79] Членовите на

---

77. Писмо од Министерство за внатрешни работи, бр.271 од 16.01.1927 година, Архив на Југославија 1-131, Белград
78. Од писмото на министерот за внатрешни работи бр.1147 од 07.04.1927 година, до Министерството за просвета
79. Од писмото на Големиот жупан од 25.04.1927 година до министерот за внатрешни работи на Кралството на Југославија

Штипскиот театар особено биле вознемирени од веста дека со укинувањето на овој театар, повластен да работи во Брегалничката област ќе биде Скопскиот театар. Колку трагично го доживеале ова, артистите на Штипскиот театар, може да се види од писмото упатено до министерот за просвета на 3 април 1927 година во кое меѓудругото се вели: "Скопскиот театар не може да ја развие во оваа област онаа активност која ја развива овој театар, не може да навлегува во селата и гратчињата, како навлегува овој театар". Понатаму во писмото се додава: "Членовите на Штипскиот театар се решени по секоја цена да го одржат театарот во Штип, па било во каква форма и никогаш нема да дозволи никој од надвор да смета на неговата работа која е и потребна и корисна за оваа област". На крајот, речиси, заканувачки артистите на Штипскиот театар му порачуваат на министерот: "Ако Скопскиот театар успее во своите намери, членовите на овој театар се решени по секоја цена да го чуваат театарскиот имот, кој е стекнат со сопствен труд и нема да дозволи тој да се отуѓи во корист на било кој театар". Впрочем, и покрај сите усилби резултатите изостанале. Од 36.965.883 динара, сума со која државата ги дотирала сите театри во Југославија, Штипскиот театар не добил ни динар за време на буџетската 1926/27 година. Можеби за положбата на Штипскиот театар од ова време најилустративни се зборовите на директорот Душан Цветковиќ упатени до министерот за просвета по ополномоштените делегати на 5 мај 1927 година со цел да направат последни напори, ако

./.

нешто може да се стори: "Денес, пак Штипскиот театар се дави во материјални тешкотии со што е оневозможено тоа интензивно и обемно да шири во овој крај она што е за Србинот најсветло. Укинувањето на неговата субвенција во текот на 1926 година за време на министерот за просвета - господинот Радиќ, запрена е работата на овој театар и неговото правилно функционирање. Во делегацијата меѓу другите, биле и: Босилка Павловиќ, Даринка Продановиќ, Ванчо Варадиновиќ, Раде Трниниќ, Димитрија Зајковиќ и други. И оваа иницијатива не донела измени на Министерството за просвета во однос на Штипскиот театар. Затоа во септември истата година лично управникот Душан Цветковиќ му напишал писмо на министерот за просвета давајќи аналитичен приказ за работата и значењето на Штипскиот театар во претходните години и тоа како се случило тоа, тој единствен артист по професија, на повик од Големиот жупан Матковиќ да дојде од Сплитксиот театар во Штип. Писмото, завршува, речиси, со реторичен повик: "Господине министре, не го заборавајте овој театар при создавањето на буџетот, бидејќи тој само од вас очекува помош за да може да ја продолжи својата работа и да ја извршува својата возвишена задача". Но, и ова не донело некакви резултати. Ситуацијата на театарот станувала безнадежна. Напразно неговиот управник повикувал во штипскиот неделник "Брегалница" од 1 септември 1927 година ("Брегалница" излегувала секој четврток на четири страници). "Се молат господата членови на Штипскиот повластен театар денес попладне во 6 часот неизоставно да дојдат

./.

во театарската сала на договор за понатамошна работа. Се поканувааат и други лица кои се чувствуваат способни и имаат љубов кон театарот да се пријават во управата секој ден пред и попладне". Но сите овие напори завршиле со тоа што во истиот месец, септември, престанала да работи, за жал, една богата творечка активност, Приликите уште повеќе се влошиле со атентатот на генерал Михајло Ковачевиќ во октомври 1927 година. Затоа на 19 октомври истата година управникот на театарот Душан Цветковиќ до Театарскиот одбор поднел писмо во кое го известува дека работата на театарот со тогашниот дилетантски кадар, е речиси неизводлива, а покрај тоа и условите на живеење во градот по атентатот на генерал Ковачевиќ биле изменети: полициски час, било забрането излегување надвор од куќите, поради што, артистите биле спречувани да доаѓаат на проби. Во една таква безизлезна положба на Душан Цветковиќ не му останало ништо друго освен да поднесе оставка. Затоа тој го замолил Одборот да го разреши од неговата должност за да се врати повторно во Скопскиот народен театар каде и порано работел. Од тие причини на 15 октомври 1927 година Одборот ја почитувал желбата на Душан Цветковиќ и го ослободила од должноста управник на Штипскиот театар, но не и да запре работата на театарот. Било решено Штипскиот театар да ја продолжи својата активност под раководство на директорот на гимназијата Милован Арсениевиќ се до доаѓањето на ново стручно лице. Инвентарот, гардеробата и библиотеката биле предадени на чување на директорот на гимназијата. Впрочем, не може да се каже дека се водело доволно грижа за ова ненадоместливо театарско богатство. Целиот

./.

инвентар бил сместен во подрумот на гимназијата од каде штипските деца си земале се што сакаат и кога сакаат. Низ улиците на Штип се гледале деца со шлемови и венецијански шешири низ градот. Токму поради тоа, управата успеала да добие други простории каде инвентарот бил сместен на повисоко место, но за жал, сето ова било за кратко, бидејќи по пожарот што избил во општината, овие простории биле оставени на нејзино располагање. Затоа инвентарот бил повторно вратен во стариот локал во подрумот под бината. Под такви услови илузорно е да се очекува било каква дејност на Штипскиот театар. За карактеристиките на ова време, можеби, најавтентични се зборовите на Сергеј Михајлов во неговиот реферат "За развојот на школството и културата во град Штип". „Се се обрна наопаку, членовите, нарочно жените, не смееја да се задржат до доцна на пробите, публиката се намалила, затоа што никој не смееше во десет-единаесет часот да се враќа во темнина, електрична струја сеуште не беше воведена. Цветковиќ, како резултат на тоа, поднесе оставка и замина во својот град Ниш." Паузата траеше се до 1929 година кога театарот повторно се обнови. Меѓутоа, оваа активност била толку проникната не само меѓу љубителите на театарската уметност, ами и меѓу обичниот граѓанин, што по едногодишен вакум театарските возбуди повторно се актуелизирале. За оваа ренесанса на театарскиот живот во Штип највпечатливи се зборовите на големиот ентузијаст Сергеј Михајлов изнесени во неговите сеќавања како дошло до тоа Штипскиот театар да продолжи со својата работа. Сергеј Михајлов пишува: "Во есента 1929 година

преостанатите членови на театарот и операта, а и некои помлади артисти ме повикаа во куќата на фотографот Панче Мировски и едногласно ме избраа за трет по ред управник на Штипскиот повластен театар, кој за 2 години не даде ниту една претстава". Потоа Сергеј Михајлов пишува за своите огромни напори да го продолжи театарскиот живот во Штип.

Оваа состојба траела се до 1930 година кога во Штип повторно се родил театарскиот живот, но не во таков обем и со таков интензитет. Во ова време биле прикажани вкупно 11 театарски претстави. Затоа може со сигурност да се констатира дека својот вистински препород театарот во Штип го доживеал дури во 1934 година кога биле создадени и подобри услови за работа. Во извештајот поднесен за повеќе годишната положба на театарот при неговото обновување се вели: "Вашата бројна посета е најдобра потврда дека е крајно време да се обнови театарот и сега ние очекуваме дека секој спрема своите способности ќе даде свој придонес и ќе пристапи во помош. На вашата помош ние сметаме, вашата помош ја бараме. Само малку добра волја и театарот е тука, а како мал мираз старата управа ќе даде на новата во готови пари од 2 100 динари".[80] Преполнетата сала на ова собрание е најдобра потврда за тоа дека во Штип веќе имало оформена публика со определен вкус и сфаќања за театарот. И навистина, наредните 2 години Штипскиот театар доживела своја ренесанса. Тоа е време на повторни успеси на овој театар, кој

---

80. Од извештајот поднесен 1934 година при обновувањето на театарот во град Штип

./.

на штипската публика и овозможил да ги види следните претстави: "Ѓидо", "Добра муштерија", "Девојки[?]на клетва", "Мамзел Нитуш", "Сомнително лице", "Кир Јања" и други драмски и оперски претстави. Во контекст на оваа активност да го спомнеме и податокот дека токму во ова време во Штип својата артистичка кариера ја започнале познатите белградски артисти Светолик Никачевиќ, кој во тоа време работел во Штип како службеник и покојниот Радивоје Летиќ, кој во овој град се наоѓал на отслужување на воениот рок. Тој во Штип дошол во допир со театарот, се воодушевил од него, отанал вљубеник на театарската сцена и за кратко време дошле до израз неговите неограничени уметнички способности. Меѓутоа, целата оваа активност беше многу далеку од она време кога штипјани живееја за својот театар. Можеби и обележјето на времто веќе имаше нови карактеристики, начинот на на живот во градот исто така, а најверојатно и некои други причини кои сите заедно детерминираа она театарско жарче што беше останало од "златното време" на Штипскиот театар, никогаш да не прерасне во оган. Во крајот на 30 и почетокот на 40 години во Штип се изведени само неколку народни пиеси или лесни комедии, а од класичната светска литература само "Вообразениот болен" и "Клисарот на богородичината црква во Париз". Во овој период биле обновени и оперите: "Гејша" и "Мамзел Нитуш". За одбележување е дека како гост во овие опери пеела и Благородна Бурева, а учествувале и Киро Савев, Станка Зигова, Митко Зајков, Коле Крупешки, Перо Кавраков и други. И ништо повеќе од тоа. Театарскиот живот во Штип постепено згаснувал, и како резултат на тоа во 1936 година по одењето на многу членови на театарот

./.

и по неуспешните обиди на управата да најде нови артисти, особено артистки, кои речиси веќе и воопшто ги немало, На 28 октомври 1936 година управата донела решение театарот да престане со работа.

Впрочем театарската активност во градот и традицијата зафатиле такви корени што неговото наполно згаснување, речиси било неможно. Така, на пример, по иницијатива на група младинци, главно поранешни членови на театарот, покрената е акција за повторно заживување на театарот во Штип. Уште во наредната 1937 година за оваа цел е свикано и основачко собрание, на кое како и пред неколку години, реферат повторно поднел неуморниот носител на целокупниот духовен живот на град Штип меѓу двете светски војни Сергеј Михајлов. Во неговиот реферат се вели: Секоја творечка работа е пријатна, секоја творечка работа задоволува. Меѓутоа, секоја јавна работа бара уште и морална помош од страна на општеството кое со својот однос може да поттикне на уште поголема работа или спротивно со својата рамнодушност да закочи секаков напредок, да ја пригуши желбата за создавање. Вашето присуство докажува дека нашето општество има интерес за драмската уметност, има интерес за театарот и за неговото значење." Во својата ретроспектива Сергеј Михајлов потсетил на работата на овој театар во минатото укажувајќи и на тоа дека овој театар за својата работа иако, бил признат и од Одделението за книжевност и уметност при Министерството за просвета како повластен, сепак тој отсекогаш бил дилетантски, бидејќи освен три до четири платени членови и тоа само за одредено

време, сите други биле дилетанти. Во своето понатамошно и долго излагање Сергеј Михајлов укажува дека во тој момент театарот не е во состојба да ги има ни тие три-четири платени артисти. Покрај тоа уште полоша е состојбата со артистите кои во тоа време ги имало многу малку. Но, целиот живот оптимистички расположен, Сергеј Михајлов во тој тон го завршува и својот реферат: "Сé се може ако се сака. Потребно е само добра волја, уредност и точност и работата може да тргне од мртва точка". Ова тргнување на подобро особено важи кога гимназијата повторно прераснала во полна гимназија. И повторно ентузијасти и повторно артистичка група. Спрема сеќавањата на Тодор Мановиќ оваа артистичка ученичка група ја сочинувале: Ванчо Прке, Александар Фиданчев, Благој Попов, Боро Чешларов, Михајло Карчев, Нада Јоциќ, Ѓоко Митровиќ, Радмило Констатиновиќ, Цвета Дубарџиска и други. Не треба да се зборува каква била политичката ориентација на оваа група имајќи ги предвид имињата на поедини членови, подоцна истакнати револуционери и народни херои. Во таква состојба на театарска активност, со носталгични тонови за некогашните златни времиња, граѓаните на Штип ја дочекаа и пропаста на стара Југославија. Тоа беше и крај на стариот театар кој со децении ги задоволуваше духовните потреби на граѓаните од овој град. Неговото повторно раѓање е означено дури по триумфалната победа на Народната револуција, но овојпат со нови определби во духот и барањата на новото време, всушност тоа беше роденденот на сегашниот Народен театар во Штип.

./.

За поцелосен преглед на активноста на Штипскиот театар од 1924 до 1935 година го презентираме и следниот табеларен преглед.

# СПИСОК НА ПОВАЖНИТЕ ПИЕСИ ШТО БИЛЕ ПРИКАЖУВАНИ ВО ШТИПСКИОТ ТЕАТАР ВО ПЕРИОДОТ ОД 1924-1935 ГОДИНА

| Домашни автори и дела | | Страни автори и дела | |
|---|---|---|---|
| 1 | | 2 | |
| М. Предиќ | "Голгота" | В. Шекспир | "Млетачки трговец" |
| Б. Нушиќ | "Пучина" | В. Шекспир | "Хамлет" |
| Б. Нушиќ | "Хаџи Лоја" | Ж. Молијер | "Жорж Данден" |
| Б. Нушиќ | "Народни посланик" | Ж. Молијер | "Тврдица" |
| Б. Нушиќ | "Пут око света" | Ж. Молијер | "Тартиф" |
| Б. Нушиќ | "Кнез Иво од Семберија" | Ж. Молијер | "Смешне прециозе" |
| Б. Нушиќ | "Сумњиво лице" | Ж. Молијер | "Граѓанин племиќ" |
| Б. Нушиќ | "Протекција" | Ж. Молијер | "Уображени болесник" |
| Б. Нушиќ | "Обичан човек" | Ж. Молијер | "Силом лекар" |
| Б. Нушиќ | "Свет" | В. Иго | "Звонар богородичине цркве" |
| М. Којиќ | "Краљева јесен" | Д. Никодеми | "Скамполо" |
| П.Петровиќ-Пеција | "Пљусак" | Д. Никодеми | "Јутро, дан и ноќ" |
| С. Ќоровиќ | "Зулумќар" | Е. Ростан | "Сирано де Бержерак" |
| Љ. Петровиќ | "Девојачка клетва" | Е. Ростан | "Романтичне душе" |
| С. Сремац | "Ивкова слава" | Е. Ростан | "Гроф Мишка |

./.

| 1 | | 2 | |
|---|---|---|---|
| С. Сремац | "Зона Замфирова" | Н. Гогољ | "Ревизор" |
| М. Глишић | "Два цванцика" | Н. Гогољ | "Женидба" |
| М. Глишић | "Подвала" | А. Чехов | "Просевина" |
| М. Огризовић | "Хасанагиница" | А. Стриндберг | "Отац" |
| Т. Томшић | "Сираче" | Х. Ибзен | "Авети" |
| Недков-Будимировић | "Македонка" | Б. Шо | "Јунаци" |
| П. Хаџикимов | "Маруша" | Ж. Куртелин | "Добра муштерија" |
| Ј.С. Поповић | "Кир Јања" | Т. Плаут | "Близанци" |
| Ј.С. Поповић | "Родољупци" | К. Голдони | "Мирандолина" |
| Ј.С. Поповић | "Покондирена тиква" | А. Дима | "Дама с камелијама" |
| Ј.С. Поповић | "Зла жена" | | |
| Ј.С. Поповић | "Лажа и паралажа" | **О П Е Р И** | |
| Б. Станковић | "Коштана" | Р. Леонкавало | "Бајацо" |
| Ј. Веселиновић | "Хајдук Станко" | Ш. Гуно | "Фауст" |
| Веселиновић-Брзак | "Ђидо" | Ђ. Росини | "Севилски берберин" |
| | | Ђ. Верди | "Травијата" |

./.

## Домашни автори и дела

| | |
|---|---|
| И. Округић | "Шокица" |
| И. Округић | "Саћурица и шубара" |
| Л. Костић | "Максим Црноевић" |
| И. Војновић | "Дубровачка трилогија" |
| И. Војновић | "Смрт мајке Југовића" |
| И. Војновић | "Еквиноцио" |
| Н. Ђурић | "Омер и Мерима" |
| J. Кулунџић | "Поноћ" |
| И. Гундулић | "Дубравка" |
| Ђ. Јакшић | "Станое Главаш" |
| Ђ. Јакшић | "Елисавета" |
| А. Милићиновић | "Без среће" |
| Бојић-Будимировић | "Ефимија" |

## О п е р и

| | |
|---|---|
| С. Михајлов | "Ружица" |
| Ж. Бизе | "Кармен" |
| Н. Зајц | "Никола Шубашић-Зрински" |
| П. Коњевић | "Вилин вео" |
| С. Албини | "Барон Тренк" |
| Ј. Штраус | "Слепи миш" |

## КУЛТУРНО ЗАБАВНИ И ХУМАНИТАРНИ ДРУШТВА ВО ШТИП ВО ПЕРИОДОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

### Хорското дело и неговиот развој во Штип

Покрај извонредните резултати што ги оствариjа театарот и операта во Штип, тон на културно-забавниот живот, давале и други друштва, навистина не со таков интензитет, но сепак присутни во целокупното духовно живеење на градот. Иако нема доволно податоци, слободно може да се констатира дека хорот и хорската деjност многу рано се спомнуваат во град Штип. Во отсуство на пишани документи за оваа човекова духовна креациjа ќе се послужиме со сеќавањата и сознаниjата на старите штипjани, особено со тие кои биле непосредни креатори на хорската активност каков е на пример Панче Мировски, еден од најактивните членови на хорското друштво "Единство" (точниот назив "Jединство"). Според неговите сеќавања ова друштво било формирано 1924 или 1925 година. Негов прв диригент бил Славко Нетков, а потоа Сергеj Михаjлов. Прв jавен настап пред граѓаните на Штип, хорот "Jединство" имал 1925 година при изведбата на првата опера во Штип и Македониjа "Паљачи" од Леонкавало. Со хорот диригирал Сергеj Михаjлов, бидеjќи Славко Нетков имал активна улога во самата опера, играjќи jа улогата на младиот селанец Силвио. По затворањето на Славко Нетков и атентатот на генерал Ковачевиќ 1927 година со хорот раководи наставникот по музичко воспитување Русин по потекло чие име не се спомнува ниту во некоj документи, ниту се сеќаваат постарите штипjани. Тоj диригирал со хорот сè до 1932 година, кога таа улога jа преземал професорот по природни науки, Ристо Ѓургичков. Тоj со хорот "Jединство" работи до 1935 година кога заминал од Штип, а за неговото време се зацртани

најголемите успеси и достигања на хорската активност во Штип. Токму за ова време се сеќава и Славе Кикиритков, исто така член на хорот, кој вели: "Пејачкото друштво "Јединство", имаше само една секција и мешан хор, но многу активен и со разнообразен репертоар иако повеќе од српски композитори." Овој хор постигнал извонредни резултати. Тој го претставуваше градот Штип на сите хорски манифестации што се одржувале како во Македонија, така и во Југославија и неговите општествени простории ги красеа многу награди, трофеи, благодарници, признанија и друго. Друштвото честопати давало концерти и во други градови на Македонија и Југославија. За одбележување е учеството на хорот "Јединство" во Опленац 1934 година при закопот на кралот Александар I. Оваа богата содржина на хорскиот репертоар на "Јединство" не останала незабележана и во јаните гласила. Така, на пример, белградска "Политика" го забележала: концертот на "Јединство" одржан во 1929 година во Св.Николе. "Политика" пишува: "Пеачкото друштво "Јединство" под водството на својот претседател Михајло Ѓорѓевиќ одржале концерт во салата на училиштето, а со хорот управувал Ристо Ѓоргичков, суплент на Штипската гимназија. Свирело и музичкото тамбурашко друштво "Напредок" под диригенство на Боро Вучковиќ, наставник на Штипската гимназија. Гостите се разделиле дури взори со надеж дека ќе се видат повторно".[81] За одбележување е дека активноста на хорското пејачко друштво "Јединство, благодарејќи на ентузијазмот на неговите раководтели и

81. Штипско пеачко друштво, "Политика" број 7446 од 20 јануари 1929 година, Белград, стр.6

./.

членови, не бележи паѓања во својата работа, туку подемот трае сé до прекинот на неговата работа 1941 година и почетокот на новата војна.

Покрај пеачкото друштво "Јединство", во Штип бил формиран и работел помеѓу двете светски војни и хор на гимназијата со кој раководел Сергеј Михајлов. Хорот бил исклучиво формиран за потребите на културно-просветниот живот во гимназијата, градот и околните градови: Радовиш, Кочани, Струмица, Свети Николе и други. Хорот го придружувал оркестар на гимназијата со кој исто така бил диригент Сергеј Михајлов. Хорот постојано настапувал: на Светосавската прослава, на крајот од секоја учебна година, на Видовден и по потреба, на приредби што ги организирала гимназијата во град Штип за родителите на учениците и граѓаните од градот.

Освен хорското друштво "Јединство", во Штип, помеѓу двете светски војни постоел и црковен хор кој служел исклучиво за потребите на црквата. Можеби токму активноста на овој хор ќе создаде традиција, подоцна во 1938 година да се развие уште позабележлива дејност на српското православно црковно пеачко друштво "Цар Урош". Всушност, тоа било мешан хор формиран по иницијатива на Општинскиот црковен одбор.

Управата на Друштвото ја сочинувале: протојереј Бранислав Периќ - претседател, Станчов Трајчо - потпретседател, банкар по професија, Димитријев Панче - секретар, вероучител и Димитријевиќ Нико, благајник, свештеник. "Хорот, машки и

./.

женски, вкупно броел 45 члена. Благодарејќи на големата волја и упорноста на членовите, посебно на ангажирањето на диригентот Константин Павлевски, воен чиновник, само по двомесечна припрема хорот веќе почнал да пее редовно на богослужбите во соборната црква "Св.Никола" во Штип".[82] Сеќавајќи се за овие денови од работата на ова црквено пеачко друштво Димитријев Панче, еден од неговите најактивни членови, а истовремено и секретар на друштвото, вели: "Ова црквено пеачко друштво, кое во почетокот се викаше "Цар Урош", а подоцна, по предлог на неговиот секретар и по желба на членството го доби името "Брегалница", работеше се до војната 1941 година. Оваа промена на името беше причина претседателот Периќ и благајникот Никола Димитријевиќ да го напуштат друштвото". Поради тоа бил избран нов претседател и тоа протојерејот Пауновиќ Велимир, потпретседател на црковниот суд, а за благајник Милка Илиева-Касапска.

Во своето постоење, мешовитиот хор "Брегалница", покрај својата редовна активност на богослужбите во црквата одржал и четири концерти: два во Штип и по еден во Кавадарци и Струмица.

На крајот како илустрација, ќе ги наведеме и членовите на мешовитиот хор:

| Сопран | Алт |
|---|---|
| Трајанка Докузова | Нада Муцкова |
| Магдалина Коцабашиска | Руска Андрева (чучкова) |
| Милка Илиева | Стојка Захариева |
| Нада Арнаутова | Благородна Бурмакова |
| Ката Спасоева | Галаба Спасова |
| Марија Периќ | Нада Барбарејска |
| Горка Чепреганова | Љубица Панастова |
| Павлина Шалева | Олга Спасова |
| Вера Ефремова | |

---

82. Гласник на српската православна патријаршија, број 8-1о од април 1938 година, Белград, стр.26о

| Тенор | Бас |
|---|---|
| Васил Чолаков | Тодор Делибашев |
| Панче Стрмбов | Јаков Петренко |
| Донче Андонов | Киро Савев |
| Лазар Кокошкаров | Ѓошо Шалев |
| Трајчо Јанинков | Панче Димитријев |
| Јордан Сушев | Панче Димов |
| Блажо Дургутов | Трајко Керимичиски |
| Никола Чочев | Стево Тоалиски |
| Петре Чучков | |
| Киро Боранискй | |
| Јордан Ќусакатов | |
| Методи Љуботенски | |

Во Штип бил формиран и Тамбурашки оркестар "Напредок". "Спрема ракописот на Панче Зенделски; Културните, музичките и спортските активности во Штип"[83] овој оркестар го формирал наставникот по цртање Боро Вучковиќ. Друштвото навистина ги нема ни најелементарните услови потребни за неговата активност, дури ни простории за вежби и проби, но затоа имал членови ентузијасти кои своите проби ги одржувале во своите домови. Подоцна, членовите на ова друштво се собирале во една напуштена и руинирана куќа, (Јазовска) во која е оспособена една соба и таму ги одржувале своите проби. Овој оркестар свирел на одделни приредби и игранки. За одбележување е дека ова Друштво бргу се афирмирало пошироко и тоа не само во Штип, туку и пошироко, а свои концерти давало и во состав на Соколското друштво и во други градови на Југославија.

По извесно време се формирала и соколска Блех-музика. Во почетокот голема помош, стручна и организациска на овој вид музика давале воените музичари, кои и ја раководеле. Овдека би спомнале само некои членови на ова Блех-музика. Тоа се: Докузов

83. Културните, музичките и спортските активности во Штип во периодот од 1918-1941 година, Историски архив на град Штип



Црковниот хор "Брегалница" - 1938 година

Методи, кој свирел труба - грнчар по професија; пикало свирел Спасов Пецо - шофер; флејта Тодор Слепаски - службеник; кларинет Зарков Пенчо - шивач; чинелите ги удирал Икономов Коле - трговец; тапанар Митко Аџи Ѓорчев - службеник; на барабанот удирал Наков Киро - работник; тронбон Цицонков Васил - кондураџија и Коле Иванов - работник.

Оваа Блех-музика ги пратела сите соколски приредби и слетови како во градот и околијата, така и низ цела Југославија. Покрај овие две друштва постоеле и други помали состави. Така, на пример работничката младина секоја недела давала игранки во"Шпиталето"[84], понатаму во кафеаната "Пролет" и во училиштето "Св. Архангел". Нив ги организирале и раководеле надарени и талентирани момчиња примаши: Самарџиски Панче, Алексов Методи-Шантиќ, Делибашев Тодор и некои други.

---

84. Шпиталето била мала зграда со мал двор, која во минатото служела како дом за сиромаси, стари и изнемоштени луѓе, а при крајот на I светска војна бугарските офицери ја користеле како менза. Денес зградата не постои, а нејзиното место се наоѓа на аголот од улиците "Ванчо Прке" и "Гоце Делчев".

## Работата на киното во Штип помеѓу двете светски војни

Нова форма што внесува извесна разнообразност во културното живеење на граѓаните од Штип било и отворањето на првото кино во градот Штип. Иако податоците за почетокот на седмата уметност во Штип се многу сиромашни, бидејќи такви нема ниту во Историскиот архив на СРМ, ниту во филмската документација во Македонската кинотека, ниту Историскиот архив на град Штип, сепак со сигурност може да се тврди дека тие се врзани за 1920 година кога хотелијерот Сава Тодоровиќ испратил барање до Министерството за трговија и индустрија во кое моли да му се одобри отворање на кино сала во Штип. Во барањето Сава Тодоровиќ го моли Министерството да му се одобри во "Гранд" хотел да отвори кино сала за прожектирање на филмови со погон на нафта, и динамо машина, бидејќи во тоа време во Штип сеуште немало електрична струја. Министерството позитивно одговара на неговата молба "Бидејќи се исполнети сите претпоставки и законски одредби по член 32, 33, 34 од Законот за отворање на локали".[85] Што се однесува до репертоарот на кино претставите спрема податоците добиени од весникот "Брегалница" што излегувал во Штип, може да се констатира дека тоа најчесто биле филмови од жанрот на комедијата, а пред се филмови со Чарли Чаплин. Филмската активност, подоцна, ја продолжил Српскиот граѓанин Ѓорѓи кој продолжил со прикажување на филмо-

85. Министерство за трговија и индустрија V M 4868, 15 јули 192o година, Историски архив на град Штип

ви исто така во "Гранд" хотел. Граѓаните на Штип веќе свикнати на културно живеење и желни за духовно богатство, првите кино претстави ги примиле со големо одушевување. За нив ниту билетите за кои може да се каже дека небиле ефтини не претставувале пречка да се исполни до последно место кино салата на "Гранд" хотелот. Првата светилка во градот во 1927 година внесува голема радост меѓу граѓаните на Штип. Тоа се одразува позитивно и на филмската уметност во Штип. Сликите на платното стануваат многу посветли, а музичките ефекти многу појасни. Ова поттикнува уште поголем интерес на граѓаните од Штип кон филмската уметност. Спрема сеќавањата на еден од најстарите штипјани Никола Крупишки во тоа време артист во Штипскиот театар: "Штип доби електрична енергија преку електричната централа на индустријалецот Васил Пуздралиски во 1927 година и набргу во хотелот "Српски крал", а подоцна "Југословенска круна" на местото каде што денес се наоѓа хотелот "Астибо", започнаа да се прикажуваат филмови, гледачите седеа од 4-6 лица на маса. Тие полугласно ги читаа настаните во филмот, даваа толкување, понекогаш и дофрлуваа што предизвикуваше џагор и не баш пријатна атмосвера. По завршувањето на филмот продолжуваше со свирење постојаната кафанска музика, а гледачите мораа да порачат јадење и пиење. Ваквата атмосвера на кино претставите траела сѐ до 1939 година кога киното ќе се здобие со сопствена просторија отстапена од управата на Соколското друштво, кое се всели во новоизградениот Соколски дом. Овој момент се совпаѓа и со времето кога во Штип започнале да се прикажуваат и тонски кино претстави. Во ова време како сопственик на кино

салата се споменува Панче Димитриев. Киното во ова време било опремено и со нова и посовремена кино апаратура. Филмовите биле рекламирани преку плакати што ги пишувале и цртале ученици од гимназијата кои за тоа покажувале извесна смисла и афинитети. За тоа од кој жанр и со каква содржина филмови гледале штипјани покажува и самиот кино репертоар од кој еден дел ќе презентираме. Меѓудругото, штипјани имале можност да ги гледаат и следните филмови: Карневал во Венеција, Госпоѓицата Елза, Куќа на задоволството, Бродвејски мелодии, Драјфус, Синиот ангел, Љубовен валцер, Ана Кристи, Малата Лиза, Пикадили, Салто мортале, Збогум на оружјето, Лица со лузна, Жолти демони, Дама со камелии, Волга Волга и други. Исто така биле давани и филмови со тематика од американскиот Див Запад (вестерн) филмови, за тарзан, а најчесто бурлеските со Чарли Чаплин. Ваквата филмска атмосвера во градот не се изменила се до шестоаприлското бомбардирање на градот.

Прилог кон збогатувањето на културно-просветниот живот на граѓаните од Штип давале и некои други друштва од градот, само не со таков обем и не со таков интензитет. Меѓудругите поголема присутност меѓу граѓаните се издвојувале: Народниот универзитет, кој обично организирал актуелни предавања од најразличен карактер, а особено од областа на народното просветување и тоа не само во градот, туку и во селата. За одбележување е дека само во 1930 година Народниот универзитет

од Штип организирал 27 аналфабетски курсеви кој ги посетувале 853 ученика од 1о-25-годишна возраст. Оваа богата содржина на работа на Народниот универзитет честопати добивала место и признанија и во средствата за информирање и тоа не само во Македонија туку и пошироко.

Со сличен карактер на работа бил и Клубот на штипските студенти. Тој организирал најчесто стручни и научни предавања од обалста на стопанството и земјоделството, а потоа и актуелни политички книжевно-историски и забавно-музички карактер.

Градската библиотека со читалната исто така имале свој удел врз културно-просветното издигнување на градот. Читалната честопати била место за средби и разговори на напредните младинци, за средби и разговори на забранети теми. Во читалната се наоѓале дневните весници, шах и разни илустрации.

Во овој контекст би го спомнале и Клубот на пријателите на Франција, кој подоцна ќе прерасне во Друштво на пријателите на Франција. Друштвото е формирано 1935 година. Целта на Друштвото била да го негува традиционалното пријателство родено во тешките денови на Првата светска војна помеѓу Франција и југословенските народи и за ширење на интернационалистичките

погледи и сваќања. Друштвото постоело се до почетокот на новата војна. Традицијата на Друштвото штипјани и ден денес ја продолжуваат преку Друштвото на Македонија - оддел во Штип.

Конечно, за да се добие целосна претстава за културно-просветниот и забавниот живот во Штип и штипско помеѓу двете светски војни, треба да се спомнат и уште одделните гостувања на познати научници, уметници или друштва од Југославија. Доволно е да ги спомнеме само имињата на Синиша Станковиќ, Ловро Матачиќ или Јуре Ткалчиќ и други па да се види и значењето на овие гостувања пред граѓаните на Штип.

## Активноста на хуманитарните друштва: Коло на српските сестри и "Кнегиња Зорка"

Обновувањето на работата на хуманитарното друштво Коло на српските сестри во Штип било извршено на 7 јули 1925 година. Велиме обновување, а не формирање, бидејќи ова друштво постоело од порано, иако не се знае точно од кога, но до 07.06.1925 година не се евидентирани никакви активности поради што оваа дата се смета за роденден на Коло на српските сестри во Штип. Инаку, на обновата на Одборот присуствувале и членови на Главниот одбор од Белград, меѓу кои и потпретседателката г-ѓа Продanова, членот на Одборот г-ѓа Пешиќ и секретарката г-ца Тодоровиќ. Заедно со нив била и Анѓа Јеремиќ, претставник на Скопскиот одбор на Коло на српските сестри.

Во извештајот на Главниот одбор прочитан на Годишното собрание на Коло на српските сестри во Белград, се вели: "На многубројниот собир обновен е Одборот на Коло на српските сестри. Едногласно е избрана управата. За претседател на Одборот е избрана Марија Џуздерлијевиќ, мештанка, а за потпретседел Зора Ковачевиќ. Одборот главно го сочинуваат луѓе од градот. Сестрите од Штип со воодушевување ги поздравија гостите од Белград и Скопје. Потпретседателот на Главниот одбор го поздрави обновениот одбор и зборуваше за задачите на Колото и обврските на неговите членови. Одборот во Штип се конституира и ги вложува сите сили во полза на својот крај".[86]

---

86. Извештај на Главниот одбор на Коло насрпските сестри, Календар Вардар, 1926 година, Белград, стр.6

Разединувањата по многу прашања од програмските начела помеѓу членовите на друштвото, овозможило во почетокот да не се почувствува забележлива активност. Единствено се видливи напорите да се поправи и подготви за работа Женското занаетчиско училиште. Впрочем, во почетокот на учебната 1926 година започнала интензивна работа на Колото на српските сестри. Во извештајот до Главниот одбор на Коло на српските сестри во Белград, председателката на Штипското коло Марија Пузберлијевиќ пишува: "Во почетокот на училишната година друштвото започна да развива засилена активност. Женското занаетчиско училиште започна со работа на 26 септември 1925 година. До крајот на 1925 година беа запишани 53, а редовно го посетуваа 45 ученички. За работата на Колото е заинтересиран и самиот град и тоа брои околу 1оо члена. Бидејќи има многу деца, една наставничка не е во состојба да ја извршува работата, затоа го замоливме министерот на трговија и индустрија да ни одобрат уште една наставничка и при крајот на ноември 1925 година таа е и назначена. Зградата во која работи Женското занаетчиско училиште е многу мала, поради што на седницата од 15.10.1925 година е донесена одлука да се откупи зградата во која досега е сместена Монополската управа за 5о илјади динари, да се поправи и во неа да се сместат Женското занаетчиско училиште и Коло на српските сестри." [87]

За да се исплати домот бил испратен и апел до трговците, фабрикантите и банкарите да учествуваат со доброволни

87. Од извештајот на Коло на српските сестри 1924/25 година, Печатница на М.Кариќ, Белград, Кралев Трг 25, стр.1о1

прилози. Резултатите не изостанале. Набргу биле собрани 25 илјади динари. Во извештајот Марија Пуздерлијевиќ ги спомнува имињата на сите што испратиле помош, меѓу кои е Големиот жупан Добрица Матковиќ.

Коло на српските сестри имало хуманитарен карактер, иако од неговите активности тешко може да се дистанцираат демагошко-пропагандните обележја. Но, и покрај тоа, управникот на Одборот на Колото во својата програмска насоченост се раководел од хумани и добротворни поттици. Право за вакви размислувања ни даваат активностите на Колото за 1925/26 и неколкуте наредни години. Меѓу другото во овој временски период Одборот на Колото ги реализирал следните активности: била испратена ученичка во Вишата занаетчиска школа во Белград и сместена во интернатот на Главниот одбор, за Божиќните празници Одборот купил 1о капута, 1 роба и 12 пара чевли за сиромашните ученици. За болните во Воената и Градската болница било испратено повеќе храна и цигари, испратена помош на бегалците од Грција во Ѓевѓелија. Биле запишани 2о ученички на домаќински курс во Штип, помага при отворањето на Ќилимарското училиште во Штип, помага на културното издигнување на своите членови и така натаму. Коло на српските сестри во Штип организирало и словенски бал за кој биле обезбедени 35 костима од најразлични краеви и бил добиен чист приход од 7 ооо динари. Одборот на Колото на штипските сестри соработувал и со одборите на другите Кола од Југославија. Така, на пример, Одборот од Штип 1927 година испратил парична помош на одборите на Коло на српските сестри на Струмица, Дервента и Пеќ.

./.

За активноста на Штипските сестри пишувале и јавните гласила. Така, на пример, Белградска "Политика" под наслов Штипското коло на српските сестри облекло 45 ученика, пишува: "Оваа година Колото на српските сестри се потрудило за Велигден да облече 45 сиромашни ученика и деца. Ова кај родителите поттикнало голема радост и голема благодарност. Штипската општина покрај 2о чифта облека поделила на учениците од основните училишта и 2о пара кондури".[88]

За ваквата успешна работа хуманото друштво Коло на српските сестри во Штип добило повеќе признанија а лично кралот во форма на помош испратил 3 ооо динари.

За цело време на своето постоење, Коло на српските сестри во Штип развило пред сѐ хумани, културни и забавни акции, но, речиси, секогаш пропагандно, демагошки обоени.

За разлика од Коло на српските сестри хуманитарното друштво "Кнегиња Зорка" било формирано подоцна, а спрема формите и содржината на своите активности било, речиси исклучиво со хуманитарен карактер. Друштвото е формирано на 13 јануари 1929 година, а од самото основачко собрание е испратена и телеграма до кралот во која, иако во почетокот со возвишеност и дури реторички зборови упатени до кралот и семејството, се вели: "Со помош на Друштвото ќе работиме за човечноста и добрините на овие граѓани и ќе дадеме виден придонес на ова поле".[89]

---

88. Штипското коло на српските сестри облекло 45 ученици и деца, "Политика", број 8611, година 1932, Белград, стр.12
89. Друштво "Кнегиња Зорка" во Штип,"Политика", бр.7437, од 13. 01.1929 година, Београд, стр.5, Универзитетска библиотека "Климент Охридски"

./.

Во истиот број на "Политика" се наведени имињата на раководството и членовите на Управниот одбор. За претседател на Одборот била избрана Драга Марковиќ, а за потпретседател Даница Миликевиќ. Должноста секретарка на друштвото ја вршела Милунка Николиќ. Управниот одбор го сочинувале следните членови: Пандорка Стаменковиќ, Боса Миловановиќ, Љубица Стошиќ, Магдалена Каратасковиќ, Лепосава Павловиќ, Марија Чвориќ, Еленора Јоксимовиќ, Цвета Коларовиќ, Мара Дрмовиќ, Стојка Доневиќ, Вера Јорданцијевиќ.

Токму хуманитарниот карактер на Друштвото придонел тоа бргу да поттикне интерес кај граѓаните во Штип за што зборува и податокот дека негови членови, помагачи или почитатели биле и такви угледни луѓе како на пример Душан Марковиќ, командант на дивизијата и епископот Злетовско-струмички Венијамин. За илустрација каква била работата на друштвото "Кнегиња Зорка" ќе наведеме дел од содржината на неговите активности така пластично и хронолошки за повеќе години прикажани во извештајот на Главниот одбор на друштвото "Кнегиња Зорка", 1929-1933 година.[90] Само неколку месеци по основањето, за Ѓурѓовден на 06.05.1929 година. Друштвото собрало храна за 70 сиромашни луѓе и тоа по иницијатива на Јулијана Марковиќ која и лично собрала 500 динари со што ја зголемила радоста на овие сиромашни луѓе. Во летото истата година од материјалните средства на Друштвото се купени учила и намештај за Детското забавиште во градот, а со помош на војската од единицата на

---

90. Споменица, Друштво 1934 година "Кнегиња Зорка", Белград 1934 година, издадено штампарска радионица, министарства војска и морнарица

потполковникот Страљаковиќ е вграден орман и изработени закачалки. По иницијатива на "Кнегиња Зорка" Министерството за просвета одобрило во Штип да се отвори забавиште под покровителство на Главниот одбор. За учителка била поставена Евица Миковиќ, која во септември 1929 година започнала да работи. Набргу, Друштвото добило и свои општествени простории на чие отварање присуствувал и пратеникот на крал Александар I. Очигледно ова зборува дека "Кнегиња Зорка" стекнала афирмација и на поширок план. Следејќи ги активностите на ова Друштво може да се констатира дека тие најповеќе се насочени кон давање помош, најчесто парична, на сиромашни, болни или немошни лица или на помош од пошироко значење. Понекогаш се случувало, обично при одбележувањето на некои јубилеи, верски празник или дочек на нова година, активноста на Друштвото да има и забавен карактер, но и при овие случаи е собирана парична помош за потребите на "Кенгиња Зорка".

Од регистрираните активности изнесени во извештајот на Второто годишно собрание одржано на 15.02.1933 година, може да се констатира дека, за разлика од Коло на српските сестри во работата на "Кенгиња Зорка" забележлива е повеќе хуманитарна, а помалку пропагандна нагласеност. На ова годишно собрание избрана е нова управа со истата претседателка за чија работа се врзани најголемите достигања на Друштвото. Од тие причини Драга Марковиќ со акламација и е доверена должноста да раководи со "Кнегиња Зорка". За потпретседателки на пододборот биле избрани Кристина Петровиќ, Боса Милованo-

./.

виќ, за секретарки Надежда Ѓорѓичковиќ и Ратка Парнациевиќ, а за благајник Јагода Обрадовиќ. Надзорниот одбор го сочинувале: Кева Поповиќ - претседателка, Астазија Цидровиќ - секретарка, а членови: Олга Лешевиќ и Сидонија Мурвар. Одборот бил составен од следните членови: Стојка Пуздерлијевиќ, Вера Сосиќ, Слава Петровиќ, Ката Вујашевиќ, Вера Вујадиновиќ, Рајна Куковалијевиќ, Марија Смог, Рајна Тирнаниќ, Ката Петковиќ, Слободанка Шеќериновиќ и Милева Мариќ, Дара Дениќ, Љубица Јисиќ, Драгица Вукотиќ, Даринка Чујовиќ и Даница Чујовиќ.

Во иста насока и со иста содржина "Кнегиња Зорка" продолжила со својата интензивна работа и во наредните години, се до оној момент кога војната ставила крај на целокупното вообичаенот живеење на граѓаните од град Штип.

Од другите хуманитарни друштва кои оствариле позабележливи резултати биле и организација на Црвен крст и Друштвото на Трезвена младина. Организацијата на Црвениот крст, своите најголеми и најдобри резултати ги реализира во борбата против најраспространетата болест во тоа време во Штип и Штипско маларијата. На ова поле се постигнале и такви резултати што го привлекле вниманието дури и на светскиот Црвен крст. Така на пример: за сесрдното сестринско ангажирање и самопрегорност посебно во борбата против маларијата и укажувањето медицинска сестринска помош на немоќните, слабите, изнемоштените и болните жители на Штип и пошироко во

./.

Републиката Светската организација на Црвениот крст од Женева ги одликува со највисокото свое признание - Орденот "Флоренс Најтигал" медицинските сестри Славјанка Влахчева, Караѓозова и Цвета Хаџи Василева.

Друштвото за борба против алкохолот наречено Друштво на трезвената младина при Реалната гимназија во Штип. Во сите извештаи за работата на гимназијата во Штип, посебно е поентирана неговата работа, што сведочи за извонредно богатата активност на ова друштво.

- - -



Пододбор Друштва „Књегиње Зорке“ у Штипу

# КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИОТ И ЗАБАВНИОТ ЖИВОТ НА ЕВРЕЈСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО ШТИП ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Познато е дека, покрај Скопје и Битола, во периодот меѓу двете светски војни бројно еврејско население живеело и во Штип. Тие во градот имале своја еврејска општина, синагога, училиште и други институции. Во синагогата, која во отсуство на пишани документи спрема зборовите на постарите штипјани била изградена во 1936 година, покрај верските обреди, се одржувале и други собири и тоа најчесто со културно-просветен карактер.

Еврејското училиште пак, како образовна и воспитна институција во град Штип постоела повеќе години. Спрема податоците од Исак Сион[91] од чии труд главно се земени овие податоци, тоа не било училиште од современ тип, ниту со некоја верификација на признат ранг или степен на образование. И програмата што се реализирала во ова училиште овозможувала најелементарни познавања од писменоста, аритметиката и еврејската историја. Читањето и пишувањето исто така било на хебрејски и со хебрејски букви. Се изучувало читање и пишување и на хебрејско-шпански со прилагодени хебрејски букви. Ова училиште го посетув ле сите еврејски деца од 5-1о години. Наставата, главно, имала индивидуален карактер во зависност од возраста и можноста учениците да ја совладат. Во еврејс-

91. Исак Сион и Хаџи Леви: Доаѓање, живеење и депортирање на евреите од Штип, стр.9-13, необјавен текст приготвен за симпозиумот Штип и штипско во НОБ и Револуцијата 1941-1945 година

кото училиште работеле двајца учители и тоа со педагошка подготвеност, а ги финансирала еврејската општина.

Од материјалните можности на еврејската општина во градот, зависел целокупниот општествен, културен и забавен живот на еврејското население во град Штип. За овој богат духовен живот, можеби, најмногу придонесувал еврејскиот клуб кој постојано бил посетуван од Евреите во градот. Клубот бил претплатен, речиси, на целиот дневен печат, а ги добивал и сите списанија и публикации што излегувале на еврејски јазик.

Помеѓу другите културно просветни активности, посебно треба да се издвои работата на аматерската драмска секција на еврејските младинци, кои помеѓу 1925 и 1930 година во хотелот "Гранд" развиле интензивна драмска активност. Посебен интерес поттиканле драмските дела "Животот на Евреите во царска Русија" и "Животот на кралицата Естер". Последната драма го прикажувала животот на последната кралица од најстарата еврејска историја. Овие и другите драмски текстови биле изведувани на еврејско-шпански јазик. Речиси целокупната реализација на драмските изведби при оваа секција ја остварува Бесалел Симанте Асаел, кој истовремено и раководел со оваа драмска секција.

Тон на културниот живот во градот на еврејското население давал и хорот кој бил формиран во 1929 година и во кој членувале скоро сите еврејски младинци. Хорот со својот богат репертоар, заедно со драмската аматерска секција госту-

./.

вале и во други градови на Македонија каде што имало еврејско население како во Скопје и Битола. Во целокупната оваа општествена културно просветна забавна активност посебно треба да се одбележи работата на друштвото "Хашомер Хасаир" која опфаќала марксистичко ориентиранaта еврејска младина, друштво кое во 1937/38 година во својата содржинска насоченост организирала и агитирала за иселување на младите Евреи во Израел.

Од вкупно 8 ооо Евреи кои пред Втората светска војна живееле во Македонија, најмногу во Скопје и Битола, во Штип биле населени 14о семејства со околу 56о лица. За жал, и Евреите од Штип ја доживеале истата судбина како и другите Евреи од Европа над кои беше извршен геноцид од страна на Хитлеровската нацистичка идеологија. Во крематориумите на логорот во Треблинка најдоа смрт 7 132 Евреи од Македонија меѓу кои и 121 семејство со 535 лица од Штип.



Еврејскиот хор во Штип 1929 година

# ПОЈАВА И РАЗВИТОК НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ВО ШТИП И ШТИПСКО

## Соколско друштво

Зачетоците на физичката култура во Штип и Штипско временски се врзани на самиот крај од XIX и почетокот на XX век, особено при крајот на Турското ропство. Впрочем, поради Балканските војни и Првата светска војна не се забележани некои посебни активности. Спортските друштва во ова време биле формирани со одредени политички цели, од еден или друг поробител, преку чии форми ги реализирале своите пропагандистички и денационалистички стремежи кон македонскиот народ.

Од 1915-1918 година во Штип забележлива активност покажува организацијата "Јунак". Активноста на "Јунак" се одвивала во училиштата, поради што и членови на оваа организација биле ученици, а работничката младина не била застапена во оваа организација. Членовите на "Јунак" имале и посебна облека која означувала припадноста на членовите на "Јунак". Ова го потврдува и нивната песна која, спрема кажувањето на некои постари штипјани како Трајко Кошевалиски, Брашнаров, Панче Зенделски и некои други, гласи:

"Сини гашти, ка со мера
Алов појас, чорапи черни
Секој стар и млад е роден за
јунак
Ази сам најјунак, ази сам
најздрав."

./.

По Првата светска војна и создавањето на стара Југославија, престанала и активноста на друштвото "Јунак". Набргу по доаѓањето на Србите уште во 1919 година во Штип се формира гимнастичкото друштво "Соко". Целосниот наслов на ова друштво гласи:

Брегалничка жупа,
Вардарски сокол
Соколско друштво - Штип

Штипското друштво "Соко" било зачленето во Југословенски соколски савез.[92] Началник на Друштвото во овој период бил наставникот по фискултура во Штипската гимназија, чехословакот Алојз Соколовски. Гимнастичките активности во ова време се одвивале во Шпиталето. Друштвото набргу станало популарно и во него членувале од ден на ден сѐ повеќе деца и младинци. Вежбовните активности се сведувале на: прости вежби, вежби со справи, вежби на разбој, скокови и трчање.

Набргу, Штипското соколско друштво започнало да дава и јавни приредби пред граѓанството на Штип. Таков јавен настап членовите на Друштвото секоја година имале на Ѓурѓовден во месноста Каваклија, каде по традиција, граѓаните од Штип се собирале на овој празник на излет. Покрај многубројните веселби, овдека се изведувале и фискултурни вежби. Таков јавен настап е изведен во 1926 година со голем број членови на Друштвото. Во 1925 година, началникот на Друштвото Алојз Соколовски бил преместен за наставник во Учителската школа во Скопје, а

---

92. Кошевалиски Трајчо: Развој на физичката култура во Штип и Штипско, ракопис, стр.2

./.

на негово место бил назначен активен жандар по име Фрањо. "Тој имаше добар однос со членовите и беше добро примен од вежбачите на Друштвото. Исто така тој беше добар гимнастичар. Фрањо изврши самоубиство со револвер од љубовни побуди."[93] Континуитетот на растежот на гимнастичарското друштво во Штип, продолжува особено по доаѓањето за началник на Друштвото на Ганчо Пајтонџиев. Една од задачите што си ги поставил тој, била збогатувањето на Друштвото со справи. Тоа го потврдуваат и сеќавањата на Панче Зенделски кој вели: "Постепено се набавуваат справи за вежбање: вратило, разбој, карика, коњ, греда и други. Со набавувањето на справите расте интересот на младината за овој спорт." [94]

Во 1926 година во Офицерски дом гимнастичкото друштво извело забележлива академија со гимнастички вежби, и специјални академски точки. Во реализирањето на оваа академија забележлив успех постигнале преку изведувањето на својата точка машкото одделение во состав: Киро Савев, Тиљо Кошевалиски, Мишо Каранаков, Ратко Петровиќ, Симеон Грков, Никола Милев, Васил Авукатов и Панче Давчев. Со слични академски точки Соколското друштво од Штип во 1927 година настапува и во: Радовиш, Свети Николе и Кочани. Во 1928 година Штип го посетиле Мостарските соколи. Тие во градот одржале јавен час на кој присуствувале многубројни граѓани. Тие исто така во

---

93. Исто, стр.3
94. Панче Зенделски, Сеќавања "Културните, музичките и спортските активности во Штип во периодот од 1918-1941 година", Историски архив на град Штип, Фонд мемоарска граѓа

Офицерски дом изведе впечатлива академија со која мостарските гимнастичари ја воодушевиле штипската публика. Нема сомнение дека оваа посета уште повеќе го поттикнала интересот на штипјани кон соколството.

Во 1929 година Друштвото доживува уште поголема афирмација. За тоа најмногу допринесува извонредно талентираниот вежбач на справи Боро Лазиќ, ученик во гимназијата во Штип. Со своите атрактивни вежби, особено на вратило, тој ги воодушевувал гледачите. Скоро нема стар штипјанец кој не се сеќава на неговиот настап пред Жупанија и на академската точка "морнарици" изведена со весла спрема тврдењето на Трајчо Кошевалиски.

Пресврт во работата на Друштвото направил новиот началник Петар Живиќ од Винковци кој оваа должност ја презел есента 1929 година. Трајко Кошевалиски пишува: "Шаблонскиот начин на вежбање тој го заменува со систематско вежбање. Сите вежби исто се изведуваат било со справи, на справи или без справи. Веќе морале да се толкуваат и започнало да се применува Тиршовата терминологија. Покрај тоа, тој водел грижа за издигнување на стручниот кадар".[95] Раководители на одделенијата биле: Момко Ефтимов, Лазар Каламатијев, Трајко Кошевалиски, а на женските одделенија:Павлина Гичева и Нада Кескинова. Покрај тоа во 1929 година се воделе и нови дисциплини како што се: скок со стап, фрлање диск, фрлање копје и

95. Кошевалиски Трајчо: Развој на физичката култура во Штип и Штипско, стр.4

./.

сите видови скокови. Успесите на Соколското друштво биле истакнати и на Годишното собрание одржано во 1929.година. Ова Годишно собрание не останало незабележано и од поширокатa јавност, па дури и во јавните гласила. Така, на пример, белградска "Политика", пишува: "Штипското Соколско друштво од своето постоење работи активно на ширењето на соколските идеи, не само во Штип, туку, може да се каже и во целата Брегалничка област. Годишното собрание на Друштвото е одржано на 20 јануари 1929 година во 1о часот претпладне во Соколската дворана која црквата и ја отстапила бесплатно. Собранието го отвори Гвозден Матиќ, апотекар, претседател на Друштвото, кој оваа должност веќе ја врши неколку години. Во својот говор ја истакнал важноста на соколската младина, која подеднакво го шири братството и единството, љубовта и слогата".[96]

Во оваа година Штипските гимнастичари имале голема турнеја во повеќе градови на Југославија каде насекаде оставале силен впечаток. Од друга страна тие насекаде наидувале на срдечен и топол прием. Една таква топла средба на штипските гимнастичари им била приредена и во Крушевац. За овој настан "Политика" пишува: "На својата голема турнеја, денес во 11 часот претпладне, овде допатувале членовите на Штипското соколско друштво. На железничката станица им бил приреден срдечен дочек. Пред доаѓањето на штипските гимнастичари на железничката станица биле собрани членовите на Крушевачкото

96. Годишно собрание на Соколското друштво во Штип, "Политика" бр.7448 од 21.01.1929 г., стр.4, Национална библиотека "Климент Охридски", Скопје

соколско друштво, војната музика и многу народ. Кога пристигнал возот, одекнало громогласно "Здраво". По меѓусебното запознавање, воената музика го засвирела Соколскиот марш. По патот и низ улиците на Крушевац, граѓаните воодушевено ги поздравувале штипските гимнастичари."[97] На ова патување, штипските соколи го посетиле и Белград и Ваљево, каде исто така им бил приреден многу близок и топол прием.

За издигнување на квалитетот и содржината на работа во 193о година придонел курсот што се одржал во Скопје, кој траел 1 месец, а на кој зеле учество и повеќе членови од Штип. Предавачи на овој курс биле истакнати гимнастички работници и педагози како на пример Алојз Соколовски од Скопје, Рафаел Бан од Белград, Петар Живиќ од Штип, Петар Чолиќ од Мостар и други. За жал, дамка на овој интензивен растеж на гимнастичкото друштво во Штип стави големосрпската пропаганда која од Друштвото сакала да направи форма преку која ќе влијае врз однародувањето на македонскиот народ. Овдека треба да се спомне и активноста на познатиот големосрпски експонент Михајло Каламатијевиќ кој бескрупулозно настојувал во управата на Друштвото да внесе свои луѓе. Тоа најдобро се покажало на Годишното собрание на Друштвото во 193о година, на кое организирана група на Каламатијевиќ настојувала да го смени старешината на Друштвото Гвозден Матиќ, аптекар во Штип, а на негово место да го избере Никола Настов, кмет на општината. Откако членовите на Друштвото се спротивставиле на овој пред-

97. Штипските соколи во Крушевац, "Политика" бр.7625, од 04. 07.1929 година, Национална библиотека "Климент Охридски" Скопје

. / .

лог Собранието ја прекинало својата работа. Причината за сменувањето на Гвозден Матиќ, била исклучиво од политички карактер. Познато било дека Гвозден Матиќ, Сава Петровиќ, адвокат од Штип и Сава Тодоровиќ, хотелијер, биле политички противници на Каламатијевиќ и со своите политички убедувања припаѓале на Демократската странка. Сепак, на ова Годишно собрание за старешина бил избран Никола Настов, но затоа пак академијата која требало да се одржи во Офицерскиот дом не доживеала своја реализација. Впрочем, и покрај ова, активноста на Соколското друштво постојано растела. Оваа активност на Друштвото ја потврдуваат учествата на штипските гимнастичари на слетовите во Кочани, Куманово и Белград. Особено е видливо учеството на Првиот окружен слет во Куманово на кој првото место на вежбање на справи го освоил Данило Коцутиќ.

Во континуитетот на оваа интензивна работа, особено место зазема 1932 година, кога не само во Штип, туку и во цела Македонија, за првпат започнала да се игра кошарката. Најголемо значење за ширењето на новата спортска игра во Штип имале Трајко Кошевалиски и Лазар Каламатијевиќ. Првиот посетувал стручна школа во Птуј, а вториот бил испратен на сојузен курс воМарибор. Овој курс, спрема тврдењето на Трајко Кошевалиски, го посетувала и Павлина Гичева. Стручното оспособување и навлегувањето во тајните на кошаркашката игра од страна на овие гимнастичари, придонесе за многу краток период кошарката во Штип да доживее брз подем. Наскоро биле оспособени две екипи, чии прв настап бил на плоштадот на Штип, на местото на кое

./.

денес се наоѓа училиштето "Ванчо Прке". Новата игра со фудбал публиката ја примила со одушевување. Веќе вториот настап на штипските кошаркари бил одбележан и во јавните гласила. Така,на пример, во весникот "Вардар" од 7 септември 1933 година се вели: "Во недела на 27 август во Штип е одиграна братска утакмица "Баскет бал" помеѓу,"црвени" и "црни". За овој натпревар владееше големо интересирање. Резултатот е 10:12 во полза на "црвените". Судијата Трајко Кошевалиски беше одличен. Посетата многубројна".[98] Многу често штипските гимнастичари ги посетувале и околните села. Една таква посета ја нотирала и белградска "Политика". Таа во својот број 8603 од 1932 година пишува: "Денес во селото Дољани, Штипска околија е формирана селска соколска чета. На оваа свеченост присуствувале и соколите од Штип со својата музика. Тие извеле вежби на вратило. По завршувањето на вежбите бил приреден заеднички ручек".[99]

Од активностите на Соколското друштво за 1932/33 година, за одбележување се петнаесетдневниот курс за друштвата од Брегалничкиот округ на кој присуствувале гимнастичари од: Штип, Кочани, Берово и Жупскиот соколски слет одржан во Скопје од 3 до 5 јуни 1933 година, на кој штипските гимнастичари зеле учество во сите натпреварувачки дисциплини и постигнале завидливи резултати. Овој успех не остана незабележен и од печатот,

---

98. "Вардар" 07.09.1933 г., Скопје, страна 6, Национална библиотека "Климент Охридски"
99. Селска соколска чета во Дољани, "Политика" бр.8603 од 19.04.1932 година, стр.12, Градска библиотека "Гоце Делчев" Штип

1933 година



СКА ЖУПА СКОПЉЕ



Бр. 455/33

У В Е Р Е Њ Е

Брат-~~сестра~~ Никола Ђосић ....

рођен-а 28-I-1913 г. у ........................ члан-ица

соколског друштва Штип ...... похађао је ..

друштвени предњачки течај који је одржала сокол

ска жупа Скопље од 20 ...бра ... до 13 новембра

1933. године у Скопљу.

У течају се је владао примерно, а часове је

посећивао уредно ...

Скопље 12 децембра ... 1933. год.

Тајник, Начелник, Старешина,

а весникот "Вардар" од 22 јуни 1933 година дава и преглед за подемот на гимнастиката во Штип под наслов "Соколството во Штип" во кој меѓу другото пишува: "На Соколите во Штип им е приреден пречек на чело со соколската музика. Гимнастичарите беа поздравени од претседателот на Општината Трајко Хаџи Пецов, а благодарност за топлите зборови даде Михајло Михајловиќ, старешина на Друштвото, кој заедно со првакот на жупата Лазо Каламатијевиќ им беа предадени букет цвеќиња".

Какво задоволство претставувало учеството на овие слетови најдобро го потврдуваат зборовите на Никола Крупишки: "Може да се замисли каква радост владееше меѓу учесниците на Жупскиот соколски слет во Скопје кога некои и за првпат излегоа надвор од родниот град и кога за првпат се качувавме во воз. Некои дури и се чудеа како е можно возот да оди само по шини".

Овие успеси на Друштвото со воодушевување биле примени и од граѓаните на Штип. Поради тоа, не случајно, на 28 јануари 1934 година бил одржан состанок на граѓани од Штип, на кој била покрената иницијатива за изградување на Соколски дом. На овој состанок прв зборувал Михајло Кречковиќ, окружен инспектор кој спрема сеќавањата на Трајко Кошевалиски рекол: "За жал, е податокот дека во Штип како центар на Брегалничката област, од ослободувањето од 1918 година, па до денес не е изградена ниту една културно-просветна установа". Поради тоа тој апелира до граѓаните да го поддржат предлогот за изградба на Соколски дом. Какво значење имал овој собир најдобра потвда

./.

се личностите што присуствувале на него: Милан Николиќ, командант на Брегалничка дивизиска област; Велимир Пауновиќ, протојереј; Михајло Каламатијевиќ, пратеник; Крсто Љумовиќ, директор на гимназијата; Јордан Јевремовиќ, училиштен надзорник и други. На крајот бил направен и список на присутните кој ветиле доброволни прилози. За изградба на Домот биле отпечатени и специјални потврди со вредносно значење кои се продавале по 1 динар. Во оваа година ќе го спомнеме само уште учеството на Соколското друштво на Покраинскиот слет во Сараево на 27,28 и 29 јуни.

И во 1935 година продолжил интензитетот на активностите на Соколското друштво и тоа преку различни форми и содржини: академии, излети, слетови, курсеви и друго. Видливи се настојувањата и за омасовување на Друштвото. Така, на пример, спрема статистиката на крајот од 1935 година бројната состојба само на вежбачкото членство изнесувала: членови 27, младинци 37, младинки 14, машки деца 48, женски деца 52.

Штипските гимнастичари од 12-15 јули 1935 година учествувале на слетот во Софија. За одбележување е дека при враќањето од слетот се случил инцидент, бидејќи на некој од учесниците на слетот при враќањето им е пронајден пропаганден материјал во форма на брошури во кој се напаѓа српскиот режим.

За стручно оспособување на кадри биле организирани курсеви. Во оваа година од 1-16 септември таков курс посетувале Кескинова Нада и Маџарова Ружа, кој го завршиле со забележлив успех. Соколското друштво настојувало, а во тоа,се, чини, дека

./.

и успевало, да ја прошири својата активност и во околните села. Најголеми резултати постигнале друштвата, односно соколските чети како што ги викале во селата Карбинци и Дољани.

Најзначаен момент за штипските гимнастичари во оваа година е почетокот на изградбата на новиот Соколски дом. Иницијатива за изградба на домот дал генералот Бошко Тоскиќ. По негова иницијатива бил формиран одбор за изградба на Соколски дом. Денот на почетокот на изградбата на домот за штипјани бил вистински празник. Каква важност му се давала на овој настан најдобро зборува податокот дека при удирањето на темелите биле присутни: големиот жупан, Михаил Каламатијевиќ, Михајло Михајловиќ, адвокат, Панче Пуздерлијевиќ, познат трговец од Штип, Трајче Хаџи Петров, претседател на Општината на Штип и многу други. Сите овие личности воедно биле и членови на Иницијативниот одбор за изградба на Соколскиот дом. Изградбата на домот траела подолго време и неговото званично посветување се извршило на ден 28 август 1939 година.

Во наредните две години 1936/37 година во работата на гимнастичарското друштво не се забележуваат никакви карактеристични промени ниту некои повидливи постигнувања. Спрема сеќавањата на Трајко Кошевалиски, кој во оваа година бил началник на Соколското друштво во Кратово, каде бил на работа, бројната состојба на Соколското друштво во Штип во 1936 година била следната: членови на предњачкиот збор броел 11 машки и 3 женски од кои Павлина Гичева била со жупски испит, Лазо Каламатијев и Монко Ефтимов со друштвен испит и 11 приправника. Бројната состојба на вежбачите изнесувала: членови 26, членки 9, младинци



Поставување на кемен темелникот на новиот Соколски дом 1935 година

35, младинки 32, машки деца 51 и женски деца 33.

Началник на Друштвото во 1936 бил Тосков Ѓорѓи, а началничка Гичева Павлина.

Во 1937 година во Друштвото исто така немало промени во работата ни во бројната состојба. Единствено се забележува промена во Предњачкиот збор во кој место Тосков Ѓорѓи за началник бил назначен Каламатијев Лазо. Бројната состојба на членството е потполно иста. Главен белег на работата на Соколското друштво во 1938 година биле припремите и учеството на гимнастичарите на Десетиот сегимнастички слет одржан во почетокот на месец јули во 1938 година во Прага. На овој слет од Штипските гимнастичари учествувале: Лазар Каламатијев, Монко Ефтимов, Трајко Кошевалиски, Ѓорѓи Тосков, Петар Сарев, Методи Балванлиев, Киро Савев, Аспарух Гочев, Димитар Казанџиски, Илија Зипев. Од овој слет учесниците донеле незаборавни импресии, а пред сé гостопримството и љубезноста на кои наидувале на секој чекор. Сеќавајќи се на овој незаборавен настан, Трајчо Кошевалиски вели: "Со пристигнувањето во Чехословачка уште на границата бевме примени мошне срдечно. Веднаш бевме почестени со сендвичи и разни безалкохолни пијалоци. Во Прага пристигнавме на 01.07.1938 година во 6,40 часот, и на чело со музиката марширавме низ улиците на Прага бурно поздравувани од граѓаните сé до училиштето во кое бевме сместени. На јавниот настап, кој се одржа на 3 јули присуствуваше и претседателот на Републиката д-р Бенеш". Топлиот прием и гостољубивоста, како најтраен спомен од овој слет, ја истакнува и Киро Савев. Забележливи резултати, члeновите на Соколското друштво

